Институт
за
европска
политика.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕ 23

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2021 – СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕ 23

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2021 – СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕ 23

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2021 – СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА

Издавач:
Институт за европска политика – Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери

Авторки:
Ангела Делевска
Беба Жагар

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн и печатење:
Релатив

Скопје, декември 2022 година

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската унија. Содржината на овој извештај е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската унија.

# Содржина:


| | |
|---|---|
| **7** | **Вовед** |
| **9** | **Методологија** |
| **11** | **1. Правосудство** |
| 13 | Стратешки документи |
| 15 | Управувачки тела |
| 20 | Независност и непристрасност |
| 30 | Одговорност |
| 37 | Професионалност и надлежност |
| 43 | Квалитет на правда |
| 52 | Ефикасност |
| **61** | **2. Борба против корупцијата** |
| 64 | Институционална рамка |
| 64 | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| 66 | Јавно обвинителство |
| 72 | Правна рамка |
| **75** | **3. Фундаментални права** |
| 76 | Судската практика на Европскиот суд за човекови права |
| 78 | Народен правобранител |
| 80 | Тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување |
| 82 | Затвори и притвори |
| 85 | Заштита на лични податоци |
| 88 | Слобода на мисла, совест и религија |
| 89 | Слобода на изразување |
| 89 | Притисок врз новинари |
| 95 | Ранливи групи и начела на недискриминација |
| 95 | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 97 | Лица со попреченост |
| 103 | Род |
| 109 | Говор на омраза |
| 110 | Дела од омраза |
| 112 | ЛГБТИ+ |
| 114 | Роми |
| **119** | **Користена литература** |

# Список на кратенки:

| | |
|---|---|
| **АВМУ** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **АЗЛП** | Агенција за заштита на лични податоци |
| **АКМИС** | Автоматизиран информациски систем за управување со судските предмети |
| **АСПИ** | Агенција за заштита на право на слободен пристап до информации од јавен карактер |
| **АСЈО** | Академија за судии и јавни обвинители |
| **БИРН** | Балканска истражувачка репортерска мрежа |
| **ВСРСМ** | Врховен суд на Република Северна Македонија |
| **ГРЕКО** | Група држави против корупцијата |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ДИТ** | Државен инспекторат за труд |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ЕИГЕ** | Европски институт за родова еднаквост |
| **ЕЈТН** | Европска мрежа за обука на судии |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| **ЕПИ** | Институт за европска политика |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЕЦПР** | Европски центар за правата на Ромите |
| **ЗААМУ** | Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **ЗКП** | Закон за кривичната постапка |
| **ЗНМ** | Здружение на новинари на Македонија |
| **ЈОРСМ** | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| **КЗ** | Кривичен законик |
| **КПУ** | Казнено-поправна установа |
| **КСЗД** | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| **КСТ** | Европски комитет за спречување на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување |
| **ЛГБТИ** | Лезбиска, геј, бисексуална, транс и интерсексуална заедница |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МЗМП** | Македонско здружение на млади правници |
| **МРТ** | Македонска радио-телевизија |
| **МОН** | Министерство за образование |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **ОЈОГОКК** | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| **ПВР** | Проценка на влијание на регулативата |
| **ПИНА** | Платформа за истражувачко новинарство и анализи |
| **РМ** | Република Македонија |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **САД** | Соединети Американски Држави |
| **СВР** | Сектор за внатрешни работи |
| **СЕММ** | Совет за етика во медиумите во Македонија |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **СЕРЕЈ** | Европска комисија за ефикасност на правдата |
| **СЈО** | Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (Специјално јавно обвинителство) |
| **СЈОРСМ** | Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија |
| **Совет за ИКТ** | Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи |
| **ССНМ** | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| **ССРСМ** | Судски совет на Република Северна Македонија |
| **ТАИЕКС** | Техничка помош за размена на информации |
| **УФП** | Управа за финансиска полиција |
| **ХКЧП** | Хелсиншки комитет за човекови права |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |
| **ERA** | Академија за европско право |
| **SSR** | Центар за обука и правосудни студии на кралството Холандија |

# Вовед

Овој извештај во сенка ги обединува во единствена кохерентна целина сите наоди, заклучоци и препораки што произлегоа од следењето на областите содржани во Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права. Ова е седми ваков извештај што го објавува Институтот за европска политика – Скопје (ЕПИ), земајќи ги предвид коментарите и мислењата на невладините организации. Претходните шест извештаи ги покриваа следните периоди: октомври 2014 година – јули 2015 година,[1] јули 2015 година – април 2016 година,[2] мај 2016 година – јануари 2018 година,[3] јуни 2018 година – март 2019 година,[4] април 2019 – март 2020 година[5] и април 2020 – септември 2021 година.[6]

Нацрт-извештајот го опфаќа периодот од почетокот на октомври 2021 година, заклучно со крајот на септември 2022 година. Во извештајот се прикажани податоци што се релевантни и пред октомври 2021 година, доколку тие биле потребни за контекстуализација или за појаснување на новините од тековниот извештаен период, а кои се релевантни за извештајниот период. Периодот на опфат на извештајот соодветствува на извештајниот период на Европската комисија (ЕК) за Република Северна Македонија (РСМ). Овој нацрт-извештај ја следи структурата на Поглавјето 23, согласно извештајот на ЕК. На крајот на секоја област во рамка се издвоени препораките и главните заклучоци.

1 Неда Чаловска и др.,„Правосудството и темелните права во Република Македонија“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2015, <https://epi.org.mk/docs/Analiza_Mreza.pdf>.

2 Неда Чаловска, Воислав Стојановски и Александар Јовановски, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот од јули 2015 до април 2016 година“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2016, <https://epi.org.mk/docs/Izvestaj_mk.pdf>.

3 Велимир Деловски и др., „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот од мај 2016 до јануари 2018 година“, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 2018, <https://epi.org.mk/docs/Mreza23_izvestaj%20vo%20senka_2018.pdf>.

4 Ива Цоневска и др.,„Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2018 – март 2019 година“, 2019.

5 Ива Цоневска и Исмаил Камбери,„Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2019 – март 2020“, Институт за европска политика – Скопје, 2020, <https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/Izvestaj_vo_senka_2020.pdf>.

6 Ива Цоневска Вангелова и Исмаил Камбери,„Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот април 2020 – септември 2021“, Институт за европска политика – Скопје, 16 декември 2021, https://epi.org.mk/post/20027.

Во текот на извештајниот период државата ги почна пристапните преговори со Европската унија, по симнување на бугарската блокада и прифаќањето на „францускиот предлог“ со донесувањето на преговарачката рамка.[7] Последователно, на 27 септември 2022 година, во Брисел се одржа објаснувачкиот состанок за Поглавје 23 „Правосудство и темелни права“, со кој се заокружи објаснувачкиот скрининг за првиот кластер, „Темели“.[8] Билатералниот скрининг на Поглавјето 23 се одржа на први и втори декември 2022 година, кога Северна Македонија ги презентираше степенот на усогласеност со правото на ЕУ, институционалната поставеност за спроведување на усогласените закони, плановите за понатамошно усогласување, градењето на институционалните и административните капацитети, како и потребните човечки, финансиски и ИТ-ресурси за спроведување на европските стандарди. Во следниот период потребно ќе биде преземање на видливи активностите што ќе дадат мерливи резултати.

Овој извештај во сенка е изготвен во рамките на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“. Проектот е финансиран од Европската унија и има цел да помогне во креирањето на одржливи реформи за владеење на правото во насока на пристапувањето во Европската унија.

7 „Собранието ги изгласа заклучоците за францускиот предлог“, Deutsche Welle, 16 јули 2022, https://bit.ly/3hPIwbk.

8 „Маричиќ: 'Судските реформи се клучни за забрзување на евроинтеграциите'“, официјална интернет-страница на Секретаријатот за европски прашања, 27 септември 2022, https://www.sep.gov.mk/post/?id=13206#.Y7MsN3bMJPY.

# Методологија

При подготвувањето на овој извештај се примени методологијата за следење на областите што се фокус на работа на „Мрежа 23“ – Правосудство, борба против корупција и темелни права,[9] изработена во 2015 година и веќе применета на претходните извештаи. Таа вклучи истражување на официјалните извори на државните и правосудните институции, анализа на медиумското известување за одредени случувања во овие области во предметниот период, многубројни анализи и извештаи подготвени од граѓански организации, како и податоци добиени преку испратени барања за пристап до информации од јавен карактер.

За подготовка на овој извештај во сенка беа направени и консултации со граѓански организации, институции и експерти. Најнапред беа направени консултации за доставување на релевантни анализи, извештаи и истражувања поврзани со Поглавјето 23. Потоа, на 25 ноември 2022 година се одржа дискусија за извештајот, што овозможи да се добие значителен, суштински придонес на претставниците на релевантните државни, правосудни институции и граѓански организации во финализацијата на овој документ, со што нивните забелешки, видувања и коментари се вградени во овој извештај во сенка.

9 Наталија Шикова (уред.), „Методологија за мониторинг и евалуација на јавните политики од Поглавјето 23 – правосудство и фундаментални права од законодавството на Европската унија“ (Центар за управување со промени), <https://epi.org.mk/docs/Metodologija_mk.pdf>.



# 1. Правосудство

Во извештајниот период, имплементацијата на реформите во правосудниот сектор се интензивира согласно влегувањето на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 година во завршна фаза од нејзиното спроведување, како и почнувањето на пристапните приговори на земјата со ЕУ.

Покрај интензивната законодавна активност во минатите години, процесите на изработка и донесување на одредени законски решенија сè уште не се комплетирани во целост. Причините за ваквата состојба делумно можат да се припишат на пандемијата на КОВИД-19, која ги промени владините приоритети и ја забави динамиката на севкупните реформски процеси, меѓутоа значителна улога во одолжувањето одигра и самата природа на законите, која бара особено внимателен пристап при какви било измени и дополнувања. Дополнително, постапката за донесување на одредени законски решенија, донесени од Владата и доставени до Собранието, речиси целосно запре.

Поради недоволна соработка помеѓу ресорните министерства,[10] при измена на Законот за работни односи дојде до целосна дисторзија на човечките ресурси во правосудството, пензионирајќи голем дел судии и јавни обвинители, со што се влијаеше на ефикасното работење на правосудните институции. Од друга страна, постапувањето на правосудните институции во конкретни случаи од јавен интерес предизвикаа значителни негативни реакции помеѓу стручната и општата јавност, што негативно влијаеше врз довербата на граѓаните во реформските процеси и, генерално, во правосудството.

10 Министерството за труд и социјална политика и Министерството за правда.

# СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Во текот на извештајниот период, Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година влезе во петтата, последна година од планираниот период за нејзино спроведување. Следењето на имплементацијата на Стратегијата продолжи и во извештајниот период, преку Советот за имплементација на Стратегијата за реформи во правосудството, кој одржа две седници во декември 2021 година и во април 2022 година. Од вкупно 227 активности утврдени во Стратегијата, над 118 активности се реализирани во целост.[11] Ова особено се однесува на активностите со кои се предвидуваа измени на постојни или донесување нови закони (т.н. регулаторни мерки), кои се веќе спроведени или се во последните фази од нивното донесување. Сепак, дел од процесите на изработка и донесување на одредени законски решенија сè уште не се завршени[12] или, пак, се забележуваат предизвици при примена на оние што се веќе донесени.[13] Од друга страна, обврската за обезбедување на независен судски буџет во висина од износот предвиден со Законот за судски буџет сè уште е далеку од остварена, а не се направени ниту значителни активности за подобрувањето на состојбата со човечките ресурси, преку имплементацијата на Стратегијата на човечки ресурси за судската мрежа[14] и Стратегијата на човечки ресурси за јавнообвинителската мрежа,[15] што ќе има негативно влијание на капацитетите за реформи. Одредените активности што се однесуваат на обуки, усогласување на судската практика, кадровско и техничко доекипирање, континуирано се спроведуваат и тие ќе траат до крајот на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година.

Со изборот на новата влада[16] и назначувањето на нов министер за правда, беше најавено и изготвувањето на новата Стратегија за правосудниот сектор 2023-2027,[17] чија работна група ја имаше првата конститутивна седница на петти септември 2022 година.[18] Работната група се состои од 31 член и во неа членуваат претставници од академската заедница,[19] Министерството за правда, Министерството за финансии,

11 Министерство за правда, „Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", 2021, https://bit.ly/3Wil0mX.

12 Кривичен законик, Закон за кривичната постапка, Закон за парничната постапка, Закон за правда за децата итн.

13 Особено во однос на примената на одредени одредби од Законот за јавното обвинителство, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и Законот за бесплатната правна помош. Блупринт група за реформи во правосудство, „Втор полугодишен мониторинг бриф: Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година – период на следење: јануари 2022 – јуни 2022", Институт за европска политика – Скопје, 19 септември 2022, https://bit.ly/3NnEySR.

14 „Стратегија на човечки ресурси за судската мрежа", септември 2020, https://bit.ly/3trhzNE.

15 „Стратегија на човечки ресурси за јавнообвинителската мрежа", октомври 2020, https://bit.ly/3GcekBs.

16 „Собранието ја избра новата Влада, Ковачевски е премиер", Радио Слободна Европа, 16 јануари 2022, https://bit.ly/3x6vFqR.

17 „Нова Стратегија за правосудството 2023-2027 најавил Тупанчески на средба со Гир", 360 степени, 9 февруари 2022, https://bit.ly/36VQg6D.

18 „Конститутивен состанок на работната група за изработка на новата судска стратегија 2023-2027 година", официјална фејсбук-страница на Министерството за правда на Република Северна Македонија, 5 септември 2022 година, https://bit.ly/3gYogUg.

19 Поточно Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Правниот факултет при државниот универзитет во Тетово.

Секретаријатот за европски прашања (СЕП), Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО), кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, судската и јавнообвинителската фела,[20] претставници од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, претставници од релевантните комори,[21] како и претставници од граѓанските организации што се дел од Блупринт групата за реформи во правосудството.[22] Дополнително, со цел поефикасно изготвување на Стратегијата, составот на работната група е поделен на подгрупи по три главни фокус-области, и тоа правосудни органи и е-правда, пристап до правда и правна рамка.[23] Иако е потребно навремено донесување на новата стратегија, потребно е и реално согледување на фактичката состојба во правосудството и досегашната имплементација на постојната стратегија, како и надминување на пречките што придонесуваат за доцнење на активностите предвидени во неа, а сѐ со цел предлагање на соодветни идни насоки и мерки.

***Со влегувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година во петтата, последна година од планираниот период за нејзино спроведување, најголемиот број на реализирани активности се оние со кои се предвиде измена на постојни или донесување нови закони (т.н. регулаторни мерки). Сепак, дел од процесите на изработка и донесување на одредени законски решенија сѐ уште не се завршени или, пак, се забележуваат предизвици при примена на оние што се веќе донесени. Обврската за обезбедување на независен судски буџет во висина од износот предвиден со Законот за судски буџет сѐ уште е далеку од остварена, а не се направени ниту значителни активности за подобрувањето на состојбата со човечките ресурси. Поради тоа, иако е потребно навремено донесување на новата Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2023-2027, потребно е и реално согледување на фактичката состојба во правосудството и досегашната имплементација на постојната стратегија, како и надминување на пречките што придонесуваат за доцнење на активностите предвидени во неа, а сѐ со цел предлагање на соодветни идни насоки и мерки.***

20 Членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, Здружението на судиите на Република Северна Македонија, Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Здружението на судска администрација на Република Северна Македонија, Судскиот буџетски совет.

21 Адвокатската комора на Република Северна Македонија, Нотарската комора на Република Северна Македонија, Комората на извршители на Република Северна Македонија и Комората на медијатори на Република Северна Македонија.

22 Министерство за правда, Сектор за правосудство, „Решение за формирање на работна група за подготовка на Стратегија за правосудниот сектор со Акциски план за 2023-2027 година“, 25 јули 2022, необјавено.

23 Министерство за правда, „Записник од првата конститутивна средба на работната група за Стратегијата за правосуден сектор со акциски план за 2023-2027“, 12 септември 2022.

# УПРАВУВАЧКИ ТЕЛА

Со цел унапредување на независноста и непристрасноста на правосудниот систем, во изминатиот период (2019-2020) како мерки за имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор[24] се донесоа нов Закон за Судски совет[25] и Закон за изменување и дополнување на Законот за совет на јавни обвинители.[26]

Во однос на имплементацијата на Законот за Судски совет за избор на членови на советот,[27] во текот на извештајниот период по првпат по многубројните препораки е дадена можност судиите директно да можат да поднесат барање за поведување постапка за дисциплинска одговорност на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија (ССРСМ) кој го избрале.[28] Вакво барање можат да поднесат најмалку 20 судии или секој член на Судскиот совет, со право на глас.[29] Меѓутоа, во законот, во одделни одредби не се предвидени рокови, што остава простор за можни коруптивни практики, влијание врз членовите на ССРСМ или, пак, појава на судир на интереси, спротивно на законските одредби.[30] Такви правни празнини се лоцирани во член 32, кој се однесува на привременото оддалечување од вршењето на функцијата член на ССРСМ, како и во член 35, во однос на поднесувањето барање за поведување на дисциплинска постапка за член на Советот.[31] Досега нема поднесено барање за поведување постапка за дисциплинска одговорност на член на Судскиот совет.

Согласно заложбите на Владата за борбата против корупцијата и донесувањето на Националната стратегија за спречувањето на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година од страна на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК),[32] ССРСМ на седми септември 2022 година ги донесе Програмата и Акцискиот план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025.[33] Програмата и Акцискиот план имаат цел намалување на корупцијата, подобрување на интегритетот на судиите, транспарентноста и отчетноста, а со тоа обезбедување на повисока доверба кај јавноста во судскиот систем.[34] Во програмата, ССРСМ ги има прикажано сите слабости на правосудството што со години се провлекуваат во

24 „Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 со Акциски план" (n 18).
25 „Закон за Судски совет на Република Северна Македонија", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019.
26 „Закон за изменување и дополнување на Законот за советот на јавни обвинители", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/2020.
27 Закон за Судски совет на Република Северна Македонија, член 34 и 35.
28 Институт за човекови права Скопје, „Извештај од следењето на работата на Судскиот совет: јануари-јуни 2022 година", 2022, https://bit.ly/3liMvYV.
29 Закон за Судски совет на Република Северна Македонија.
30 Исто.
31 Исто.
32 Државна комисија за спречување на корупција, „Национална стратегија за спречувањето на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година", 2020, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf.
33 Судски совет на Република Северна Македонија, „Програма и Акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025", 7 септември 2022, https://bit.ly/3DNooPw.
34 Исто.

државата, како градењето на непрофесионални спреги помеѓу јавни обвинители, судии и адвокати и злоупотреба на системот АКМИС преку субјективно распределување предмети од страна на раководните лица. Меѓутоа, во Акцискиот план тие се повеќе наведени како констатации, без наведување активности што би се презеле за надминување на состојбите, ниту, пак, се наведени индикатори за мерење на резултатите.[35] За таа цел, потребно е Програмата и Акцискиот план дополнително да се разработат со цел прецизно да се утврдат активностите, временската рамка во која се планира да се реализираат тие, како и да се утврди степенот на ризик.[36] Дополнително, преку ревидирање на Програмата и Акцискиот план, потребно е да се таргетираат и членовите на ССРСМ, кои согласно сегашната програма се изземени.[37]

Откако во Собранието не поминаа амандманите со кои требаше да им се пролонгира работниот ангажман на судиите и јавните обвинители за уште три години,[38] ССРСМ на седницата одржана на први јули 2022 година пензионираше 42 судии кои ги исполнуваа условите за старосна пензија, а кои го имаа продолжено мандатот врз основа на претходната законска можност.[39] Согласно ова, се отвори прашањето за мандатот на судиите, членови на ССРСМ. Имено, во Законот за Судски совет нема одредба за оваа состојба, но од друга страна член на ССРСМ од редот на судиите може да биде само активен судија, согласно што во јули 2022 година се пензионираа два члена,[40] а во август 2022 година се пензионираше уште еден член.[41] Последователно, се распиша оглас за избор на членови од редот на судиите од изборните едници: Врховен суд на Република Северна Македонија, Апелациско подрачје Скопје и управните судови и Апелациско подрачје Гостивар.[42] По формирање на Комисијата за спроведување на изборот[43] и изготвување на кандидатски списоци за избор на членови,[44] на 14

35 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

36 Исто.

37 Исто.

38 „Прекината седницата за продолжување на работниот ангажман на судии и обвинители“, Медиумска информативна агенција – МИА, 29 јуни 2022, https://bit.ly/3NYBqgE.

39 „Соопштение од 407-та седница на Судскиот совет на РСМ – 01.07.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3zs1070.

40 Се пензионираа членови на Судскиот совет од редот на судиите – Киро Здравев од Врховен суд на Република Северна Македонија и Зоран Теофиловски од Апелацискиот суд Гостивар.

41 Се пензионираше членот на Судски совет од редот на судиите – судијката Гордана Спиревска од Основниот кривичен суд Скопје. „Соопштение од 411-та седница на Судскиот совет на РСМ – 09.08.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3Ud3puM.

42 „Оглас за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 163/2022.

43 Комисијата за спроведување на изборите беше избрана по пат на ждрепка и тоа: еден судија од Врховен суд на РСМ, еден судија од Апелациониот суд Скопје и еден претставник од граѓанскиот сектор. „Соопштение од 413-та седница на Судскиот совет на РСМ – 24.08.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3U8Chx9.

44 „Кандидатски листи за избор на членови на Советот од редот на судиите“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 11 август 2022, https://bit.ly/3TPKwOJ.

септември 2022 година се избраа новите три члена на ССРСМ.[45] Целата постапка беше транспарентна и броењето на гласовите за избор на членовите по првпат беше јавно прикажано.[46] Сепак, зачудува фактот што мал број судии имаа поднесено кандидатура за член на ССРСМ. Односно, за изборното подрачје Врховен суд на Република Северна Македонија и Апелациско подрачје Скопје и управните судови се пријавил само по еден кандидат, што значи дека судиите немале можност да одбираат, туку единствената опција за избор бил само кандидатот што се пријавил.[47] Од минатогодишната анализа на Коалицијата „Сите за правично судење"[48] од спроведените интервјуа со судии е констатирано дека ССРСМ не ужива високо мислење за својата работа од страна на судиите. Поточно, поголемиот дел од интервјуираните судии сметаат дека ССРСМ нема доволен легитимитет и кредибилитет за да го спроведува оценувањето на судиите. Понатаму, неколкумина од судиите ја истакнуваат својата загриженост и за квалитетот и знаењето што го поседуваат членовите на ССРСМ, квалитетот на донесените одлуки за избор на судии во повисок суд кои не се доволно образложени, како и начинот на кој се разрешуваат судиите. Меѓутоа, ако се земат предвид овие перцепции на судиите, се поставува прашањето зошто тие не реагираат и не преземат чекори, на пример да се кандидираат за член на ССРСМ, со цел да имаат можност да направат некоја промена и да ја унапредат работата на советот, како и да ја подобрат ситуацијата за сите судии на територијата на целата држава.[49]

Како резултат на бурните реакции од страна на стручната јавност, предизвикани од донесувањето на Етичкиот кодекс на јавните обвинители во мај 2021 година,[50] од кои беше потенцирано дека одредени одредби од кодексот можат да придонесат кон затвореност на Јавното обвинителство и дека тие се спротивни на Законот за јавно обвинителство и на напорите за транспарентност,[51] во декември 2021 година беше организирана средба со јавните обвинители и Здружението на јавни обвинители на

45 „Соопштение за јавноста за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 15 септември 2022, https://bit.ly/3fiHH9Y.

46 Овие избори беа први избори на кои се снимаше броењето на гласачките ливчиња и тоа е објавено на интернет-страницата на Судскиот совет што е од особена важност за подобрување на транспарентноста на работењето на Судскиот совет за вакви важни прашања. „Броење на гласови за изборот на членови на Судски совет од редот на судиите", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 16 септември 2022, https://bit.ly/3gZ1bB6.

47 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година", Коалиција „Сите за правично судење", 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

48 Натали Петровска и Дарко Аврамовски, „Влијание на мерит-системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија", Коалиција „Сите за правично судење", 2021, <https://bit.ly/3Yn1qaa>.

49 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година", Коалиција „Сите за правично судење", 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

50 Совет на јавни обвинители, „Етички кодекс на јавните обвинители во Република Северна Македонија", 20 мај 2021, https://bit.ly/3Ga4786.

51 Особено реакции во јавноста предизвикаа одредбите од кодексот според кои „Јавните обвинители се должни да се воздржуваат од давање изјави во јавност или приватно со кои би можеле да предизвикаат сомнеж во нивната непристрасност, а посебно не треба да даваат коментари за предметите во кои постапуваат или би можеле да постапуваат" и „Јавните обвинители кога ќе примат од повисокиот јавен обвинител упатства за постапување во одредени предмети, ќе се воздржат за тоа да даваат известувања или коментари на други". Според дел од стручната јавност, ова е спротивно на член 3 од Законот за јавно обвинителство, „(1) Јавното обвинителство се организира според начелата на хиерархија и субординација. (2) Јавното обвинителство е самостоен државен орган. (3) Почитувањето на начелата од став (1) на овој член не смее да ја загрози самостојноста и одговорноста на секој јавен обвинител во вршењето на функцијата". Реакции имаше и за одредбата од етичкиот кодекс според која „Јавните обвинители нема да ги коментираат во јавноста одлуките донесени од СЈОРСМ".

која беше утврдено дека треба да се направи ревизија на кодексот.[52] Дополнително, на средбата се утврди дека кодексот треба да се усогласи и со важечките основни начела, националното законодавство и меѓународните стандарди, како што се Европските насоки за етика и однесување на јавните обвинители („Насоки од Будимпешта“) од 2005 година (CPGE).[53] Сепак, кодексот сè уште е незаменет.

Во текот на извештајниот период, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија (СЈОРСМ) констатираше престанок на мандат на тројца членови на Советот.[54] Во однос на ова прашање беа распишани избори за избор на еден член на Советот од редовите на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија,[55] како и избор на два члена на Советот, кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија.[56] Согласно првиот избор, Советот избра член на Советот од изборно место број 5 (Републичкото јавно обвинителство), чиј мандат почна на први март 2022 година, со што сегашниот состав на Советот работи со два члена помалку, односно тој работи во состав од девет члена, наместо законски предвидени 11 члена. Местата на членовите чии мандати им беа завршени во март и август 2022 година сè уште не се пополнети.[57]

СЈОРСМ во 2021 година, по првпат од неговото конституирање во 2008 година, се финансира од сопствен буџет.[58] Советот до 2021 година се финансираше како дел од буџетската програма на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Согласно тоа, во извештајниот период на своите седници, Советот ги разгледуваше и предлог-проекциите за буџетот на СЈОРСМ за 2022 година.[59] Меѓутоа, продолжи нетранспарентното објавување на буџетот на СЈОРСМ, каде што не беше прикачен на интернет-страницата на СЈОРСМ.[60]

---

52 „Ревизија на Етичкиот кодекс на јавните обвинители“, официјална интернет-страница на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје, 21 декември 2021, https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/revision-of-the-code-of-ethics-for-public-prosecutors.

53 „Европски насоки за етика и однесување за јавните обвинители, 'Насоки од Будимпешта' (European Guidelines on Ethics and Conduct for Public Prosecutors 'The Budapest Guidelines')“ (Совет на Европа, 2005), https://rm.coe.int/conference-of-prosecutors-general-of-europe-6th-session-organised-by-t/16807204b5.

54 Во февруари 2022 година му беше констатиран престанок на мандатот како член на советот на Ацо Колевски. Во март 2022 година му беше констатиран престанок на мандатот како член на советот на Ангел Солев, а во август му беше констатиран престанок на мандатот како член на советот на Љупчо Ивановски. Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Коалиција „Сите за правично судење“.

55 „Оглас за избор на еден член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија од редот на јавните обвинители на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија со изборно место бр. 5“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 18/2022.

56 „Оглас за избор на еден член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија што го избира Собранието на Република Северна Македонија“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 154/2022.

57 Придонес кон Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022 од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“.

58 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија за 2021 година“, јануари 2022, https://bit.ly/3DGHDcu.

59 Исто.

60 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

*Согласно имплементацијата на Законот за Судски совет во однос на изборот на членови на Советот по првпат по многубројните препораки се даде можност судиите директно да можат да поднесат барање за поведување постапка за дисциплинска одговорност на член на советот кој го избрале. Меѓутоа, во законот, во одделни одредби не се предвидени рокови, што остава простор за можни коруптивни практики, влијание врз членовите на ССРСМ или, пак, појава на судир на интереси, спротивно на законските одредби.*

*Судскиот совет ја донесе Програмата и Акцискиот план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025, која има цел намалување на корупцијата, подобрување на интегритетот на судиите, транспарентноста и отчетноста, а со тоа обезбедување на повисока доверба кај јавноста во судскиот систем. Меѓутоа, потребно е Програмата и Акцискиот план дополнително да се разработат со цел прецизно да се утврдат активностите што треба да се преземат согласно утврдените констатации, временската рамка во која се планира тие да се реализираат, како и да се утврди степенот на ризик. Дополнително, преку ревидирање на Програмата и Акцискиот план, потребно е да се внимава и на однесувањето на членовите на Судскиот совет и нивно почитување на обврските определени со закон. Во спротивен случај, се поткопува целосното планирање и реализирање на програмата што има токму цел борба против корупцијата.*

*Слабата заинтересираност кај судиите за поднесување кандидатура за членови на Судскиот совет ја укажува потребата за преземање на конкретни активности од страна на надлежните институции за поттикнување на судиите да се кандидираат за членови на Судскиот совет, со цел да се изберат најквалитетните и најстручните судии кои понатаму ќе придонесат во работата на Судскиот совет.*

*Видно е дека Етичкиот кодекс на јавните обвинители содржи одредени одредби што се во директна колизија со начелата на транспарентност, особено во поглед на ускратување на можноста на јавните обвинители да ги коментираат одлуките на Советот на јавни обвинители, како и да даваат изјави во јавноста за предметите по кои постапуваат. Коментирањето на одлуките може да води само кон унапредување на квалитетот на донесените одлуки, со оглед на тоа што органот кој ги носи ќе треба детално да ги образложи причините поради кои токму таква одлука е донесена. Сето тоа придонесува кон зголемување на транспарентноста и отчетноста при работењето на Советот на јавните обвинители. Токму поради тоа, неопходно е да се преземат конкретни активности за измена Етичкиот кодекс во најкраток можен период.*

# НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ

Правната рамка, како гаранција за независноста на судството, е добро поставена и целосно спроведена,[61] освен во делот на финансиската независност на судскиот буџет. Сепак, и покрај воспоставената правна рамка, што, заедно со Уставот на РСМ, ја гарантираат независноста на судството и начелото на поделба на власта, довербата на граѓаните во судството сè уште е на незадоволително ниво, што покажува и последното истражување од Балканскиот барометар, каде што Северна Македонија, во споредба со претходната година, бележи зголемување на недовербата за 3%.[62] Клучна улога во јакнење на довербата на граѓаните во судството имаат законодавната власт, извршната власт, медиумите и ССРСМ, преку поттикнувањето на транспарентноста на судските постапки, спроведувањето на пресудите, а со тоа и одржувањето на јавната доверба во независноста и непристрасноста на судството.[63] Во оваа насока, ССРСМ треба да продолжи со практиката за бранење и унапредување на судската независност нотирана и во претходните извештаи во сенка.[64]

Унапредување на транспарентноста останува предизвик и за двата совета. ССРСМ бележи континуитет во задоволување на основните услови за јавно и транспарентно работење на своите седници, што значи дека на официјалната интернет-страница на Советот навремено се објавуваат соопштенијата за закажаните седниците, а редовно се објавуваат и соопштенија за донесените одлуки по завршувањето на седниците.[65] Законската обврска за објавување на записниците од седниците се почитува и записниците, кои се детални, се објавуваат по нивното донесување.[66] Сепак, постои застој од околу еден месец од денот на одржување на седниците до нивното објавување на интернет-страницата. Ова можеби се должи на тоа што записниците бавно се донесуваат со оглед на тоа што во нив честопати има грешки во пишувањето, па членовите на ССРСМ бараат да се изврши исправка сè со цел

61 Дел од активностите и мерките утврдени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година што се однесуваат на независноста и непристрасноста се спроведени со донесувањето на третиот сет измени на Законот за судовите и новиот Закон за Судски совет. Во насока на зголемување на независноста на правосудството се и Законот за јавно обвинителство и Законот за изменување и дополнување на Законот за Совет на јавни обвинители. Со третиот сет измени на Законот за судовите и новиот Закон за Судски совет особено се придонесе кон имплементација на препораките на експертската група предводена од Прибе и препораките дадени од Венецијанската комисија.

62 АЦИТ Центар и ЕПИК Институт, „Балкански барометар – Аналитички извештај за јавното мислење 2022 година (BALKAN BAROMETER – 2022 Public Opinion Analytical report)", јуни 2022, https://www.rcc.int/balkanbarometer/publications.

63 Леди Бјанку [Ledi Bianku] и Хана Смит [Hannah Smith], „Независност и непристрасност на судството – преглед на релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права", 2021, <https://www.rolplatform.org/wp-content/uploads/2021/09/independence-and-impartiality-of-judiciary-mkd.pdf>.

64 Цоневска Вангелова и Камбери, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот април 2020-септември 2021", Институт за европска политика – Скопје, 16 декември 2021, https://bit.ly/3IfN3ir; Ива Цоневска и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот април 2019 – март 2020 година", Институт за европска политика – Скопје, 26 мај 2020, https://epi.org.mk/post/14897.

65 Институт за човекови права Скопје, „Извештај од следењето на работата на Судскиот совет: јануари-јуни 2022 година", https://bit.ly/3IiMvYV.

66 Исто.

да не се протолкува погрешно нивната изјава.[67] Понатаму, може да се забележи дека се објавуваат и други информации поврзани со состаноци и средби на кои присуствуваат претседателката и членовите на Советот, како и годишните извештаи за работата на Советот.[68] Дополнително, се бележи и зголемена активност на ССРСМ во насока на зголемување на транспарентноста на судовите за доследно спроведување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[69] и остварувањето на правото на граѓаните за слободен пристап до информации. Во оваа насока, ССРСМ и Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (АСПИ) во мај 2022 година потпишаа меморандум за соработка.[70] АСПИ во следниот период ќе спроведе следење на интернет-страниците на судовите во врска со почитување на член 10 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, а потоа ќе подготви анализа.[71]

Она што останува како предизвик се просторно-техничките капацитети со кои располагаат ССРСМ и судовите во целина, кои не овозможуваат секогаш присуство на заинтересирани припадници на јавноста и медиумите. Исто така, потребна е и поголема примена на аудиовизуелни и тонски снимања на седниците и судењата, кои, иако се законска обврска, во практиката не се применуваа доследно и редовно. Дополнително, претседателката на ССРСМ не иницира прес-конференции и средби со медиумите кога има важни прашања што се во надлежност на органот, а кои се во интерес на јавноста.[72] Продолжува и несоодветната практика на одржување колегиум зад затворени врати на членовите на ССРСМ непосредно пред почнувањето на седниците,[73] особено за клучни прашања за што реагираат и неколку члена од Советот.[74] Воедно, забележано е и дека, некогаш, на седницата, кога настанува расправија помеѓу членовите по одредено прашање се дава пауза од 10 или 15 минути, а за тоа време јавноста ја напушта просторијата каде што се одржува седницата, а членовите продолжуваат да дебатираат зад затворени врати, што остава впечаток дека Советот ги крие своите ставови и мислења од јавноста.[75] Затоа, потребно е

67 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

68 Исто.

69 „Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019.

70 „Потпишан меморандум за зголемување на транспарентноста на судовите“, Академик, 18 мај 2022, https://akademik.mk/potpishan-memorandum-za-zgolemuvane-na-transparentnosta-na-sudovite/.

71 Исто.

72 Можат да се забележат изјави или интервјуа на претседателката, само за поединечни актуелни настани, како презентирање на извештајот за работа на ССРСМ за 2021 година. Види повеќе во Институт за човекови права Скопје, „Извештај од следењето на работата на Судскиот совет: јануари-јуни 2022 година“.

73 Опцијата за одржување на работни состаноци (колегиуми) беше овозможена уште со Деловникот за работа на Судскиот совет од 2015 година, каде што беше предвидено во член 15 дека претседателот на Советот може да свикува и да одржува колегиуми секогаш кога ќе оцени дека има потреба за тоа. Во Деловникот што е моментално е во сила, таа одредба е пресликана во член 19. Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“.

74 Институт за човекови права Скопје, „Извештај од следењето на работата на Судскиот совет: јануари-јуни 2022 година“, https://bit.ly/3IiMvYV.

75 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

членовите на ССРСМ да дебатираат на седниците, да го искажуваат своето мислење за секој предлог, бидејќи на овој начин се подобрува мислењето на јавноста за работата на ССРСМ и се зголемува степенот на контрола.[76]

Позитивен тренд во подобрување на транспарентноста на судството и зголемување на довербата кај граѓаните е основањето на Советот за отворено судство,[77] што треба да послужи и како механизам за подобрување на статусот на судството преку целосно почитување на начелото на независност во сите облици – институционална, функционална и финансиска.[78] Во Советот за отворено судство членуваат по еден претставник од сите судски инстанции и претставници на ССРСМ, Академијата за судии и јавни обвинители, како и претставници од шест здруженија на граѓани.[79]

Во поглед на транспарентноста на работата на СЈОРСМ, може да се констатира дека седниците се отворени за јавноста и на нив може да се присуствува на сите точки, освен на оние на кои е исклучена јавноста согласно законот.[80] На седниците, членовите постојано влегуваат во дискусија и ги искажуваат своите ставови за одредени прашања, дури и кога се спротивни од преостанатите членови на Советот.[81] Сето тоа придонесува кон развивање на конструктивна дебата од која јавноста навистина може да се запознае со состојбата во јавните обвинителства. Што се однесува до објавувањето на интернет-страница, СЈОРСМ објавува датуми за одржување на седниците, но неколкупати датумот за седница се објавува непосредно или многу кратко пред одржувањето на седницата, што значително го отежнува присуството на јавноста.[82] Дополнително, СЈОРСМ продолжува со практиката на нередовно објавување на записниците од одржаните седници.[83] Истите забелешки се однесуваат и на објавувањето на образложени одлуки за избор, унапредување и разрешување на јавните обвинители, како и другите одлуки што се донесени од негова страна, што е во целост спротивно на Правилникот за работа на СЈОРСМ.[84]

76 Исто.
77 Akademik.mk, „Основан Советот за отворено судство и потпишана Декларацијата за Отворено судство", 31 март 2022, https://akademik.mk/osnovan-sovetot-za-otvoreno-sudstvo-i-potpishana-deklaratsijata-za-otvoreno-sudstvo/.
78 „Советот за Отворено судство го усвои Деловникот за работа и избра ко-претседатели", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 13 јули 2022, https://bit.ly/3gY1hlV.
79 Здружението на судии, Здружението на судска администрација, Центарот за правни истражувања и анализи, Институтот за човекови права, Македонското здружение на млади правници и Коалицијата „Сите за правично судење".
80 СЈОРСМ може да ја исклучи јавноста само со одлука, заради заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител. Согласно член 14 од Деловникот за работата на СЈОРСМ, Советот може да одлучи да ја исклучи јавноста од седниците со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови. Доколку Советот донесе таква одлука, тој е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста.
81 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година", Коалиција „Сите за правично судење", 2022, https://bit.ly/3H93UCm.
82 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022 година", официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 25 ноември 2022, https://epi.org.mk/post/22609.
83 Воедно, може да се пристапи само кон најновите записници, со оглед на тоа што старите записници и соопштенија што датираат пред мај 2022 година не се достапни на интернет-страницата.
84 Во член 16 став 7 од Правилникот за работата на СЈОРСМ е наведено дека одлуките на Советот мораат да бидат образложени и тие се објавуваат на интернет-страницата на Советот. „Закони и подзаконски акти", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3v8rfgH.

Изостанува и активна транспарентност во делот односи со јавност и објавување информации поврзани со секојдневното дејствување на СЈОРСМ, и покрај назначување лице за односи со јавност.[85] Битно е да се објавуваат вакви информации со цел работата на СЈОРСМ да се доближи до јавноста и дополнително да се зголеми јавната свест и афирмација на надлежностите на СЈОРСМ.[86] Затоа, потребно е да се донесе нова стратегија за комуникација за претстојниот период 2022-2025 година во која детално ќе бидат анализирани потребите и пропустите во имплементацијата на претходната стратегија, а со цел непречено функционирање и поголем и проактивен пристап во комуникација со јавноста и граѓаните во целост.[87]

Како што е наведено и во претходните извештаи во сенка, важен аспект од независноста на правосудниот систем е секако и финансиската независност. Имено, финансиската независност и зголемувањето на платите во судството претставуваат предмет на дискусија повеќе години. Сепак, постои конзистентност во политиките на законодавната и извршната власт во неспроведување на правните гаранции за финансиска независност на судскиот систем преку необезбедување на задолжителните 0,8% од БДП во ниту еден државен буџет од донесувањето за Законот за судскиот буџет во 2010 година.[88] Судскиот буџет дури бележи и намалување во споредба со минатата година, каде што за 2021 година изнесувал 0,39% од БДП, додека за 2022 година изнесува 0,3% од БДП, што е за 60% помал износ од законски утврдениот лимит.[89] Поради тоа, судскиот буџет е несоодветен за да ги покрие сите потреби на судството и воедно не дозволува поголеми финансиски вложувања за поголема функционалност поради што судовите функционираат со минимум услови за работа. Потребно е зголемување на средствата доделени и на Јавното обвинителство, како клучен орган за сузбивање на криминалот и корупцијата. Одобрениот износ на средства за Јавното обвинителство за 2021 година изнесува 0,18% од Буџетот на Република Северна Македонија,[90] наспроти законски утврдените 0,4% од Буџетот на Република Северна Македонија,[91] што е под 50% од законски утврдениот лимит.[92]

85 На интернет-страницата на СЈОРСМ не се јавно објавени податоците каде што може да се контактира лицето за односи со јавност. Институт за човекови права Скопје, „Тримесечен извештај од следење на седниците на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија: период мај-јули 2022 година“, https://bit.ly/3zt5o6c.

86 Исто.

87 Исто.

88 Центар за правни истражувања и анализи, „План за подобрување на работата и условите во основните судови“, 2021, https://bit.ly/3h0kZUN.

89 Државен завод за ревизија, „Конечен извештај за извршената ревизија на усогласеност на основен буџет на Република Северна Македонија за 2021 година“, 2022, https://dzr.mk/sites/default/files/2022-09/01_Osnoven_budzet_RSM_KOMPLET_2021_0.pdf.

90 Исто.

91 Закон за јавно обвинителство, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 42/2020.

92 Државен завод за ревизија, „Конечен извештај за извршената ревизија на усогласеност на основен буџет на Република Северна Македонија за 2021 година“, 2022, https://dzr.mk/sites/default/files/2022-09/01_Osnoven_budzet_RSM_KOMPLET_2021_0.pdf.

Од друга страна, по постигнатата согласност за зголемување на платите на судиите од 15% до 2022 година помеѓу Владата и Здружението на судиите[93] и потпишувањето на правилникот за зголемување на платите од 8 до 18%,[94] Здружението на судиите донесе Стратегија за подобрување на материјалниот статус на судиите 2022-2024.[95] Стратегијата се подготви како резултат на ненавременото спроведување на договорените активности со Владата, а со цел поставување на нови барања со конкретни рокови за реализација.[96] Во оваа насока, Владата го утврди пакетот од четири закони за повисоки плати во правосудниот и обвинителскиот систем.[97] Поточно, се утврдија законите за измени и дополнувања на Законот за плати на јавните обвинители, Законот за судска служба, Законот за јавнообвинителска служба и на Законот за платите на членовите на Советот на јавни обвинители.[98]

Прво, со предложените измени и дополнувањата на Законот за плати на јавните обвинители се приспособува коефициентот за утврдување плата на јавните обвинители и вкупните заложби за подобрување на материјалните и финансиските ресурси во правосудниот систем вклучително и платите и другите надоместоци на јавните обвинители. Второ, со измените и дополнувањата на Законот за судска служба и Законот за изменување на Законот за јавнообвинителска служба се постигнува еднаквост на вработените во приватниот и во јавниот сектор преку воспоставување на ист износ на законска минимална плата и скалесто усогласување на другите плати на судските службеници и на јавнообвинителските службеници од сите нивоа, како и обезбедување континуитет на промените на платите во судската администрација и во јавнообвинителската администрација во однос на минималната плата на национално ниво. Трето, со предложениот законски текст за измена на Законот за платите на членовите на Советот на јавни обвинители на Република Македонија се менуваат коефициентите за утврдување плата на членовите на Советот со цел надградување на системот на плати на членовите на Советот на јавните обвинители, соодветни на значењето и угледот на функцијата што ја вршат, тежината на работата и нивната одговорност.

93 Академик.мк, „Се зголемуваат платите на судиите“ (n 103).
94 Правдико, „Маричиќ потпиша правилник за зголемување на платите на судската полиција“, 5 март 2021, <https://www.pravdiko.mk/marichik-potpisha-pravilnik-za-zgolemuvane-na-platite-na-sudskata-politsija/>.
95 „XI-тата седница на Управниот одбор на Здружението на судиите на Република Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Здружението на судиите на Република Северна Македонија, 10 февруари 2022, https://bit.ly/3zQ3NaV.
96 „Стратегија за подобрување на материјалниот статус на судиите 2022-2024“, официјална интернет-страница на Здружението на судиите на Република Северна Македонија, 18 февруари 2022, https://bit.ly/3UbL1CT.
97 „Владата го усвои пакетот законски измени за повисоки плати во правосудниот и обвинителскиот систем“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 25 мај 2022, https://vlada.mk/node/28948.
98 Исто.

Предложениот пакет законски измени, наведен погоре, беше доставен на донесување во Собранието.[99] Собранието на 27 јули 2022 година ги одобри предложените закони за измена на Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба по скратена постапка,[100] кои следниот ден беа разгледани на седница на Законодавно-правната комисија,[101] при што се очекува да бидат ставени за гласање на пленарна седница.[102] Роковите предвидени во Стратегијата и Акцискиот план за донесување на овие законски измени се одамна пречекорени.

Со цел подобрување на професионализмот и надлежноста на судиите, а во насока на соодветно извршување на судските должности, потребно е судиите почесто да се обраќаат на Советодавното тело за судиска етика.[103] Од своето основање во рамките на Здружението на судиите,[104] до септември 2022 година, Советодавното тело примило само четири барања за советодавни мислења.[105] Во насока на подобрување на неговата видливост за судиите и поротниците, но и за пошироката јавност, Советодавното тело за судиска етика во јули 2022 година ја промовираше и интернет-страницата www.sudiskaetika.mk, која е придружена и со профили на социјалните мрежи.[106]

## АКМИС и дигитализација на судството

Процесот на дигитализација во правосудството се спроведува во изминатите 12 месеци преку Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи (Совет за ИКТ) во рамките на Министерството за правда. Во извештајниот период, согласно Оперативниот план за дигитализација на правосудните органи, Советот за ИКТ го заокружи процесот на консултации и работеше на операционализација на активностите за меѓусебно поврзување и размена на податоци помеѓу правосудните институции и државните органи и институции преку

99 Исто.
100 „По скратена постапка ќе се донесат законите за зголемување на платите во судството, обвинителствата и на затворската полиција“, A1 On, 27 јули 2022, https://a1on.mk/macedonia/po-skratena-postapka-kje-se-donesat-zakonite-za-zgolemuvanje-na-platite-vo-sudstvoto-obvinitelstvata-i-na-zatvorskata-policija/.
101 „Детали на седница 140 на Законодавно-правната комисија“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 28 јули 2022, https://www.sobranie.mk/detali-na-komisiska-sednica.nspx?sittingId=c871b7d3-efa9-47c8-a0b3-9c8590859141.
102 Утврдените законски измени се донесоа на 82. седница на Собранието на Република Северна Македонија, по скратена постапка, која се одржа на 3 ноември 2022 година. „Донесени законите за судска, јавнообвинителска служба и за извршување санкции“, Независен, 3 ноември 2022, https://nezavisen.mk/doneseni-zakonite-za-sudska-javnoobvinitelska-sluzhba-i-za-izvrshuvanje-sankcii/.
103 „Советодавното тело за судска етика спровело само две постапки за судии“, 24 Вести, 22 февруари 2022, https://24.mk/details/sovetodavnoto-telo-za-sudska-etika-sprovelo-samo-dve-postapki-za-sudii.
104 За доследна примена на начелата на Кодексот за судиска етика, Здружението на судиите на Република Северна Македонија го основа советодавно тело, кое по барање на судиите или Здружението на судиите искажува советодавни мислења на судиите во Северна Македонија во однос на едно или на повеќе прашања поврзани со етичкото однесување, односно соодветното извршување на судиските должности и избегнување на судирот на интереси на судиите во приватниот живот и вршењето на судиската функција.
105 „Поставени прашања и одговори“, официјална интернет-страница на Советодавното тело за судиска етика, https://sudiskaetika.mk/#sudija.
106 Конференција „Функционализација и операционализација на Советодавното тело за судиска етика во Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Здружението на судиите на Република Северна Македонија, 14 јули 2022, https://bit.ly/3UB6LrG.

Националната платформа за интероперабилност.[107] Поточно, Министерството за правда потпиша договори за интероперабилност со девет државни органи и институции, кои на дневна основа со судовите остваруваат 50% од размената на податоците – Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Централниот регистар, Царинската управа, Државната изборна комисија, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Државната комисија за спречување на корупцијата и Агенцијата за цивилно воздухопловство.[108] Дополнително, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје се инсталираше опремата за онлајн-судења и во другите пилот-основни судови во Струмица, Штип, Скопскиот кривичен суд и Скопскиот граѓански суд.[109]

Со цел непречено одвивање на процесот на дигитализација, како и функционирањето на системот АКМИС со сите надградби, Врховниот суд склучи договор за набавка на нови сервери за судовите во Република Северна Македонија со кои ќе се заменат постојните сервери што се набавени во периодот 2006-2010 година.[110] Дополнително на ова, Судскиот буџетски совет на барање на ССРСМ донесе заклучок да се изврши дополнителна распределба на потребните средства за продолжување на јавната набавка на информатичка опрема за судовите и ССРСМ.[111]

Со примената на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги,[112] како и приклучувањето на судовите на Националниот портал за услуги, се обезбеди и дигитална услуга за физички и правни лица за издавање уверенија од казнената евиденција што е достапна на националниот портал uslugi.gov.mk.[113] Во следниот период се очекува воведување и на најавената дигитална услуга за издавање изводи од кривичната евиденција, како и издавање уверение дека не е изречена санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност.[114] Согласно член 12 од Законот за управување со движењето на предметите,[115] почнат

107 Петер Рајхштедтер и др., „Македонска рамка за интероперабилност (МРИ) за македонските јавни услуги", 2016, https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/Macedonian_Interoperability_Framework%20MIF_v2.0_mk.pdf.

108 „Тупанчески: 'Заложбата за модерно и ефикасно судство, полека но сигурно, дава резултати'", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 10 март 2022, https://www.pravda.gov.mk/vest/6320.

109 „Тупанчески: 'Од денес онлајн судењата стануваат реалност и за македонското судство'", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 2 март 2022, https://www.pravda.gov.mk/vest/6316.

110 „Врховен суд склучи договор со 'Неоком' вреден 705,1 илјади евра", еМагазин, 20 мај 2022, https://emagazin.mk/vrhoven-sud-skluchi-dogovor-so-neokom-vreden-705-1-il-adi-evra/.

111 „Соопштение од 182-та седница на Судски буџетски совет – 16.06.2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3Dm14XB.

112 „Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019; 275/2019.

113 „Издавање потврда од казнена евиденција за физички лица преку Националниот портал за е-услуги", Академик, 15 ноември 2021, https://akademik.mk/izdavane-potvrda-od-kaznena-evidentsija-za-fizichki-litsa-preku-natsionalniot-portal-za-e-uslugi/.

114 „Граѓаните ќе можат да користат дигитални услуги на судовите за издавање на уверенија", Академик, 7 октомври 2021, https://akademik.mk/gragan-ite-ke-mozhat-da-koristat-digitalni-uslugi-na-sudovite-za-izdavane-na-uverenija/.

115 „Закон за управување со движењето на предметите", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/2020.

е и процес за изработка на софтверско решение за објавување на одлуките и огласите на интернет-страницата на судот согласно со предлог-заклучок за висина на надоместокот.[116] Континуирано се одвиваат и активности во рамките на процесот на дигитализација и издавање на електронски судски наредби за спроведување на посебни истражни мерки, следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации, во соработка со Оперативно-техничката агенција во шест основни судови и седум основни јавни обвинителства.[117] Сепак, процесот на дигитализација на правосудството се води на еден делумно транспарентен и инклузивен начин. Потребна е поголема транспарентност во известувањето за процесот и чекорите што се преземаат, како и вклучување во процесот на граѓанските организации што се директно вклучени во реформата на правосудството, а кои моментално отсуствуваат.[118]

Согласно извештаите[119] и планот за надзор над функционалноста на АКМИС,[120] редовно се спроведуваат надзори на функционирањето на АКМИС. Имено, согласно објавените податоци од Министерството за правда, во судовите за 2021 година извршен е надзор на седум суда,[121] а до септември 2022 година извршен е надзор на пет суда.[122] Дополнително, во годишниот извештај за имплементација на Стратегијата на Министерството за правда за 2021 година, се нотира дека редовните надзори даваат резултати, односно дека е забележан напредок во организацијата на судовите околу системот АКМИС.[123] Евидентираните слабости се најчесто заради застареност на системот што има потреба од поголеми интервенции.[124] Поради слабиот капацитет на серверот не постои можност за пребарување на предметите, односно база на податоци за движењето на предметите и тие се зачувуваат преку локални методи.[125] За таа цел потребно е да се направи анализа за досегашната примена на системот АКМИС и да се утврди дали треба да се воведе нов софтверски систем или да се надгради постојниот. Во оваа насока, системот АКМИС треба да биде усогласен и со новата правна рамка за работа на телото за управување со движењето на предметите и правилата за следење и оценување на работата на судиите.

116 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.
117 Исто.
118 Исто.
119 „Записници од увид во судови“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, https://www.pravda.gov.mk/resursi/22.
120 План за надзор 08-1001/1 од 12.02.2020 и План за надзор 08-33/4 од 31.01.2022.
121 Министерство за правда, „Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 за 2021 година“, 2022, https://bit.ly/3h0YezG.
122 „Записници од увид во судови“.
123 Исто.
124 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022 година“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 25 ноември 2022, https://epi.org.mk/post/22609.
125 Исто.

*Покрај воспоставената правна рамка, што заедно со Уставот на Република Северна Македонија ја гарантираат, пред сè, независноста на судството и начелото на поделба на власта, довербата на граѓаните во судството не е на највисоко ниво, што покажува и последното истражување од Балканскиот барометар, каде што Северна Македонија, во споредба со претходната година, бележи зголемување на недовербата за 3%. Не е висока довербата ниту во јавното обвинителство. Клучна улога во јакнење на довербата на граѓаните во судството имаат законодавната власт, извршната власт, медиумите и Судскиот совет, преку поттикнувањето на транспарентноста на судските постапки, спроведувањето на пресудите, а со тоа и одржувањето на јавната доверба во независноста и непристрасноста на судството.*

*Судскиот совет ги задоволува основните услови за јавно и транспарентно работење на своите седници, а сепак продолжува практиката на донесување одлуки за избор и за разрешување судии без аргументација и зад затворени врати.*

*Објавувањето на образложени одлуки за избор, унапредување и разрешување на јавните обвинители, како и другите одлуки што се донесени од страна на Советот на јавни обвинители е од исклучителна важност за враќање на довербата на граѓаните во јавното обвинителство. Потребна е и активна транспарентност во делот односи со јавност и објавување информации поврзани со секојдневното дејствување на Советот на јавни обвинители со цел доближување на работата на Советот до јавноста и афирмација на надлежностите на Советот.*

*Потребно е зголемување на буџетот на судството и јавното обвинителство. Сè уште не се исполнети мерките во Стратегијата во кои е предвидено зголемување на судскиот буџет. Законот за судски буџет во однос на издвојување на БДП на судството не се спроведува години наназад. Судиите се согласни дека судството треба да има свој буџет и свој трезорски систем со тело што ќе одлучува за вработувањата и за потребите во судството. Со тоа би се постигнало поголема независност во судството, а набавките и тековните вработувања би се вршеле без одобрение на извршната власт.*

*Потребно е да се зголемат платите на судиите и обвинителите, сè со цел да земаат доследни плати што одговараат на нивната функција и извршување на нивните надлежности.*

*Процесот на дигитализација на правосудството, како еден од најзначајните реформски процеси што се однесуваат на судството се води на еден делумно транспарентен и инклузивен начин. Потребна е поголема транспарентност во известувањето за процесот и чекорите што се преземаат, како и вклучување во процесот на граѓанските организации што се директно вклучени во реформата на правосудството, а кои моментално отсуствуваат.*

*Потребно е да се направи анализа за досегашната примена на системот АКМИС и да се утврди дали треба да се воведе нов софтверски систем или да се надгради постојниот. Во оваа насока, системот АКМИС треба да биде усогласен и со новата правна рамка за работа на телото за управување со движењето на предметите и правилата за следење и оценување на работата на судиите. Исто така, потребно е и креирање и воспоставување на софтверско решение за автоматизирано управување со предмети во Јавното обвинителство што ќе ја унапреди ефикасноста во постапувањето со кривичните пријави, следењето на процесот на истрага и гонење и ќе овозможи пристап и обработка на податоци.*

# ОДГОВОРНОСТ

Како што беше нотирано и во претходниот извештај во сенка,[126] измените на Законот за судовите,[127] од 2019 година во однос на основите на одговорност на судиите се во функција на јакнење на независноста на судиите и на судството. Измените се во насока на исполнување на препораките дадени во извештајот на ГРЕКО,[128] од 2018 година, како и мерките утврдени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година.[129] Дополнително, овие измени се одобрени и од страна на Венецијанската комисија.[130] Со нив се врши степенување на основите за разрешување,[131] со што се зема предвид и тежината на сторената повреда и вината на судијата. Од анализата на законските одредби може да се смета дека е напуштен концептот на строго казнување на судиите со разрешување поради нивното неажурно, неефикасно и непрофесионално работење. Законот за Судскиот совет од 2019 година ги спроведува препораките дадени од Венецијанската комисија во делот на одговорноста.[132] Тој ја дефинира постапката за утврдување одговорност на претседателите и на судиите, како и основите за дисциплинска постапка за член на Советот и за постапката.[133] Со Законот за Судскиот совет, по првпат се даде и можност судиите директно да можат да поднесат барање за поведување постапка за дисциплинска одговорност на член на ССРСМ кого го избрале,[134] меѓутоа досега нема поднесено барање за поведување постапка за дисциплинска одговорност на член на ССРСМ.[135] Согласно новите законски измени, во извештајниот период се донесени три одлуки за разрешување судии и претседатели на судови.[136] Од донесените одлуки за разрешување, две одлуки се однесуваат на в.д. претседатели на судови, а една одлука се однесува на судија.[137] Основа за разрешување во две од одлуките е нестручно и несовесно вршење на функцијата – пречекорување и повреда на законските овластувања, додека во третата

126 Цоневска Вангелова и Камбери, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот април 2020-септември 2021", Институт за европска политика – Скопје, 16 декември 2021, https://bit.ly/3IfN3ir.

127 „Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 96/2019.

128 Донесен од ГРЕКО на својата 80. пленарна седница, „Четврти круг на евалуација – Превенција на корупцијата во однос на пратениците, судиите и обвинителите, втор извештај за усогласеност, Република Македонија", 2018, <https://rm.coe.int/-80-18-22-/16808cc861>.

129 Министерство за правда, „Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со акциски план", https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20i%20akciski%20plan_MK-web.pdf.

130 Барет и други (n 76).

131 „Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 96/2019.

132 „Закон за Судски совет на Република Северна Македонија", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019.

133 Исто.

134 Вакво барање можат да поднесат најмалку 20 судии или секој член на ССРСМ со право на глас, ако членот на ССРСМ: влијае врз независноста на судиите и врши притисок во врска со одлучувањето по одредени предмети; ја занемарува и не ја извршува својата функција во работата на ССРСМ; ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно законот или ако податоците содржани во изјавата во голема мера се невистинити или ги прекрши правилата за изземање во ситуации во кои членот на ССРСМ знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени со овој закон. Членот на ССРСМ се разрешува од функцијата ако повредата е сторена со намера или очигледна небрежност по вина на членот на ССРСМ без оправдани причини и/или повредата предизвикала тешки последици.

135 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

136 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 28 ноември 2022.

137 Исто.

одлука, основата за разрешување е потешка дисциплинска повреда.[138] Дополнително, во извештајниот период, СCРСМ утврдил дисциплинска одговорност за тројца судии, односно една дисциплинска мерка – парична казна за претседател на суд, една дисциплинска мерка – парична казна за судија и дисциплинска мерка – писмена опомена на судија.[139] Во оваа насока, Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија, потврди две одлуки на СCРСМ од примените три жалби од судии за кој е поведена постапка за утврдување одговорност, а една одлука е вратена на повторно одлучување.[140]

Дополнително, во првите девет месеци од 2022 година, СCРСМ нема поведено постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на судија и/или претседател на суд.[141]

Во извештајниот период СCРСМ постапувал по 570 претставки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите.[142] Од спроведените анализи на наводите како основа за поднесување на претставките, произлезе дека најголем дел од поднесените претставки по кои расправал СCРСМ се за начинот на водење на постапката од страна на судиите, временскиот период на водење на постапките, нестручното и несовесното постапување.[143] Меѓутоа, од вкупниот број претставки што се разгледани на седниците на СCРСМ, само 2,5% од нив се донесени како основани од страна на СCРСМ.[144] Најголемиот број претставки се отфрлени или одбиени како неосновани.[145] Од страна на СCРСМ, како причина за оваа состојба е посочен фактот што граѓаните истакнуваат жалбени наводи и се осврнуваат на фактичката состојба, наместо на работата на судиите.[146] Имено, граѓаните сметаат дека Судскиот совет претставува еден вид суд од повисока инстанција и наместо да истакнат наводи за работата на судиите, тие, незадоволни од одлуката на судиите, повторно истакнуваат жалбени наводи што биле претходно истакнати во постапката.[147] Оттука, очигледно е дека низ годините секогаш преовладува истиот проблем, односно граѓаните не ги разбираат концептот и улогата на претставките, па во таа насока потребно е да се зголеми напорот за едуцирање на граѓаните, за да би можеле да го искористат овој механизам на правилен начин. Во спротивен случај, останува впечатокот

138 Исто.
139 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 16 ноември 2022.
140 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 7 ноември 2022.
141 Исто.
142 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 28 ноември 2022.
143 Исто.
144 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 21 декември 2022.
145 Исто.
146 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022 година“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 25 ноември 2022, https://epi.org.mk/post/22609.
147 Исто.

дека поднесување претставка до Судскиот совет е бескорисно, со оглед на тоа што сите претставки се отфрлаат, а на тој начин и се намалува довербата во судството.[148] Во однос на начинот на постапување на ССРСМ по претставките, останува практиката на реферирање на претставката од страна на член на Советот со неколку реченици без притоа да се навлезе во суштинскиот дел и причините поради кои претставката се смета за основана или неоснована, а потоа таа се донесува едногласно од страна на членовите на ССРСМ согласно предлогот на известителот кој ја реферира претставката.[149]

Позитивни промени во основите за престанок, разрешување и дисциплинска одговорност на јавните обвинители донесе и Законот за јавно обвинителство од 2020 година.[150] Како и со измените на Законот за судовите, со овој закон се врши степенување на основите за разрешување, поточно за полесен облик на повреда на основите за потешка дисциплинска повреда, на јавниот обвинител да му биде изречена дисциплинска мерка, наместо да биде разрешен.[151] Во однос на основите за разрешување на јавните обвинители се зема предвид и тежината на сторената повреда и вината на јавниот обвинител.[152] Законот го утврдува и начинот на поведување постапка за утврдување одговорност на јавните обвинители за сторена дисциплинска повреда,[153] како и потребното мнозинство со кое СЈОРСМ може да ги разреши обвинителите.[154] Во однос на постапката, правилникот за начинот на спроведување на постапката за утврдување одговорност на јавниот обвинител, по предлог на јавниот обвинител на РСМ, го донесува СЈОРСМ.[155]

Согласно законските измени, во извештајниот период продолжува нагорниот тренд во поднесени претставки до СЈОРСМ.[156] Односно, во 2021 година имало 231 претставка, што во однос на 2020 година претставува зголемување на обемот на работа од 8,65%.[157] Најголем дел од претставките се поднесени од оштетени лица

148 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година", Коалиција „Сите за правично судење", 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

149 Исто.

150 „Законот за јавно обвинителство", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/2020.

151 Исто.

152 Јавен обвинител може да се разреши поради потешка дисциплинска постапка и членување во политичка партија.

153 За разлика од Законот за Судски совет, каде што барање за поведување постапка за утврдување одговорност на судија или претседател на суд може да поднесе секој, во Законот за јавно обвинителство е предвидено дека постапката за утврдување одговорност на јавните обвинители за сторена дисциплинска повреда се спроведува по образложен предлог на јавниот обвинител на РСМ за сите јавни обвинители и по образложен предлог на виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство за јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство, за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство и за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство, по службена должност или по добиено сознание за сторена повреда. Кон предлогот за поведување на дисциплинска постапка, подносителот е должен да достави докази за сторената дисциплинска повреда.

154 За разлика од Законот за Судски совет, каде што постапката се води во ССРСМ, кај јавното обвинителство постапката за утврдување одговорност на јавниот обвинител во вршење на јавнообвинителската функција ја спроведува комисија од пет члена или нивни заменици од кои по еден од вишите јавни обвинителства и еден член од ЈОРСМ, избрани од колегиумите од тие обвинителства.

155 „Законот за јавно обвинителство", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/2020.

156 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија за 2021 година".

157 Исто.

за изразување незадоволство од времетраењето на постапката и неажурност во преземањето дејства од страна на јавниот обвинител, кој постапувал по конкретен предмет, како и донесените јавнообвинителски одлуки за отфрлање на предметот.[158] За разлика од 2020 година, во помал број се претставките во кои оштетените лица изразуваат незадоволство заради недобивање известување за текот на постапката пред јавното обвинителство во подолг период.[159] Во однос на постапувањето по претставките за време на седниците. Од друга страна, може да се констатира дека СЈОРСМ ретко презентира, образложува или поведува каква било дискусија по однос на некоја претставка за време на седниците.[160] Исто така, во годишните извештаи на Советот се наведува само бројот на поднесени претставки на годишно ниво, но не е наведено колку од тие претставки се донесени како основани, а колку се отфрлени. Пожелно би било, во иднина, во извештаите да се вклучат и тие бројки со цел да може да се направи анализа дали се постапува по претставките воопшто и каков е исходот, а доколку тие се отфрлаат, тогаш да се види причината за нивното отфрлање. Дополнително, во Годишниот извештај на СЈОРСМ за 2021 година, се констатира доцнење со голем дел од извештаите доставени од страна на повисоките јавни обвинителства од извршениот надзор над работењето на посочените јавни обвинители во пониските јавни обвинителства на кои се однесуваат претставките, а со цел проверување на изнесените наводи.[161] Доцнењето на извештаите особено се однесува на Јавно обвинителство на Република Северна Македонија (ЈОРСМ), кое до 31 декември 2021 година не доставило извештај по 50 претставки.[162]

Покрај бројката на поднесени претставки, во извештајниот период од страна на СЈОРСМ се водени четири дисциплински постапки од кои разрешена е една јавна обвинителка.[163] Врз основа на објавениот записник, постапката за утврдување одговорност била почната по барање на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија за сторени три тешки дисциплински повреди.[164] Постапувајќи по предлогот на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен

158 Исто.

159 Исто.

160 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, 2022.

161 Исто.

162 Исто.

163 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 9 ноември 2022.

164 Имено, јавната обвинителка по известување за сторено кривично дело се упатила кон местото на настанот, но не извршила увид ниту изготвила записник, влегла во конфликт со полициските службеници, а потоа и имала несоодветна комуникација со тогашниот премиер на Владата. Исто така, јавната обвинителка во 2018 година во три наврати имала отфрлено кривична пријава и покрај укажувањата на ВЈО Гостивар да ја продолжи кривичната постапка, бидејќи не настапила релативна застареност на кривичното дело, по што обвинителката поднела казнен налог по кој била донесена пресуда. По поднесен приговор, била закажана главна расправа на која по изведувањето докази јавната обвинителка без никаква измена на фактичката состојба се откажала од кривично гонење поради настапена релативна застареност, со што погрешно биле применети одредбите од Кривичниот законик на штета на оштетениот, а во корист на обвинетиот. Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, 2022.

обвинител во вршење на јавнообвинителската функција, донесена е едногласна одлука од страна на сите членови на СЈОРСМ за изрекување мерка разрешување од функција на јавен обвинител.[165]

Преостанатите дисциплински постапки се како резултат на постапката почната од страна на Републичкото јавно обвинителство по кривична пријава поднесена од страна на Управата за финансиска полиција[166] за извршениот претрес што истражители од ОЈОГОКК на 18 август 2022 година го извршиле во просториите на институцијата.[167] Имено, по извршениот надзор и увид на предметот беше утврдено дека со постапувањето по анонимната кривична пријава, која ОЈОГОКК ја добила во мај 2022 година, нарушена е хоризонталната надлежност и организација на Јавното обвинителство.[168] Односно, бидејќи добиената кривична пријава се однесува на лица од Управата за финансиска полиција, кои согласно член 33 став 2 од Законот за јавното обвинителство имаат полициски овластувања, по таквите пријави надлежно е да постапува Специјализираното одделение за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.[169] Според тоа, тројцата јавни обвинителки од ОЈОГОКК кои постапувале по овој предмет, а не се дел од Специјализираното одделение, ненадлежно постапувале по кривичната пријава.[170] Дополнително, со надзорот, Републичкото јавно обвинителство констатираше и неоснованост на изготвеното барање за издавање наредба за претрес, доставено до Основниот кривичен суд Скопје.[171] Последователно на ова, против трите јавни обвинителки се отворија дисциплински постапки, што резултираше и со суспензија на шефицата на ОЈОГООК, како една од нив.[172]

Во извештајниот период, според истрага објавена од страна на Балканската истражувачка репортерска мрежа (БИРН) – Македонија, се констатираше неправилно постапување на Апелационен суд Скопје и ССРСМ по однос на член 53 од Законот за Судски совет.[173] Имено, според истрагата објавена од БИРН, девет поротници

165 „Советот на јавни обвинители ги разреши обвинителите Лејла Кадриу и Миле Арсениевски, кој сам побарал прекин на функцијата", ТВ Телма, 29 март 2022, https://bit.ly/3YU5hfk.

166 „Финансиската полиција поднесе претставка до ЈО за извршениот претрес во нејзините простории", 360 степени, 25 јули 2022, https://360stepeni.mk/finansiskata-politsija-podnese-pretstavka-do-jo-za-izvrsheniot-pretres-vo-nejzinite-prostorii/.

167 „Претрес во Финансиска полиција, Русковска не открива детали", Радио Слободна Европа, 18 јули 2022, https://www.slobodnaevropa.mk/a/31948748.html.

168 „Соопштение", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 1 август 2022, https://jorm.gov.mk/soopshtenie-108/.

169 Исто.

170 Исто.

171 Исто.

172 „Вилма Русковска суспендирана, дисциплинска за уште две обвинителки", 16 август 2022, https://netpress.com.mk/vilma-ruskovska-suspendirana-disciplinska-za-ushte-dve-obvinitelki/.

173 Закон за Судски совет на Република Северна Македонија.

во Апелациониот суд Скопје суделе и по истекот на нивниот мандат во април 2021 година.[174] Односно, по извршен увид е констатирано дека во базата на Апелационен суд Скопје постојат предмети од наведените поротници и за ноември и декември 2021 година.[175] За наведените поротници ССРСМ утврди престанок на мандатот дури на 29 март 2022 година,[176] посочувајќи дека предлогот за престанок на функцијата, поднесен од Апелационен суд Скопје пристигнал на 28 март 2022 година.[177] Од друга страна, од Апелационен суд Скопје по ова прашање немаат дадено конкретен одговор, туку само укажување дека до истекот на мандатот на поротниците, седниците се одржани со учество на активни судии поротници,[178] со што се укажува на фактот дека нема да има импликации на предметите со сторување на суштествена повреда во постапките водени пред овој суд. Дополнително, во извештајот од работната посета во Апелационен суд Скопје од страна на Комисијата за увид на ССРСМ не е констатирано ништо спорно во делот на поротниците.[179] Согласно извештајот, ССРСМ на седницата одржана на осми јуни 2022 година ги донесе предлог-заклучоците од работната посета што се во насока на укажувања за судовите да се придржуваат на законот.[180]

174 Васко Маглешов, „Со истечен мандат година дена делеле правда – Десетина пресуди на Скопска апелација доведени во прашање, дознава БИРН", Призма, 5 април 2022, https://prizma.mk/so-istechen-mandat-godina-dena-delele-pravda/.

175 Исто.

176 „Соопштение од 398-та седница на Судскиот совет на РСМ – 29.03.2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3UDYH9L.

177 Васко Маглешов, „Со истечен мандат година дена делеле правда – Десетина пресуди на Скопска апелација доведени во прашање, дознава БИРН", Призма, 5 април 2022, https://prizma.mk/so-istechen-mandat-godina-dena-delele-pravda/.

178 Исто.

179 Васко Маглешов, „Како контролата на Судскиот совет ја утна годината", Призма, 9 јуни 2022, https://prizma.mk/kako-kontrolata-na-sudskiot-sovet-ja-utna-godinata/.

180 „Соопштение од 405-та седница на Судски совет на РСМ – 08.06.2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3tbqtyz.

*Судскиот совет продолжува со одбивање на поголемиот број од поднесените претставки од страна на граѓаните, најчесто поради недоволна едуцираност на граѓаните за намената на претставките. Затоа, потребно е да се работи на едукација на граѓаните, а позитивен чекор во оваа насока е предвидената активност во Програмата и Акцискиот план за превенција и следење на корупцијата во судството за едуцирање на граѓаните преку брошури и преку интернет-страницата за начинот и намената на поднесување претставки.*

*Продолжи нагорниот тренд во поднесени претставки до Советот на јавни обвинители, но Советот нема голема улога при вршење надзор на работата на јавните обвинители, со оглед на тоа што, доколку членовите на Советот сметаат дека претставките се основани, тие едноставно ги испраќаат до Јавниот обвинител на РСМ, кој потоа треба да преземе дејства за проверка на јавните обвинители. Од друга страна, Јавното обвинителство исто така има надлежност да прима претставки од граѓани, па се поставува прашањето која е потребата да постојат две институции надлежни за постапување по претставки? Исто така, ова може да биде збунувачки за граѓаните кои не би знаеле каде да поднесат претставка. Во таа насока, треба да се даде поголема надлежност во поглед на постапувањето по претставките на Советот на јавните обвинители, особено што е забележано дека ЈОРСМ не одговара на поднесените претставки, а воедно порационално и поефикасно како за граѓаните, така и за јавните обвинители би било тие да одат преку една институција.*

*Потребно е и двата совета да презентираат, да образложуваат или да поведуваат дискусија по однос на претставките за време на седниците, како и објавување за тоа каков е исходот од постапувањето по претставка што била донесена како основана. Со ова би се зголемила транспарентноста во работата на двата совета, како и довербата на граѓаните во правосудството.*

# ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И НАДЛЕЖНОСТ

Правната рамка, како и гаранциите за правилна примена на мерит-системот, се веќе воспоставени[181] и нотирани во претходните извештаи во сенка.

Со цел воведување на квалитетен мерит-систем, во согласност со Законот за судскиот совет[182] и негова доследна имплементација, ССРСМ во претходните извештајни периода почна со подготовка и донесе низа на подзаконски акти за унапредување на системот за оценување на судиите. Најнапред, беше донесен Деловник за работа на Судскиот совет,[183] а потоа Правилник за избор на судии од редовите на Академијата за судии и јавни обвинители,[184] со конкретизирање на постапката за избор и Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судии во повисоките судови.[185] Со цел објективно и непристрасно оценување на судиите, ССРСМ донесе Методологија за оценување на работата на судија врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми за судиското работење и Образец за оценување и бодување на исполнетост на квалитативните критериуми за работата на судијата.[186] Дополнително, донесе и Методологија за квалитативно оценување на претседателите на судовите, Образец за квалитативно оценување претседатели на судовите[187] и Упатство за начинот на пресметување на ефективни работни часови,[188] а на 29 март 2022 година го донесе и Правилникот за формирање и работење на комисиите на ССРСМ за редовно и вонредно оценување,[189] како последен подзаконски акт потребен за почнување на оценувањето на судиите.[190]

181 Со донесувањето на последните измени и дополнувања на Законот за судови, новиот Закон за Судски совет, Законот за јавно обвинителство и измените и дополнувањата на Законот за советот на јавни обвинители се создаде правна рамка во голема мера усогласена со меѓународните стандарди во однос на избор на судии и јавни обвинители базирано на систем на заслуги. Академијата за судии и јавни обвинители е единствен влез за продуцирање на нови кадри во судството и јавното обвинителство. Што се однесува на правната заштита на судиите за определени мерки што се преземаат кон судиите, се воведе правото на жалба до Совет за жалби при Врховниот суд како еден вид гаранција, како во однос на (не)изборот за судии и претседатели на судови, така и во однос на одлуката за оценување.

182 Закон за Судски совет на Република Северна Македонија, член 36, алинеја 1.

183 „Подзаконски акти“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3sMy7iE.

184 Судски совет на Република Северна Македонија, „Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители“, 26 декември 2019, https://bit.ly/3fIlebe.

185 Судски совет на Република Северна Македонија, „Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд“, 4 февруари 2020, https://bit.ly/3DqM8aC.

186 Судски совет на Република Северна Македонија, „Методологија за оценување на работата на судија врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми за судиското работење и Образец за оценување и бодување на исполнетост на квалитативните критериуми за работата на судијата“, 18 декември 2020, https://bit.ly/3FycwCs.

187 Судски совет на Република Северна Македонија, „Методологија за квалитативно оценување на претседателите на судовите и Образец за квалитативно оценување претседателите на судовите“, 18 декември 2020, https://bit.ly/3WfHN2J.

188 Судски совет на Република Северна Македонија, „Упатство за начинот на пресметување на ефективни работни часови“, 18 декември 2020, https://bit.ly/3sLEwL0.

189 Судски совет на Република Северна Македонија, „Правилник за формирање и работење на комисиите на Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување“, 29 март 2022, https://bit.ly/3DMsNSV.

190 Во оваа насока, во текот на 2021 година беа донесени и Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите и Правилникот за начинот на формирање комисии за оценка на работата на судиите и на претседателите на судовите.

Со донесувањето на подзаконски акти, се исполни мерката за редефинирање на критериумите за унапредување на судиите[191] и се создадоа услови за практична примена на законските одредби. Во таа насока, на петти април 2022 година беа формирани комисии за увид и оцена на судии и претседатели на судови за основните судови, апелациските судови и за Управниот суд, кои беа во состав од пет члена, а кои ќе го спроведуваат редовното оценување на сите судии и претседатели на судови.[192] Истовремено, беа формирани и комисии за оценување на работата на судиите и на претседателите на судовите, кои треба да извршат вонредно оценување на кандидатите што се јавиле за унапредување, односно за претседател на суд.[193] Формирањето на комисиите донесе многу нејасности што се однесуваат на нивното практично работење, па од таа причина беа организирани средби со експерти, кои беа вклучени во процесот на изработка на методологиите,[194] со цел нивна полесна примена и, воедно, спроведување обука на членовите на комисиите.[195] ССРСМ долго време посвети на подготвителните активности за реализација на оценувањето на судиите и на претседателите на судовите, што е разбирливо, имајќи предвид дека се работи за сложен и комплексен процес на оценување.[196] Меѓутоа, со подзаконските акти не се утврди конкретна форма на одлуките за избор и унапредување на судиите.[197] Од друга страна, нивната содржина на некој начин се определи во неколку правилници.[198] Согласно ова, во секоја одлука за избор и унапредување би требало да бидат наведени кои се тие критериуми што го издвојуваат избраниот, односно унапредениот судија од другите кандидати или да се посочат поените, односно бодовите што ги добил секој кандидат кој е избран за судија во основен суд, односно унапреден во повисок суд.[199] Дополнително, процесот на донесување на подзаконските акти и сите други подготвителни активности во оваа насока негативно се одразија на унапредувањето на судиите кои се јавија на огласи распишани пред повеќе од една година, а за кои постапката беше почната во август 2021 година и која сè уште не е докрај спроведена.[200] Ваквото одолжување на изборот на судиите во повисоки судови и претседатели на судови се оправда со потребата да сеизврши вонредно оценување на кандидатите,[201] со примена на Методологијата за

191 Мерка 2.2.3.-1, 2.2.3.-2, Министерство за правда, „Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план".

192 „Соопштение од 399-та седница на Судскиот совет на РСМ – 05.04.2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3TSVJ13.

193 Исто.

194 Институт за човекови права Скопје, „Извештај од следењето на работата на Судскиот совет: јануари-јуни 2022 година", https://bit.ly/3IiMvYV.

195 „Обука на комисиите за увид и оцена на судиите", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 19 април 2022, https://bit.ly/3Nmy5Yf.

196 Институт за човекови права Скопје, „Извештај од следењето на работата на Судскиот совет: јануари-јуни 2022 година", https://bit.ly/3IiMvYV.

197 Исто.

198 Исто.

199 Исто.

200 На 6 август 2021 година беше распишан конкурс за избор на судии за Врховниот суд, Апелациониот суд Скопје, Апелациониот суд Гостивар, како и избор на судии за Основниот суд Штип и Основниот кривичен суд Скопје.

201 Закон за Судски совет на Република Северна Македонија, член 77.

квалитативно оценување на судиите и претседателите на судови,[202] но потребата за пополнување на испразнетите судиски места во судовите е повеќе од неопходна, особено по пензионирањето на 42 судии поради стапување во сила на измените и дополнувањата на Законот за работни односи.[203]

Во извештајниот период се избраа 19 јавни обвинители во обвинителствата на Република Северна Македонија.[204] Продолжи практиката да се избираат без дискусија, односно само со гласање „ЗА" и „ПРОТИВ".[205] Што се однесува, пак, до процесот на избор на јавните обвинители, тој се одвива многу бавно, честопати со одложување на седниците кога треба да се направи избор и сето тоа во ситуација кога сè уште постојат јавни обвинителства каде што нема ниту еден јавен обвинител.[206] Во однос на начинот на избор и унапредување на јавните обвинители, продолжи трендот СЈОРСМ на својата интернет-страница[207] јавно да не објавува образложени одлуки за избор и унапредување на јавните обвинители, со исклучок на оние во форма на соопштенија во кои се објавени само имињата на јавните обвинители, кои се избрани или унапредени.[208] Образложувањето на одлуките на СЈОРСМ во однос на изборот и унапредувањето на јавните обвинители е од исклучителна важност за враќање на довербата на граѓаните во јавното обвинителство.[209] Дополнително, извештајниот период беше проследен и со престанок на функција на 17 јавни обвинители.[210] Поточно, на 15 јавни обвинители им престанала функцијата поради исполнување на условите за старосна пензија, што се должи најмногу на стапувањето во сила на измените и дополнувањата на Законот за работни односи.[211] На другите двајца јавни обвинители им престанала функцијата по сопствено барање.

Поради истекот на мандатот на петмина јавни обвинители од ОЈОГОКК во јануари 2022 година, СЈОРСМ на 15 ноември 2021 година објави оглас за избор на нови јавни обвинители.[212] Иако изборот на новите јавни обвинители требаше да се

202 „Црвенковска за МИА: 'Комисии од повисоките судови ќе ги избираат судиите од пониските судови'", Медиумска информативна агенција – МИА, 5 април 2022, https://bit.ly/3TJWcTf.

203 „Законот за работни односи без донесените измени пензионира 42 судии и 11 обвинители", ТВ Телма, 1 јули 2022, https://telma.com.mk/2022/07/01/zakonot-za-rabotni-odnosi-bez-donesenite-izmeni-penzionira-42-sudii-i-11-obviniteli/.

204 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 9 ноември 2022.

205 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

206 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година", Коалиција „Сите за правично судење", 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

207 http://sjorm.gov.mk/.

208 Исто.

209 Институт за европска политика – Скопје, „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'", 15 септември 2021, https://epi.org.mk/post/17822.

210 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, 9 ноември 2022.

211 Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 151/2021, член 104.

212 „Оглас за избор на 5 ЈО во ОЈОГОКК од 38. седница", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 15 ноември 2021, http://sjorm.gov.mk/%d0%be%d0%b3%d0%bb%d0%b0%d1%81-5/.

изврши најдоцна до 31 јануари 2022 година, тој беше неколкупати одложен, главно поради несоодветно оценување.[213] Имено, одредени кандидати испратија приговори до СЈОРСМ за добивање оценки што не се во согласност со важечките обрасци, објавени и донесени од јавниот обвинител на РСМ.[214] СЈОРСМ ги утврди приговорите како основани, а утврди и несоодветствување помеѓу образложението на дадените оценки и бодувањето на кандидатите.[215] Од десет јавни обвинители кои се пријавија на конкурсот, на 17 март 2022 година, се избраа оние петмина на кои им истече мандатот, а конкурираа согласно законското право за реизбор за уште еден мандат од четири години.[216] Од друга страна, трипати се одложува и изборот на четири нови јавни обвинители во ОЈОГОКК, чии места се испразнија во јуни и август 2022 година како резултат на пензионирање на досегашните јавни обвинители.[217] Како главна причина за одложувањето, СЈОРСМ го наведува нерасполагањето со сите потребни материјали што биле побарани од надлежното обвинителство за кандидатите и потребата од подетална анализа на нивната досегашна работа.[218]

Единствена точка за влез во судството и јавното обвинителство останува Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). По долг процес, кој траеше повеќе од една година, проследен и со жалби и приговори,[219] Комисијата за приемен испит при Академијата за судии и јавни обвинители ја изготви конечната ранг-листа за приемот на осмата генерација кандидати за почетна обука во АСЈО.[220] Во таа насока, заради транспарентност на процесот, вклучително и текот на управната и управно-судската постапка, АСЈО објави и краток хронолошки извештај за целокупниот тек на испитот.[221] Приемот на новата генерација се одржа на 11 мај 2022 година.[222] Новите слушатели на почетна обука во рамките на осмата генерација почнаа со посетување на обуката на 16 мај 2022 година. Оваа генерација брои 97 кандидати и е најголема генерација од 2006 година.[223]

213 „Нов обид за избор на обвинители во тимот на Русковска: 'Десет кандидати во трка за пет места'", 360 степени, 17 март 2022, https://360stepeni.mk/nov-obid-za-izbor-na-obviniteli-vo-timot-na-ruskovska-deset-kandidati-vo-trka-za-pet-mesta/.

214 „Јолевски: 'Ако има услови за избор, Советот ќе одржи седница за избор на јавни обвинители во среда'", ТВ Телма, 24 февруари 2022, https://bit.ly/3sLwTUS.

215 Исто.

216 „Русковска си останува со истиот тим, нема нови обвинители", А1 on, 17 март 2022, https://a1on.mk/macedonia/ruskovska-si-ostanuva-so-istiot-tim-ne-se-izbrani-novi-obviniteli/.

217 „По третпат одложена седницата за избор на 4 нови обвинители во обвинителството за гонење организиран криминал", ТВ Телма, 20 септември 2022, https://telma.com.mk/2022/09/20/po-tret-pat-odlozhena-sednicata-za-izbor-na-4-novi-obviniteli-vo-obvnitelstvoto-za-gonenje-organiziran-kriminal/.

218 Изборот се одржа на седницата на СЈОРСМ на 27 октомври 2022 година, но беше неуспешен. Односно, СЈОРСМ не избра ниту еден од шестемина кандидати, па се очекува да се распише нов оглас за избор. „Пропадна изборот на обвинители за организиран криминал", Сител ТВ, 27 октомври 2022, https://sitel.com.mk/propadna-izborot-na-obviniteli-za-organiziran-kriminal.

219 „Годишен извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2021 година", https://jpacademy.gov.mk/reports/.

220 „Објавување на ранг-листа на слушатели во VIII-та генерација слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 15 април 2022, https://bit.ly/3WcFIVv.

221 Исто.

222 „Одбележан приемот на осмата генерација слушатели во почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 11 мај 2022, https://jpacademy.gov.mk/odbelezhan-priemot-na-osmata-generaczija-slushateli-vo-pochetnata-obuka-vo-akademijata-udii-javni-obiteli/.

223 Исто.

Во меѓувреме, кадровските празнини во судството и обвинителството, особено откако во Собранието не помина предлогот за пролонгирање на работниот стаж за над 60-тина судии и јавни обвинители за уште три години, се очекува до крајот на 2022 година делумно да бидат пополнети со 59-те нови судии и јавни обвинители од седмата генерација слушатели на практичниот дел од почетна обука во АСЈО. Во оваа насока, директорката на АСЈО се надева дека до крајот на 2022 година ќе се отвори и нов јавен повик за деветта, уште поголема група кандидати, со цел да се одговори на потребите на судскиот и обвинителскиот систем.[224]

Новиот предлог-закон за Академијата за судии и јавни обвинители што се доработуваше[225] од работната група формирана во Министерството за правда[226] и се донесе од страна на Владата во јуни 2021 година сè уште е во собраниска постапка.[227] Предлог-законот е под блокада од опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ, врз основа на тврдење дека со овој предлог-закон се повредуваат постапките и се злоупотребува постапката за донесување закони со европско знаменце, со што се бара да се повлече предлогот.[228] Во септември 2022 година, предлог-законот беше повторно ставен на дневен ред на Комисијата за европски прашања.[229] Потребата за донесување на новиот закон за АСЈО е утврдена и во последниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија.[230] Во оваа насока, Европската комисија упатува и внимание при неговото донесување.[231] Да се запазат препораките на оценската мисија на ТАИЕКС од 2018 година и АСЈО повторно да остане единствена точка за влез во судството и обвинителството, како и да се обезбеди фер и транспарентен пристап кон овие професии.[232]

224 „59 нови обвинители и судии – Габер: 'До крајот на годинава ќе има нов повик'", 22 септември 2022, https://mk.tv21.tv/59-novi-obviniteli-i-sudii-gaber-do-krajot-na-godinava-ke-ima-nov-povik/.

225 Целта на измените и дополнување на законот беа да се адресираат одредени недоследности во однос на управувачките и на раководните органи, а дополнително се воведоа измени во критериумите за прием на слушатели во АСЈО.

226 На осми февруари 2019 година беше формирана работна група во рамките на Министерството за правда за подготовка на предлог на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители. Работната група е составена од десет члена, меѓу кои директорката на АСЈО, претставници од Министерството за правда, судии, јавни обвинители и претставници на граѓанските организации. Подготовката на овие предлог-измени имаше цел да ги отстрани пречките со кои се соочува АСЈО. Првичниот нацрт предлог-закон за АСЈО во мај 2019 година беше објавен на ЕНЕР, како и известувањето за подготовка на законот и нацрт-извештајот за процена на влијание на регулативата. Не беше објавен финален извештај за процена на влијание на регулативата. На ЕНЕР има четири коментари за нацрт предлог-законот во 2019 година. Сепак, оваа верзија не беше донесена од претходниот парламентарен состав и беше вратена во Министерството за правда на доработка (новата верзија не е објавена на ЕНЕР).

227 Собрание на Република Северна Македонија, „Материјали – предлог-закон за Академија за судии и јавни обвинители", <https://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=543628f3-2109-4bd5-8b99-22d543901888>.

228 „Тензично на собраниската Комисија за политички систем, ВМРО-ДПМНЕ не дозволува расправа за предлог-законот за Академија на судии и јавни обвинители", ТВ Телма, 9 февруари 2022, https://bit.ly/3hjIDt8.

229 „Седница на собраниската Комисија за европски прашања", 24 Вести, 26 септември 2022, https://24.mk/details/sednica-na-sobraniskata-komisija-za-evropski-prashanja-2.

230 Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај Северна Македонија 2022 година (COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT – North Macedonia 2022 Report)", 12 октомври 2022, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en.

231 Исто.

232 Институт за европска политика – Скопје, „Уште еден извештај на ЕК: нова призма, стари болки – Куса анализа на извештајот на ЕК за Северна Македонија 2022 година", 13 октомври 2022, https://epi.org.mk/post/22317.

*Судскиот совет го донесе и последниот подзаконски акт потребен за почнување на оценувањето на судиите, со што се исполни мерката за редефинирање на критериумите за унапредување на судиите и се создадоа услови за практична примена на законските одредби. Меѓутоа, со подзаконските акти не се утврди конкретна форма на одлуките за избор и унапредување на судиите. Согласно тоа, во секоја одлука за избор и унапредување потребно е да бидат наведени кои се тие критериуми што го издвојуваат избраниот, односно унапредениот судија од другите кандидати или да се посочат поените, односно бодовите што ги добил секој кандидат кој е избран за судија во основен суд, односно унапреден во повисок суд. Потребно е и колку што е можно поскоро да се изврши оценувањето, со оглед на тоа што долгото чекање за спроведување на овие методологии негативно се одрази врз унапредувањето на судиите кои се имаат пријавено на огласи пред повеќе од една година. Потребата за пополнување на испразнетите судиски места во судовите е повеќе од неопходна, особено по пензионирањето на 42 судии поради стапување во сила на измените и дополнувањата на Законот за работни односи.*

*Неопходно е Советот на јавни обвинители да развие дискусија и да даде образложение за тоа кои се причините за избор или неизбор на одреден јавен обвинител, како и да ги објави донесените одлуки за избор на интернет-страницата на Советот, со цел враќање на довербата на граѓаните во јавното обвинителство.*

*Потребна е брза реакција од страна на Советот на јавни обвинители за избор на одредени јавни обвинители со цел да се спречи одолжувањето на постапките и намалување на ажурноста и квалитетот на работа на јавните обвинители.*

*Потребно е да се донесе новиот закон за АСЈО со запазување на препораките на оценската мисија на ТАИЕКС од 2018 година, како и запазување АСЈО повторно да остане единствена точка за влез во судството и обвинителството со обезбедување фер и транспарентен пристап кон овие професии.*

# КВАЛИТЕТ НА ПРАВДА

Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) континуирано работи во однос на унапредување на квалитетот на обуките и воведување на потребните теми за обука на основа на спроведените евалуации на обуките и доставените предлог-теми од Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, експерти и невладини организации. Во извештајниот период постои значително зголемување на бројот на реализирани обуки. Односно, наспроти реализираните 130 обуки во 2020 година,[233] во 2021 година АСЈО реализирала 214 обуки во рамките на задолжителната обука за судиите и јавните обвинители, како и во рамките на доброволната обука на стручните служби во судовите и обвинителствата.[234] Дополнително, бројката на реализирани обуки од 2020 година се надминува и со реализираните обуки во првите девет месеци на 2022 година, каде што од јануари до септември 2022 година реализирани се вкупно 159 обуки.[235] Во рамките на реализираните обуки, значително е зголемен и бројот на судии и јавни обвинители кои поминале обука за судската практика на ЕСЧП, односно бројот на судиите и јавните обвинители кои поминале ваква обука во 2021 е зголемен за 37% во однос на 2020 година.[236] Сепак, постои намалување на бројот на одржани обуки што се однесуваат на деца-жртви, односно во 2021 година одржани се само пет обуки,[237] додека во 2020 година одржани се 17 обуки.[238]

Во поглед на соработката со други тела и институции, АСЈО во извештајниот период има потпишано меморандуми за соработка со повеќе релевантни институции, меѓународни и невладини организации.[239] Поточно, со цел реализирање активности во насока на зајакнување на институционалните капацитети согласно кои ќе се обезбеди повисок квалитет во спроведувањето на обуките наменети за судиите и јавните обвинители, но и за слушателите на почетната обука, АСЈО во ноември 2021 година го обнови меморандумот за соработка со правосудната Академија на Република Турција,[240] а во мај 2022 година потпиша меморандум за соработка со Центарот за обука и правосудни студии (SSR) на кралството Холандија.[241]

233 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 12 април 2021.
234 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 1 ноември 2022.
235 Исто.
236 Бројката на судии и јавни обвинители кои поминале обука за судската практика на ЕСЧП за 2021 година изнесува 592 слушатели, наспроти 2020 година, каде што изнесува 431 слушател.
237 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 1 ноември 2022.
238 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 12 април 2021.
239 Академија за судии и јавни обвинители, „Меморандуми за соработка“, <https://jpacademy.gov.mk/cooperation/>.
240 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Правосудната академија на Република Турција“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 24 ноември 2021, https://bit.ly/3SXvvJn.
241 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Центарот за обука и правосудни студии (SSR) на кралството Холандија“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 10 мај 2022, https://bit.ly/3SOdc9z.

Дополнително, со потпишување на меморандумот за соработка со центарот АИРЕ, АСЈО стана дел од иницијативата за воспоставување на Регионална мрежа на судии/судијки посветена на јакнење на родовата еднаквост.[242] Во насока на континуирано проширување на познавањата за европската легислатива на судиите и јавните обвинители, АСЈО ја продолжи соработката со Европската мрежа за обука на судии (ЕЈТН) и Академијата за европско право (ЕРА).[243]

Кадровското и техничкото доекипирање, како и обезбедување на соодветни просторни услови сè уште остануваат предизвик, а се од исклучителна важност за унапредување на квалитетот на обуките што ги спроведува АСЈО. Потребата за подобрување на просторните услови на АСЈО, пред сè просториите за обуки, но исто така и кадровско доекипирање и зголемување на буџетот, се утврдува како општа препорака и во извештајот од оценската мисија на ТАИЕКС.[244] Потребата од јакнење на капацитетите на АСЈО, особено подобрување на буџетот и автономијата на АСЈО е утврдена и во Планот на активности за реализација на итните реформски приоритети.[245] Во насока на подобрување на буџетот, одобрен на АСЈО, наспроти забележаните флуктуации на износите одобрени на годишно ниво во изминатите пет години, во 2022 година се забележува значително зголемување на одобрениот годишен буџет.[246] Имено, поради приемот на осмата генерација кандидати за почетна обука во АСЈО, буџетот на АСЈО за 2022 година изнесува 131.793.000,00 денари, во однос на претходната година, каде што изнесувал 72.200.000,00 денари.[247]

Во пресрет на истекот на мандатот на актуелната директорка на АСЈО во ноември 2022 година, Управниот одбор на АСЈО на 14 јули 2022 година објави оглас за избор на нов директор.[248] Иако беше речено дека кандидатките пријавени на огласот за избор на директор ги исполнуваат условите за функцијата, како и сите дадени критериуми, ниту една од нив не ги доби законски предвидените пет гласа од страна на членовите на Управниот одбор[249] на седницата одржана на 30 август 2022 година.[250] Во однос на транспарентноста и отчетноста на Управниот одбор на

242 „Академијата за судии и јавни обвинители дел од Регионалната мрежа на судии/судијки за родова еднаквост", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 13 јули 2022, https://bit.ly/3WkMt7o.

243 Академија за судии и јавни обвинители, „Меморандуми за соработка", <https://jpacademy.gov.mk/cooperation/>.

244 Извештај од спроведената оценска мисија на ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинителни во Република Македонија, судија Ленарт Јохансон и судија Драгомир Јорданов (необјавен).

245 „План на активности за реализација на итните реформски приоритети 2015 (работен документ)", https://www.sep.gov.mk/post/?id=862.

246 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

247 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 26 август 2022.

248 „Оглас за избор на директор на АСЈО", „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 160/2022.

249 „Петмина членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители го бутнаа изборот на директор, не кажаа зошто не гласале", Сакам да кажам, 30 август 2022, https://bit.ly/3gKZHtQ.

250 „Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители не избра директор, ќе распишува нов оглас", 360 степени, 30 август 2022, https://360stepeni.mk/upravniot-odbor-na-akademijata-za-sudii-i-javni-obviniteli-ne-izbra-direktor-ke-raspishuva-nov-oglas/.

АСЈО, не беше образложено зошто одделни членови не гласале, ниту, пак, зошто се воздржале од гласање.[251] Повикот не успеа, а Управниот одбор ќе распише нов оглас за директор.[252]

Во однос на изедначувањето на судската практика, Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Северна Македонија (ВСРСМ) во 2021 година има одржано четири седници, а од јануари до септември 2022 година има одржано три седници.[253] За разлика од 2020 година, кога судиите од различни апелациски подрачја и ВСРСМ (за судската практика) не одржаа ниту една средба,[254] во 2021 година одржаа една средба.[255] Работните средби за изедначување на судската практика продолжија дури со поголем интензитет во 2022 година, каде што досега се имаат одржано три средби,[256] при што последната средба се одржа на почетокот на јуни 2022 година.[257] Финансиската поддршка за организација на овие средби останува со надворешна помош и реализација на проекти преку што е и вклучен граѓанскиот сектор во средбите.[258] Со цел поголема изедначеност на судската практика, потребно е поголем број средби на ВСРСМ со апелациските судови, како и зголемување на активноста на одделите за судска практика. Заради следење на насоките и ставовите што ги заземаат апелациските судови на своите средби, заклучоците од овие средби треба да бидат потранспарентни, со што ќе се поедностави примената на судската практика.[259] Дополнително, процесот на објавување на судските одлуки се одвива непречено и сите судски одлуки се објавуваат на судскиот веб-портал sud.mk, но процесот не е структуриран со цел да се користат одлуките на лесен и пристапен начин. Ова е од причина што не постои можност за прецизно и брзо пронаоѓање на специфична судска практика, ниту постои методологија за издвојување на клучни одлуки во однос на креирање на судската практика.[260]

251 „Петмина членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители го бутнаа изборот на директор, не кажаа зошто не гласале“, Сакам да кажам, 30 август 2022, https://bit.ly/3gKZHtQ.

252 „Академијата за судии и обвинители не избра директорка меѓу Габер Дамјановска и Ристова“, 30 август 2022, https://fokus.mk/akademijata-za-sudii-i-obviniteli-ne-izbra-direktorka-megu-gaber-damjanovska-i-ristova/.

253 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 7 ноември 2022.

254 Ива Цоневска Вангелова и Златка Стамболиска-Поповска, „Извештај за 2020 година за резултатите од спроведувањето на Стратегијата за реформа на Правосудниот сектор 2017-2022 година“, Институт за европска политика – Скопје, Асоцијација „Зенит“, 20 септември 2021, https://epi.org.mk/post/19920.

255 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 7 ноември 2022.

256 Исто.

257 Средбата се одржа на седми и деветти јуни 2022 година со сите апелациски судови во земјата. Таа беше организирана од Центарот за правни истражувања и анализи, во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители. На средбата се разгледуваа правните прашања од кривична и граѓанска област од апелационите судови за кои е потребно усогласување на ставовите со цел хармонизација во примената на правото од страна на судовите во Република Северна Македонија. „Средба на Врховниот суд и апелациските судови“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 16 јуни 2022, https://bit.ly/3FDHJnA.

258 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

259 Душко Георгиевски, „Анализа на квалитетот и изедначеноста на судските одлуки во граѓанско-правната област“, Институт за европска политика и Асоцијација „Зенит“, август 2021, <https://bit.ly/3UfOKPz>.

260 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

Во извештајниот период продолжи и проактивната улога на Одделот за судска практика за донесување на начелни ставови и начелни правни мислења. Имено, Одделот за судска практика, утврдените начелни ставови и начелни правни мислења на Општата седница на ВСРСМ, правните мислења и заклучоци на специјализираните оддели и прифатени сентенции на советите ги евидентираше со систематизирање по правни области и ги објавуваше на интернет-страницата на ВСРСМ во делот за судската практика. Па, така, во текот на извештајниот период, на интернет-страницата на ВСРСМ се објавени две начелни правни мислења, еден начелен став, девет правни мислења, 24 заклучоци и девет сентенции.[261]

По доцнење повеќе од година и пречекорување на рокот утврден во Акцискиот план на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година,[262] новиот Закон за медијација беше донесен на 27 декември 2021 година.[263] Работната група[264] ја доработи верзијата на предлог-законот за медијација што го подготви претходната работна група во 2018 година и кој не беше донесен од претходниот парламентарен состав.[265] Новиот нацрт предлог-закон за медијација не беше објавен на ЕНЕР, па Извештајот за процена на влијанието на регулативата (ПВР) и сите коментари објавени на ЕНЕР се однесуваат на предлог-законот објавен во 2018 година.[266] Сепак, предлози на предлог-законот беа доставувани од различни чинители до Министерството за правда и тие беа консултирани со работната група.[267] Законот ги следи Директивата 2008/52/ЕС за медијација во граѓанските и стопанските спорови[268] и Алатките за развој на медијацијата на CEPEJ од 2018 година,[269] со што Република Северна Македонија се приближува кон европските стандарди за медијација. Главниот акцент во законот е ставен токму на јакнење на интегритетот и квалитетот на медијаторите, што се покажа како клучен фактор за промоција на медијацијата и нејзината употреба во практиката.[270] Согласно тоа, со законот се ревидираше начинот на полагање на испитот за медијатори, се вметна можноста за поведување на постапката за медијација по електронски пат и се воведе задолжително внесување

261 Следење на интернет-страницата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

262 Министерство за правда, „Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план“.

263 Закон за медијација, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 294/2021.

264 Работната група беше формирана во Министерството за правда, во која членуваше директорката на АСЈО, претставник на невладиниот сектор, претставници од Комората на медијатори на Република Северна Македонија (КМРСМ), вклучително и претседателот на КМРСМ.

265 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

266 Исто.

267 Исто.

268 Директива 2008/52/ЕК на Европскиот парламент и на Советот од 21 мај 2008 година за одредени аспекти на медијацијата во граѓански и трговски прашања, CELEX 32008L0052, OJ L 136, 24.5.2008, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX:32008L0052, стр. 3-8.

269 Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ), „Алатки за развој на медијација – Обезбедување имплементација на насоките за медијација на CEPEJ (Mediation Development Toolkit – Ensuring Implementation of the CEPEJ Guidelines on Mediation)“, CEPEJ( )7REV 2018, https://rm.coe.int/mediation-development-toolkit-ensuring-implementation-of-the-cepej-gui/16808c3f52.

270 „Дебата: Расте бројот на предмети решени со медијација, но сè уште постои слаба информираност за истата“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, 16 септември 2022, https://epi.org.mk/post/22207.

на сите примени барања за медијација во Електронскиот регистар, воведен од Министерството за правда во август 2020 година,[271] како и задолжително внесување на податоците за понатамошниот тек на постапката.[272] Дополнително, со законот се врши поблиско уредување на работењето и надлежностите на телото надлежно за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, односно се воведува Национален совет за медијација.[273] Во таа насока, на 54-тата седница на Владата, потпретседателката на Стопанската комора на Република Северна Македонија и претседателката на Асоцијацијата за медијација при Комората, Јелисавета Георгиева-Јовевска, беше именувана за прв национален координатор за медијација.[274] Последователно, Владата објави јавен оглас за искажување интерес за учество во Националниот совет за медијација, со рок за пријавување до петти август 2022 година,[275] а на седницата одржана на шести септември 2022 година го донесе Решението за именување на четирите члена и секретарот на Националниот совет за медијација, од редот на административните службеници во државната управа при Министерството за правда.[276]

Со цел доследна примена на новиот Закон за медијација, во април 2022 година се донесоа и предвидените подзаконски акти како: Правилникот за поблиските критериуми, начинот на субвенционирањето, исплатата, образецот за наплатена награда, трошоците на медијаторот, образецот на барањето за субвенционирање и потребната документација што се доставува во прилог на барањето за субвенционирање на дел од трошоците за медијација;[277] Правилникот за начинот на вршење надзор над работата на Комората на медијатори на Република Северна Македонија;[278] Правилникот за содржината на Регистарот за примени барања за медијација и начинот на внесување на примените барања за медијација[279] и Правилникот за програмата за полагање на испитот за медијатори, начинот на организирањето и полагањето на испитот, начинот

271 Министерство за правда, „Е-регистар за евидентирање предмети на медијација“, 17 август 2020, http://mediation.pravda.gov.mk/login.

272 „Патот на медијацијата во Република Северна Македонија“, Институт за европска политика – Скопје, 17 август 2022, https://epi.org.mk/post/22023.

273 Национален совет, согласно законот, располага со сопствен буџет, а предвидени се и критериуми што треба да ги исполнуваат националниот координатор и членовите за да бидат избрани од страна на Владата на РСМ.

274 „Записник од 54-та седница на Владата“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 21 јуни 2022, https://vlada.mk/2022-54.

275 „Јавен оглас за искажување на интерес за учество во Националниот совет за медијација“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 5 август 2022, https://vlada.mk/node/29660.

276 За членови на Националниот совет за медијација се именуваа Љупчо Сотироски, Ивана Талевска-Трендафилова, Зоран Петковиќ-Бакли и Миљазим Мустафа, а за секретар на Националниот совет за медијација од редот на административните службеници во државната управа се именува Васко Неловски од Министерството за правда. „Решение за именување на членови и секретар на Националниот совет за медијација“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 201/2022.

277 Правилник за поблиските критериуми, начинот на субвенционирањето, исплатата, образецот за наплатена награда, трошоците на медијаторот, образецот на барањето за субвенционирање и потребната документација што се доставува во прилог на барањето за субвенционирање на дел од трошоците за медијација, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 91/2022.

278 „Правилник за начинот на вршење надзор над работата на Комората на медијатори на Република Северна Македонија“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 100/2022.

279 „Правилник за содржината на Регистарот за примени барања за медијација и начинот на внесување на примените барања за медијација“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 100/2022.

на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит.[280] Тарифникот за медијатори, со кој се определува наградата и надоместокот на трошоците на медијаторите за извршените дејства во постапката за медијација, евидентирана во Регистарот на примени барања за медијација, беше донесен како последен подзаконски акт во септември 2022 година.[281]

Во следниот период, потребно е доследна примена на законските измени, но и подобрување во системот за постигнување квалитет во работата на медијаторите. Имено, спроведените обуки во март[282] и мај[283] 2022 година покажуваат дека сите медијатори не се доволно надлежни во справувањето со спорови. Тие укажуваат дека треба да се стави фокус на подобрување и одржување на квалитетот на медијаторите, обезбедување на континуирана соодветна обука и воведување на квалитативно оценување на нивната работа на годишна основа. Комората на медијатори сега е повидлива од порано и треба да ги насочи своите активности во оваа насока, преку поврзување со меѓународни мрежи за медијација, со цел размена на добри практики и искуства.[284] Дополнително, спроведените истражувања покажуваат дека јавноста сè уште знае малку за медијацијата, генерално и професионално.[285] Во оваа насока, потребно е Владата да спроведе видливи активности во рамките на кампањата за промоција на медијацијата „Има решение“, најавена во јануари 2022 година.[286] Од друга страна, јавната администрација е поинформирана од порано, но важно е да се таргетира и да се запознае делот од јавната администрација што работи на медијација.[287] Јавната администрација има воспоставени канали на информирање што се однесуваат на користењето на медијацијата, па согласно тоа промовирањето на медијацијата треба да биде во таа насока.[288] Потребни се и повеќе обуки за судиите и обвинителите, кои работат на предмети од медијабилна природа, како и повеќе обуки за идните судии и обвинители за медијација, во рамките на почетната

280 „Правилник за Програмата за полагање на испитот за медијатори, начинот на организирањето и полагањето на испитот, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2022.

281 „Тарифник за медијатори“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 194/2022.

282 „Медијаторите и обучувачите од АСЈО ги унапредуваат своите вештини со помош од холандски партнери“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, 28 февруари 2022, https://epi.org.mk/post/20461.

283 „Втора група на сегашни и идни обучувачи за медијација поминаа обука за методи и вештини од холандски експерти“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, 9 мај 2022, https://epi.org.mk/post/20820.

284 Ардита Абази Имери, „Придобивки од медијацијата – свеста во јавната администрација и бизнис-секторот во Северна Македонија (Benefits of Mediation – Awareness in the Public Administration and Business Sector in North Macedonia)“, Годишник за европско право, политики и институции (Yearbook on European Law, Policies, and Institutions), vol. 1, Институт за европска политика – Скопје, 2022, стр. 9-19, 8 ноември 2022, https://epi.org.mk/post/22474.

285 Агенција „Рејтинг“,„Перцепција на јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин за решавање на спорови во Република Северна Македонија“, Институт за европска политика – Скопје, 25 октомври 2021, https://epi.org.mk/post/18108; Гордана Лажетиќ, Олга Кошевалиска и Лазар Нанев, „Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија“, Институт за европска политика – Скопје, 13 јуни 2022, https://epi.org.mk/post/21393.

286 „Маричиќ ја најави кампањата ‘Има решение‘: Медијацијата е побрза и поекономична постапка“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 14 јануари 2022, https://vlada.mk/node/27370.

287 Ардита Абази Имери, „Придобивки од медијацијата – свеста во јавната администрација и бизнис-секторот во Северна Македонија (Benefits of Mediation – Awareness in the Public Administration and Business Sector in North Macedonia)“, Годишник за европско право, политики и институции (Yearbook on European Law, Policies, and Institutions), vol. 1, Институт за европска политика – Скопје, 2022, стр. 9-19, 8 ноември 2022, https://epi.org.mk/post/22474.

288 Исто.

обука на АСЈО.[289] Потребни се и буџетски средства за зголемено користење на медијацијата согласно Законот за правда на децата, особено имајќи предвид дека медијација значи помалку трошоци за странките. Во оваа насока, во моментот кога го креира својот буџет обвинителството треба да има процена на бројките околу предметите што се однесуваат токму на децата.[290]

Законот за парнична постапка што беше донесен од страна на Владата во јули 2021 година[291] и поднесен до Собранието во август 2021 година,[292] сè уште се наоѓа во фаза на прво читање, на разгледување пред работните тела на Собранието и не е претресен на пленарна седница на Собранието.[293] Во отсуство на образложение зошто постапката е „заглавена", како една од причините може да биде околноста дека се работи за закон што се носи со двотретинско мнозинство (затоа што уредува судска постапка) и за кој се бара општ консензус помеѓу политичките партии или е предмет на одредени политики преговори.[294] Предлог-законот предвидува сеопфатна реформа во голем број правни институти што се уредуваат со Законот за парнична постапка, ефикасно остварување на правата и интересите на сите учесници во постапката, како и негово прецизирање и усогласување со поврзаните закони.[295] Неговото донесување е од исклучителна важност, за што повторно реагира и Европската комисија.[296] Затоа, потребно е Собранието без одложување да го донесе законот, со цел навремено почнување на обемните активности неопходни за подготовка на капацитетите на судството за негова примена.[297]

Предлог на нов Закон за вештачење беше објавен на ЕНЕР во текот на февруари 2022 година,[298] но законот сè уште не е донесен од страна на Владата. Граѓанските организации што работат во областа на правосудството не беа вклучени во работната група за изработка на нацрт-текстот.[299] Клучна реформа што ја носи предлог-законот

289 Гордана Лажетиќ, Олга Кошевалиска и Лазар Нанев, „Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија", Институт за европска политика – Скопје, 13 јуни 2022, https://epi.org.mk/post/21393.

290 Институт за европска политика – Скопје, „Документ за јавните политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година'" (n 32).

291 „Записник од 92-та седница на Владата", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 27 јули 2022, https://vlada.mk/vladini-sednici?page=2.

292 „Новиот Закон за парничната постапка – реформа која сè уште е во собраниска процедура", Академик, 3 мај 2022, https://akademik.mk/noviot-zakon-za-parnichnata-postapka-reforma-koja-se-ushte-e-vo-sobraniska-protsedura/.

293 „Детали на материјал – предлог на Закон за парничната постапка", официјална интернет-страница на Собрание на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=d1d44644-0f3a-4f12-b3da-bea6154d4f87.

294 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

295 „Новиот Закон за парничната постапка – реформа која сè уште е во собраниска процедура", Академик, 3 мај 2022, https://akademik.mk/noviot-zakon-za-parnichnata-postapka-reforma-koja-se-ushte-e-vo-sobraniska-protsedura/.

296 Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај Северна Македонија 2022 година (COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT – North Macedonia 2022 Report)", 12 октомври 2022, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en.

297 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

298 „Предлог на Закон за вештачење", електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, 17 февруари 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=70466.

299 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

е укинување на Бирото за судски вештачења како посебен орган на државата кој врши вештачења. Дополнително, се унапредува правната рамка за функционирање на Комората за вештаци, се доуредуваат одредбите за дисциплинска одговорност на вештаците и се прави обид да се отстранат други недостатоци. Потребно е со реформите во системот за вештачење, меѓу другото, да се обезбеди и пристап до вешти лица за корисниците на правото на бесплатна правна помош.[300]

Во рамките на реформата на казненото право, во извештајниот период на ЕНЕР се објави предлог-текстот на нов Кривичен законик.[301] Со новиот предлог-текст се рекодификуваат кривичните дела пропишани во други закони, се вградуваат сите најнови меѓународни стандарди, и тоа од областа на тероризмот, еколошкиот криминал, финансиските измами, недозволеното производство и трговија со оружје.[302] Воедно, посебно внимание се посветува на редефинирање на казнената политика во пропишувањето на казните, но и редефинирање на одредбите за конфискација и подобрување на одредбите за безбедноста на лекарите и новинарите.[303] Дополнително, направени се измени и воведени се нови кривични дела со цел усогласување со Истанбулската конвенција, а сепак се потребни промени за целосно усогласување со Конвенцијата.[304] По многубројните реакции на јавноста, но и на стручната јавност во текот на изминатата година,[305] во предлог-текстот се воведе и ново кривично дело – безобзирно управување со моторно возило.[306] Предлог-законот се очекува да биде донесен до крајот на 2022 година.[307] Од друга страна, покрај изработката на предлог-текстот на новиот Кривичен законик, сè уште не се донесени измените и дополнувањата на постојниот Кривичниот законик,[308] кој е во собраниска постапка од август 2021 година.[309]

300 Исто.

301 „Предлог на Кривичниот законик", електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, 7 јули 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=74071.

302 „Постапката за подготовка на Предлог на Кривичниот законик е почната", Академик, 4 мај 2022, https://akademik.mk/postapkata-za-podgotovka-na-predlog-na-krivichniot-zakonik-e-zapochnata/.

303 Исто.

304 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

305 „Маричиќ за условната казна за сообраќајката во Охрид: 'Не можам да бидам рамнодушен, очекувам праведна одлука'", 360 степени, 15 ноември 2022, https://360stepeni.mk/marichik-za-uslovnata-kazna-za-soobrakajkata-vo-ohrid-ne-mozham-da-bidam-ramnodushen-ochekuvam-pravedna-odluka/.

306 „Ќе се воведе ново кривично дело 'Безобзирно управување со моторно возило'", Академик, 16 ноември 2021, https://akademik.mk/kje-se-vovede-novo-krivichno-delo-bezobzirno-upravuvane-so-motorno-vozilo/.

307 „Тупанчески: 'Новиот Кривичен законик ќе се донесе до крајот на годината'", 360 степени, 17 февруари 2022, https://360stepeni.mk/tupancheski-noviot-krivichen-zakonik-ke-se-donese-do-krajot-na-godinata/.

308 „Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик", Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, 2 март 2021, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=61439.

309 Со предлог-законот за изменување и дополнување на постојниот Кривичен законик се врши имплементација на Истанбулската конвенција преку воспоставување нови кривични дела што опфаќаат родово базирано насилство, редефинирање на постојните, како и заострување на казнената политика во однос на овие дела. Дополнително, се интервенира во кривичните дела поврзани со безбедноста на новинарите, се менуваат одредени одредби во сферата на конфискацијата и тортурата и се врши усогласување на КЗ со Директивата (ЕУ) 2017/1371 за борба против измама во врска со финансиските интереси на Унијата со примена на кривичното право.

*Во извештајниот период почнаа подготовки за изработка на нов Граѓански законик, најавен како најголемата реформа во сферата на граѓанското право, чија работна група ја имаше својата конститутивна седница во јули 2022 година.[310] Истиот месец, на ЕНЕР се објави и предлог на нов Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка,[311] во чија подготовка активна улога имаат и граѓанските организации што работат во областа на правосудството.[312]*

*Кадровското, техничкото и инфраструктурно доекипирање сè уште остануваат предизвик, а се од исклучителна важност за унапредување на квалитетот на обуките што ги спроведува АСЈО. Потребно е обезбедување на нови простории на Академијата за судии и јавни обвинители со цел целосно да може да ги извршува своите примарни надлежности, поточно да организира обуки во рамките на континуираната обука, како и да има доволно можности да ги прима новите кандидати на почетна обука.*

*Со цел усогласување на судската практика, потребно е преку заеднички средби на Врховниот суд на Република Северна Македонија со апелациските судови да се заземат заеднички ставови по одредени правни прашања заради поголема уедначеност при донесувањето на одлуките, како и да се зголеми активноста на одделите за судска практика. Заради следење на насоките и ставовите што ги заземаат апелациските судови на своите средби, заклучоците од овие средби треба да бидат потранспарентни, со што ќе се поедностави примената на судската практика.*

*По доцнење повеќе од една година и пречекорување на рокот утврден во Акцискиот план на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година, се донесе новиот Закон за медијација, а последователно и предвидените подзаконски акти. Во следниот период, потребно е доследна примена на законските измени, но и подобрување во системот за постигнување квалитет во работата на медијаторите. Комората на медијатори сега е повидлива од порано и треба да ги насочи своите активности во оваа насока, преку поврзување со меѓународни мрежи за медијација, со цел размена на добри практики и искуства. Потребно е и дополнително унапредување на концептот на медијација преку промотивни активности. Во оваа насока потребно е Владата да спроведе видливи активности во рамките на кампањата за промоција на медијацијата „Има решение“. Потребни се и повеќе обуки за судиите и обвинителите, кои работата на предмети од медијабилна природа, како и повеќе обуки за идните судии и обвинители за медијација, во рамките на почетната обука на АСЈО.*

*Потребно е Собранието без одложување да го донесе новиот Закон за парнична постапка, со цел навремено почнување на обемните активности неопходни за подготовка на капацитетите на судството за негова примена.*

---

310 „Тупанчески: ’Со новиот Граѓански законик ќе се реализира најголемата реформа во сферата на граѓанското право’“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 8 јули 2022, https://vlada.mk/node/29538.

311 „Предлог-закон за конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка“, електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, 15 јули 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=74776.

312 Блупринт група за реформи во правосудството, „Одговор на барање за мислење по предлог-текстот на Законот за управување со одземен имот, доставен на 22.07.2022 година“, 3 август 2022.

# ЕФИКАСНОСТ

Според податоците од Годишниот извештај на Судскиот совет за 2021 година,[313] судовите во 2021 година успеале да го совладаат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 2.256 предмети. Од статистичките извештаи за работата на судовите, ССРСМ констатира дека во 2021 година од 34 суда, ажурни биле 15 суда, додека неажурни биле 19 суда, и тоа четири апелациски суда, 15 основни суда и ВСРСМ. Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2021 година, од страна на ССРСМ, во соработка со претседателите на судовите, преземени се конкретни мерки за намалување на заостатокот на стари предмети во судството, постари од три, седум и десет години. Односно, за да се намали бројот на постари предмети од седум и десет години, ССРСМ со одлука, преку претседателите на судовите, ги задолжи судиите кои постапуваат по ваков вид предмети, да изготват план и проекција за решавање на секој предмет. Планот и проекцијата се составен дел од извештаите на работните тела кои месечно се доставуваат до ССРСМ. Како резултат на преземените мерки истакнати погоре, ССРСМ во извештајот констатира решавање на голем број на стари предмети во сите судови. Сепак, и во овој извештаен период продолжи трендот на несовпадливост на податоците за обемот на работа на судовите од Министерството за правда, со податоците на ССРСМ.[314] Воедно, судовите работат по различни методологии, па некои податоци се заведени како предмети што влегуваат, а некои како предмети што не влегуваат во норма.[315] Затоа, потребно е да се воспостави механизам за водење на единствена и апсолутно точна статистика за обемот на работа на судовите, во спротивен случај залудно е вршењето анализи и преземање на соодветни активности за надминување на неажурноста на судовите.[316]

Според Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства за 2021 година,[317] од друга страна, во предметното работење на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на вишите јавни обвинителства, на основните јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во 2021 година е постапувано ажурно и стручно. И покрај проблемите со кои се соочуваат, како значително намален број на јавни обвинители, нецелосно пополнетата јавнообвинителска служба и недоволните финансиски

313 Судски совет на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2021 година“, февруари 2022, https://bit.ly/3Uqkjqa.

314 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022 година“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 25 ноември 2022, https://epi.org.mk/post/22609.

315 Исто.

316 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

317 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година“, јуни 2022, https://bit.ly/3E0kkM7.

средства за работа, јавните обвинителства успеале да го совладаат приливот на нови кривични пријави и да го намалат бројот на нерешени предмети. Односно, решени се 62,8% од кривичните пријави во текот на 2021 година, наспроти 2020 година, кога биле решени 54% предмети од вкупниот број пријави. Дополнително, на крајот на 2021 година останале 37,2% од нерешените кривични пријави, наспроти 2020 година, кога останале 46% од нерешените кривични пријави.

Сепак, за зголемување на ефикасноста на судството и на јавното обвинителство неоспорно се потребни повеќе финансиски средства, зголемување на човечките ресурси, како и зголемување на просторните и техничките услови за работа.

Проблемот со недостигот на кадар, како еден од главните проблеми со кои се соочуваат судството и јавното обвинителство, беше присутен и во текот на 2021 година, а се зголеми во јули 2022 година. Стапувањето во сила на измените и дополнувањата на Законот за работни односи и недонесување на амандманите за пролонгирање на работниот стаж на судиите и јавните обвинители за уште три години има влијание врз ефикасно работење на судството и обвинителството. Имено, и покрај тоа што во текот на 2021 година во судовите се реализираа нови вработувања, во Годишниот извештај на Судскиот совет за 2021 година се нотира потреба од раководен кадар, стручен и административно-технички кадар и стручни кадри од областа на информатичката технологија, управувањето со човечките ресурси, внатрешната ревизија, јавната внатрешна финансиска контрола и стратешкото планирање.[318] Поради недоволниот број судии во согласност со систематизацијата направена од ССРСМ, Советот во 2021 година донесе десет одлуки за привременото упатување на судии,[319] а во првите девет месеци од 2022 година, поради пензионирањето на 59 судии,[320] Советот донесе пет одлуки за привремено упатување на судии.[321] Во оваа насока, ССРСМ на 31 август 2022 година свика и итна седница за разгледување на барањето од АСЈО за утврдување на бројот на слободни судски места за основните судови во РСМ.[322] На седницата, ССРСМ донесе одлука со која утврди сто слободни судски места за основните судови во РСМ, со цел објавување оглас за деветта генерација кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители.[323] Во следниот период потребно е ССРСМ да направи и

318 Судски совет на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2021 година", февруари 2022, https://bit.ly/3Uqkjqa.

319 Исто.

320 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 25 ноември 2022.

321 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 16 ноември 2022.

322 „Соопштение за итна 414-та седница на Судскиот совет на РСМ – 31.08.2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 30 август 2022, https://bit.ly/3zGxKu8.

323 „Соопштение од 414-та седница на Судскиот совет на РСМ – 31.08.2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3UpeHfB.

повеќегодишен план за распоредување и пополнување на судските места, со оглед на тоа што и во следните години се очекува значителен број судии да ги исполнат условите за старосна пензија.[324]

Недостиг на кадар се забележува и кај јавните обвинителства. Во 2021 година, од вкупно 262 систематизирани места во јавните обвинителства, пополнети биле само 172 места.[325] Бројот на пополнети места е намален за уште сто, со што, заклучно со септември 2022 година, пополнети се само 162 места.[326] За извршување на функцијата определена со законите од големо значење е побрзо пополнување на испразнетите места на јавните обвинители, особено во основните јавни обвинителства, каде што нема ниту еден јавен обвинител.[327] Исто така, потребно е да се пополнат испразнетите места за записничари и други административни кадри, а првенствено за зајакнување на капацитетите на истражните центри.[328] Меѓутоа, за да се постигне сето ова, неопходно е СЈОРСМ да донесе методологија врз основа на која ќе се детерминира точната бројка на потребни јавни обвинители, како и потребата од стручни соработници со цел правилно функционирање на јавнообвинителската служба.[329]

Во извештајниот период, недостигот на кадар беше клучен и во извршувањето на законско-предвидените обврски на Уставниот суд, за што судот повеќекратно предупреди.[330] Со четири судии помалку од уставно-предвидените девет, судот на своите седници, повеќе од девет месеци, има предмети што не добиваат мнозинство и се одложуваат за неизвесен период.[331] Дванаесеттата седница на Уставниот суд за 2022 година беше првата седница на која не беше донесена одлука за ниту една од точките на дневниот ред.[332] Поради некомплетен состав, судот нема донесено одлуки за повеќе од 30 предмети, а проблемот со кадарот се одразува и врз можноста да се спроведат големи реформи во Уставниот суд, како што е донесувањето на

324 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

325 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година“, јуни 2022, https://bit.ly/3E0kkM7.

326 Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022 година“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 25 ноември 2022, https://epi.org.mk/post/22609.

327 Основното јавно обвинителство Крива Паланка, Основното јавно обвинителство Свети Николе, Основното јавно обвинителство Делчево итн.

328 Исто.

329 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, 2022, https://bit.ly/3H93UCm.

330 „Кацарска: ‘Состојбата во Уставен е сериозна, додека не се пополни бројот на судии нема да се разгледуваат важни предмети‘“, 360 степени, 30 мај 2022, https://360stepeni.mk/katsarska-sostojbata-vo-ustaven-e-seriozna-dodeka-ne-se-popolni-brojot-na-sudii-nema-da-se-razgleduvaat-vazhni-predmeti/.

331 „Соопштение по одржаниот работен состанок на претседателката на судот Добрила Кацарска со претседателот на државата Стево Пендаровски, претседателот на владата Димитар Ковачевски и претседателот на собранието Талат Џафери“, официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 30 мај 2022, http://ustavensud.mk/?p=22303.

332 „Уставниот суд со ’врзани раце‘, за прв пат не донесе ниту една одлука“, Фокус, 13 април 2022, https://fokus.mk/ustavniot-sud-so-vrzani-ratse-za-prv-pat-ne-donese-nitu-edna-odluka/.

нов акт, бидејќи Судот сè уште работи според деловник што е донесен во 1992 година.[333] Изборот на нови уставни судии беше заглавен во Собранието со месеци. По повеќекратни одложувања и блокади, на 13 мај 2022 година, Комисијата за прашања на изборите и именувањата конечно ја почна постапката за избор на нови уставни судии, ставајќи го прашањето за утврдување предлози за избор на судии на дневниот ред на седницата.[334] За четири места во Уставниот суд, пратениците во Собранието предложија девет кандидати.[335] До септември 2022 година членовите на Комисијата дадоа поддршка за двајца од предложените девет кандидати – Фатмир Скендер[336] и Татјана Васиќ Бозаџиева.[337]

За зголемување на ефикасноста на судството и на јавното обвинителство неоспорно е потребно и подобрување и/или обезбедување на просторни услови. Најголем дел од судските згради се функционални, но имаат потреба од реконструкција и обновување на инфраструктурата и просторните услови, како и санирање дефекти.[338] Дополнително, просторните капацитети на судовите во судските згради се ограничени заради другите државни институции што се сместени и ги користат капацитетите на судската зграда.[339] Пред сè, ова се однесува на некои јавни обвинителства, кои сè уште функционираат во судските згради.[340] Подобрувањето на просторните услови за работа на јавните обвинителства е од суштествено значење за извршувањето на функцијата, а особено во Основното јавно обвинителство Тетово, во кое не се доволни просториите во кои е сместено тоа.[341] Од друга страна, речиси во сите судови недостигаат паркинг-места, не само за странките туку и за вработените, енергетска ефикасност на зградите, судници и пристапни рампи за лицата со посебни потреби.[342]

333 „Соопштение по одржаниот работен состанок на претседателката на судот Добрила Кацарска со претседателот на државата Стево Пендаровски, претседателот на владата Димитар Ковачевски и претседателот на собранието Талат Џафери", официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 30 мај 2022, http://ustavensud.mk/?p=22303.

334 „Изборот на уставни судии денеска е на дневен ред на Комисијата за изборите и именувањата – речиси една година откако судот е со намален број судии", 360 степени, 2 јуни 2022, https://360stepeni.mk/izborot-na-ustavni-sudii-deneska-e-na-dneven-red-na-komisijata-za-izbori-i-imenuvana-rechisi-edna-godina-otkako-sudot-e-so-namalen-broj-na-sudii/.

335 Власта за уставни судии ги предложи републичкиот јавен обвинител Љубомир Јовески, граѓанскиот судија во Апелациониот суд во Скопје, Фатмир Скендер и државната советничка за граѓанско законодавство во Министерството за правда, Татјана Васиќ Бозаџиева. Опозициската ВМРО-ДПМНЕ, од друга страна, за уставни судии ги предложи универзитетските професори Саво Климовски и Родна Живковска, штипскиот обвинител Тодор Витларов, судијата од Управниот суд, Весна Јовановска и поранешниот претседател на Основен суд Гостивар, Бранко Секуловски. „Предлози за нови уставни судии", 24 Вести, 13 мај 2022, https://24.mk/details/predlozi-za-novi-ustavni-sudii.

336 „Продолжува комисиската расправа во Собранието за избор на уставни судии, досега прифатен само Фатмир Скендер", Нова ТВ, 9 јуни 2022, https://novatv.mk/prodolzhuva-komisiska-rasprava-vo-sobranieto-za-izbor-na-ustavni-sudii-dosega-prifaten-samo-fatmir-skender/.

337 „Седницата за избор на уставни судии продолжи со расправија околу деловникот", Нова Македонија, 19 септември 2022, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/sednicata-za-izbor-na-ustavni-sudii-prodolzhi-so-raspravija-okolu-delovnikot/.

338 Центар за правни истражувања и анализи, „План за подобрување на работата и условите во основните судови", 18 ноември 2021, https://bit.ly/3hefcef.

339 Исто.

340 Ана Павловска-Данева, „Резултати и недоследности во имплементацијата на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 година", Институт за европска политика – Скопје, 20 септември 2021, https://epi.org.mk/post/19961.

341 Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година", јуни 2022, https://bit.ly/3E0kkM7.

342 Ана Павловска-Данева, „Резултати и недоследности во имплементацијата на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 година", Институт за европска политика – Скопје, 20 септември 2021, https://epi.org.mk/post/19961.

Во извештајниот период, Владата конечно обезбеди соодветни просторни услови за Управниот суд.[343] Новата зграда на Управниот суд се отвори за користење во јули 2022 година, а таа е обезбедена две години по почнатата примена на новиот Закон за управни спорови.[344] Во просториите на зградата, се формираше и медиумски центар на судот, со цел подобрување на способноста на судот, за олеснување на работата на новинарите и зголемување на транспарентноста и применетоста на стандардите за правично судење.[345]

Со цел доследно спроведување на планот за дигитализација во судството и процесот на интероперабилност, со кои се очекува да се придонесе за поголема ефикасност, како на судството, така и на јавното обвинителство,[346] потребно е подобрување на информатичко-техничките капацитети во судството и обвинителството. Слабиот капацитет на серверите и непостоењето на дигитални бази на податоци за движењето на предметите (АКМИС) и аудиозаписите (ФЕМИДА) сѐ уште е присутен во судството.[347] Компјутерската опрема е застарена, а недостига и систем за електронска достава на документи.[348] Дополнително, електронското поврзување на судовите сѐ уште е нефункционално, освен за регистрираните адвокати, нотари, извршители и странки во постапката кои комуницираат преку електронска адреса.[349] Во оваа насока, потребно е да се донесе законска регулатива за електронско работење на судовите, бидејќи законската регулатива што ги регулира електронското управување и електронските услуги не ги опфаќа судовите, односно таа регулира само административни услуги.[350] Од друга страна, во јавното обвинителство, во текот на 2021 година, се спроведени повеќе јавни набавки со кои се создадоа услови секој јавен обвинител да работи на сопствен компјутер и печатач.[351] Согласно тоа, секое јавно обвинителство располага со скенер за електронскиот систем за водење уписници и скенер за брза достава на списи по електронски пат.[352] Меѓутоа, неопходно е да се замени дотраената ИТ-опрема на поголемиот број од јавнообвинителската служба.[353]

343 „Тупанчески: 'Новата зграда на Управен суд ќе обезбеди подобри услови за водење на судските постапки'", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 6 јули 2022, https://vlada.mk/node/29514.
344 Закон за управни спорови, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 96/2019.
345 „Управниот суд доби нова зграда во центарот на Скопје", Опсервер, 6 јули 2022, https://opserver.mk/makedonija/upravniot-sud-dobi-nova-zgrada-vo-centarot-na-skopje/.
346 Институт за европска политика – Скопје, „Дигитално судство – нова ера на реформите на македонскиот правосуден систем", 7 септември 2021, https://epi.org.mk/post/18200.
347 Центар за правни истражувања и анализи, „План за подобрување на работата и условите во основните судови", 18 ноември 2021, https://bit.ly/3hefcef.
348 Исто.
349 Исто.
350 Исто.
351 Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година", јуни 2022, https://bit.ly/3E0kkM7.
352 Исто.
353 Исто.

Во насока на доследно спроведување на планот за дигитализација, потребно е со новата Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2023-2027 да се предвидат и краткорочни чекори за воспоставување на функционален центар за информациско-комуникациска технологија, аналитика и статистика во рамките на ССРСМ, со што ќе се почне процесот на водење на изедначена статистика и обработка на сите релевантни податоци што произлегуваат од работата на судовите.[354] ССРСМ досега има обезбедено само просторни услови, преку оспособување на еден дел од просторот во кој работи.[355] Од буџетот за 2022 година, во рамките на судскиот буџет не се обезбедени средства за овие капитални инвестиции.[356]

За ефикасно судство, потребен е и ажуриран Судски деловник, кој доследно ќе одговори на потребите на судството во даден период.[357] Судството сè уште постапува по Судскиот деловник донесен во 2013 година.[358] Во изминатиот период, Министерството за правда, во рамките на своите надлежности, формираше работна група за подготовка на нов Судски деловник, која изготви нацрт-текст.[359] Меѓутоа, нацрт-текстот на новиот Судски деловодник сè уште не е финализиран, бидејќи директно зависи од одредби во повеќе процесни закони, чии измени се во тек.[360] Имено, одредени одредби, особено во делот на дигитализација на судството, се очекува да бидат воспоставени во Судскиот деловник по донесувањето на Законот за кривична постапка[361] и Законот за парнична постапка. [362] Одредбите од Судскиот деловник се применуваат во сите судови во РСМ, освен за поодделни прашања

354 Согласно Законот за Судскиот совет, Центарот е одговорен за чување на базата на податоци за електронски досиеја на судиите, кандидатските списоци за избор на судии и претседатели на судови, оценување судии и претседатели на судови и базата на податоци за финансиско и материјално работење на единките корисници на судскиот буџет. Дополнително, центарот е одговорен за чување на реплицирана база на податоци за Судскиот информатички систем, која е сместена во Врховниот суд на РСМ и се користи согласно одредбите од овој закон. Исто така, Центарот ги координира активностите на другите центри за информатика во судството со цел подобрување на софтверските и хардверските решенија во судството. Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

355 „Технички прием на нов деловен простор за Центар за информациско-комуникациска технологија, аналитика и статистика", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 29 октомври 2019, https://bit.ly/3WA72Nh.

356 „Програма за работа на Судски буџетски совет за 2022 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3haukJA.

357 Со Судскиот деловник се уредуваат внатрешната организација на судовите; начинот на работењето на судовите; водењето евиденции за предметите; водењето уписници и други помошни книги и книги за евиденција; постапувањето со списите, обрасците, работата по меѓународната правна помош и постапувањето по претставките и предлозите, повикувањето и распоредувањето на судиите-поротници; поставувањето на постојаните судски преведувачи, толкувачи и вешти лица; водење статистика и евиденција и стручното усовршување на кадрите; правилата за односи со јавноста; посебните ознаки на судските возила; информатичкиот систем во судовите; аудиовизуелно снимање на расправа, како и други прашања од значење за работата на судовите.

358 „Судски деловник", „Службен весник на Република Македонија", бр. 66/2013; „Деловник за изменување и дополнување на Судскиот деловник", „Службен весник на Република Македонија", бр. 114/2014.

359 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

360 Исто.

361 „Предлог-закон за кривичната постапка", Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, 20 ноември 2018, https://bit.ly/3UaJ2ih.

362 „Прелог-закон за парничната постапка", Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=58350.

уредени со посебни прописи или со Деловникот за работа на ВСРСМ.[363] Во оваа насока, во декември 2021 година, ВСРСМ го донесе новиот Деловник,[364] со што беше заменет Деловникот од 1998 година.[365] Со новиот Деловник, ВСРСМ воспостави нов начин на работа и организација.[366]

Клучно за зголемување на човечките ресурси, како и за зголемување на просторните и техничките услови за работа, од кои директно зависи ефикасноста на судството и јавното обвинителство е соодветното финансирање, детално елаборирано во делот на независност од овој извештај. Имено, во 2021 година, на судството се одобрени средства за финансирање во износ од 2.105.398 илјади денари,[367] а во 2022 година, согласно предлог-буџетот на РСМ, за 2022 година се одобрени 2.318.156 илјади денари,[368] што претставува 60% помалку од законски утврдениот лимит.[369] Што се однесува на јавното обвинителство, од неопходните средства во износ од 972.008,00 денари за работа на обвинителствата за 2021 година, колку што беа побарани во предлог-пресметката, заедно со ребалансот на Буџетот, вкупно беа одобрени парични средства во износ од 571.416 денари или 58,79%,[370] што не се доволни обвинителствата непречено да ја извршуваат функцијата. Согласно предлог-буџетот на РСМ, за 2022 година се одобрени 662.332 денари.[371] Со немањето на доволно финансиски средства доделени на јавното обвинителство, се нарушува и тајноста на истрагата со тоа што обвинителите се обврзани да се обратат на извршната власт за дополнителни средства за вештачење при водење истраги за капитални кривични предмети.[372]

363 Судски деловник, член 2.
364 „Деловник за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија“, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 14/2022.
365 „Врховниот суд го усвои новиот Деловник за работа“, Академик, 29 декември 2021, https://akademik.mk/vrhovniot-sud-go-usvoi-noviot-delovnik-za-rabota/.
366 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.
367 Државен завод за ревизија, „Конечен извештај за извршената ревизија на усогласеност на основен буџет на Република Северна Македонија за 2021 година“, 2022, https://dzr.mk/sites/default/files/2022-09/01_Osnoven_budzet_RSM_KOMPLET_2021_0.pdf.
368 Министерство за финансии, „Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2022 година“, https://bit.ly/3WATG3l.
369 Државен завод за ревизија, „Конечен извештај за извршената ревизија на усогласеност на основен буџет на Република Северна Македонија за 2021 година“, 2022, https://dzr.mk/sites/default/files/2022-09/01_Osnoven_budzet_RSM_KOMPLET_2021_0.pdf.
370 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година“, јуни 2022, https://bit.ly/3E0kkM7.
371 Министерство за финансии, „Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2022 година“.
372 Институт за европска политика – Скопје, „Дијалог за политики 'Имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план – До каде сме и што понатаму?'“, 15 септември 2021, https://epi.org.mk/post/17822.

*Ажурноста на судовите за 2021 година е подобрена во споредба со 2020 година. Сепак, продолжи трендот на несовпадливост на податоците за обемот на работа на судовите од Министерството за правда, со податоците на Судскиот совет. Затоа, потребно е да се воспостави механизам за водење на единствена и апсолутно точна статистика за обемот на работа на судовите, со цел вршење на точни анализи и преземање на соодветни активности за надминување на неажурноста на судовите.*

*Јавните обвинителства во 2021 година постапувале ажурно и стручно, успевајќи да го совладаат приливот на нови кривични пријави и да го намалат бројот на нерешени предмети, и покрај недостатокот на кадар.*

*За зголемување на ефикасноста на судството и на јавното обвинителство потребни се повеќе финансиски средства, зголемување на човечките ресурси, како и зголемување на просторните и техничките услови за работа.*

*Потребно е Советот на јавните обвинители да утврди методологија по однос на која ќе го утврдува точниот број на јавни обвинители во едно јавно обвинителство, како и да ја утврдува потребата од стручни соработници со цел правилно функционирање на јавнообвинителската служба.*

*Потребно е да се донесе законска регулатива за електронско работење на судовите, бидејќи законската регулатива што ги регулира електронското управување и електронските услуги не ги опфаќа судовите, односно таа регулира само административни услуги. Неопходно е да се замени и дотраената ИТ-опрема на поголемиот број од јавнообвинителската служба.*

*Потребно е со новата Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2023-2027, да се предвидат краткорочни чекори за воспоставување на функционален центар за информациско-комуникациска технологија, аналитика и статистика во рамките на Судскиот совет, со што ќе се почне процесот на водење на изедначена статистика и обработка на сите релевантни податоци што произлегуваат од работата на судовите.*

*За ефикасно судство, потребен е и ажуриран Судски деловник, кој доследно ќе одговори на потребите на судството во даден период.*



# 2. Борба против корупцијата



Северна Македонија е рангирана на 87-то место во светот со 39 индексни поени, додека претходната година земјата беше на 111-то место со 35 индексни поени според последниот Индекс за перцепција на корупцијата на Транспаренси интернешнал.[373] Гонењето на високопрофилни случаи на корупција и зајакнати надзорни органи се сметаат за суштински за напредокот на Северна Македонија и за подобрувањето на нејзиното рангирање.[374]

Според процената на „Фридом хаус" (2/4)[375], останува загриженоста од минатата година во однос на ефикасноста и независноста на судството и борбата против корупцијата. Согласно извештајот на „Фридом хаус" (2/4)[376], Северна Македонија сѐ уште се бори со борбата против корупцијата и клиентелизмот, а особен проблем е неказнивоста на корумпираните владини функционери, вклучително и членовите на парламентот и судството.

Во минатогодишниот Извештај на Европската комисија за Северна Македонија се забележува напредок во борбата против корупцијата и судирот на интересите во земјата, но се потенцира и дека е потребно зајакнување на институционалните капацитети на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (ЈОРСМ), истражните центри и единиците за истражување корупција. Покрај тоа, секторите што се најподложни на корупција треба да подложат на процена на ризикот и соодветните активности. Клучните препораки се: да се зголеми поддршката на државните институции што ја спроведуваат Националната стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси и ефективно да се спроведуваат препораките на ГРЕКО, да се доделат доволно ресурси на ОЈОГОКК, вклучително и финансиски експерти, со цел да се обезбеди ефективна одговорност за случаите на корупција на високо ниво и да се продолжи со зголемување на бројот на правосилни пресуди во случаи на корупција на високо ниво.[377]

Функцијата заменик-претседател на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржливиот развој и човечките ресурси, кој беше именуван по првпат во септември 2020 година, во овој извештаен период го смени називот, па со реконструкцијата на Владата на средината на јануари оваа година беше именувана заменик-претседателката на Владата задолжена за политики и добро владеење.[378]

373 Транспаренси интернешнал, Индекс за перцепција на корупцијата 2021, 2021 Corruption Perceptions Index – Explore the... – Transparency.org.
374 Исто.
375 Фридом хаус, „Слобода во светот 2022 – Северна Македонија", 2022, https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2022>.
376 Исто.
377 Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај Северна Македонија 2022 година (COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT – North Macedonia 2022 Report)", 12 октомври 2022, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en.
378 „Николовски ја предаде функцијата вицепремиер на Грковска", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 17 јануари 2022, https://vlada.mk/node/27401.

На почетокот на јули, на предлог на заменик-претседателката беше донесена Информацијата за утврдување на етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата со Кодекс за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата. Измените на Кодексот се резултат на забелешките и препораките на Групата држави против корупција на Советот на Европа (ГРЕКО), а се однесуваат на унапредување на определбата на Владата за етичко однесување на членовите на Владата и другите јавни функционери, кои се должни да работат во интересот на граѓаните на Републиката.[379]

Планот за борба против корупција за 2022 година се потпира на четири клучни столба: дигитализација, независно и ефикасно судство, професионализација на институциите и превентивни мерки за борбата против корупцијата.[380]

ГРЕКО го донесе Адендумот на Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија во рамките на Четвртиот евалуациски круг и беше заклучено дека Северна Македонија постигнала одреден напредок во спроведувањето на препораките содржани во Извештајот од Четвртиот круг на евалуација – од вкупно деветнаесет препораки, девет се спроведени во задоволителна мера, девет се делумно спроведени, а само една препорака е неспроведена.[381]

379 „Усвоена Информацијата за утврдување на етичко однесување за членовите на Владата и носителите на именувани јавни функции“, Курир, 5 јули 2022, https://bit.ly/3hGukRL.

380 Исто.

381 „Извештај на ГРЕКО: ’Од 19 препораки, 9 се спроведени во задоволителна мера, 9 се делумно, а само 1 не е спроведена‘“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 4 јули 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6381.

# ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

## Државна комисија за спречување на корупцијата

Државната комисија за спречување на корупцијата и судирот на интересите (ДКСК) во текот на 2021 година прими 720 пријави од граѓани со сомневања за постоење на коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење судир на интереси, оформи 84 предмети по сопствена иницијатива и поведе 710 прекршочни постапки за ненавремено поднесени изјави за имотна состојба и интереси. Од областа на корупцијата донесе одлуки по 390 предмети, од областа судир на интереси донесе одлуки по 152 предмети, за непочитување на забраните во текот на изборниот процес одлучи по 41 предмет, од областа проверка на податоците од анкетните списоци одлучи по 92 пријави, а издаде 85 мислења по барања за потенцијален судир на интереси (вкупно 675 одлуки).[382]

Во април 2022 година, ДКСК го објави својот Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за 2021 година, заклучувајќи дека само 20% од сите активности планирани за 2021 година се целосно реализирани, 27% се во процес на имплементација, а 53% воопшто не се спроведени, додека најголемата реализација на активностите е во секторот правда (78%), по што следуваат секторот медиуми и граѓанско општество (67%), хоризонталната област на јавните набавки (33%) и секторот образование (22%).[383]

Во минатогодишниот Извештај на ЕК за Северна Македонија се забележува напредок во борбата против корупцијата и судирот на интересите во земјата. Позитивната оценка се базира на зголемен проактивен пристап на ДКСК, во повеќе сегменти, како што е отворањето на голем број предмети, вклучително и оние за лица на високи позиции во државните институции, давањето насоки на државните институции, а се потенцира и важноста од зајакнување на стручниот капацитет на ДКСК (новите простории и седум нови стручни вработувања во изминатата година).[384]

Во согласност со дефинираната законска надлежност во Законот за спречување на корупција и конфликт на интереси, ДКСК ја потпиша Политиката на интегритет, која треба да ги мотивира другите институции да се инволвираат во антикорупциските политики, а во моментот во тек е пилот-програма за менторирање на пет институции – Министерството за информатичко општество и администрација, Државниот завод за ревизија, Инспекцискиот

382 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупција за 2021 година“, март 2022, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2022/03/%D0%93%D0%98-2021-final.pdf.

383 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидени за реализација во 2021 година“, март 2022, https://bit.ly/3gdvxQk.

384 „ЕК констатира напредок во борбата против корупцијата ДКСК – со поголема меѓуинституционална соработка можеме до поголеми резултати“, службена интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата и судирот на интересите, 25 октомври 2021, https://bit.ly/3GgvLRf.

совет, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и Државната комисија за спречување на корупцијата.[385]

На почетокот на 2022 година, по сопствена инцијатива, ДКСК отворила три случаи против јавниот обвинител на Гостивар.[386] Исто така, на седницата одржана на 15 февруари 2022 година, ДКСК изјавила дека ќе го анализира доделувањето на спортските ваучери и побарала од Јавното обвинителство да почне кривични постапки против поранешни и сегашни градоначалници.[387]

ДКСК поднесе иницијатива за поднесување на кривична пријава до Јавното обвинителство против двајца поранешни генерални секретари на Владата, за злоупотреба на службената должност со склучување на авторски договори со надворешни лица за исплата на надоместок за кој буџетот предвиден за пет години бил потрошен во периодот помеѓу 2019 и почетокот на 2022 година.[388]

На средината на август 2022 година ДКСК го објави Вториот квартален извештај за имплементацијата на препораките од проценката на ранливост од корупција во државните институции и локална власт во областа просторно планирање, урбанизам и градежништво.[389]

Истиот месец се отвори тренинг-центарот во рамките на ДКСК, со кој се предвидува преземање активности за едукација на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови криминал. Имено, тренинг-центарот ќе обезбеди јакнење на свеста и знаењето во борбата против корупцијата за вработените од институциите на централната и локалната власт, како и пошироката јавност. За непречено функционирање на овој тренинг-центар е развиена наставна програма за обуки за борбата против корупцијата, судир на интереси и интегритетот, како и програма за обуки за обучувачи за тимот на ДКСК.[390]

Во јули 2022 година ДКСК склучи Меморандум за соработка со Народната банка на Република Северна Македонија.[391]

385 „ДКСК како предводник во системот на интегритет, ја потпиша Политиката на интегритет", службена интернет-страница на Државната комисија за спречување корупција, 11 февруари 2022, https://bit.ly/3NAuJBi.

386 „Антикорупциската комисија има три отворени предмети за гостиварскиот обвинител Арсим Адеми", Телма ТВ, 14 март 2022, https://bit.ly/3vOshig.

387 „ДКСК ќе го анализира доделувањето на спортските ваучери, бара ОЈО да поведе кривична постапка против поранешни и сегашни градоначалници", Civil media, 15 февруари 2022, https://bit.ly/3KhKKcl. „Афера Палермо: Кога ќе покажат високите функционери докази дека сами платиле?", 24 Вести, 26 март 2022, https://bit.ly/3U0ZqSz.

388 „Антикорупциска поднесе иницијатива до ОЈО за кривично гонење на Зеќири и Рашковски", 360 степени, 1 јуни 2022, https://360stepeni.mk/antiko-ruptsiska-podnese-initsijativa-dojo-za-krivichno-gonene-na-zekiri-rashkovski/.

389 Транспаренси интернешнал, „Втор квартален извештај за имплементацијата на препораките од проценката на ранливост од корупција во државните институции и локална власт во областа просторно планирање, урбанизам и градежништво", 18 август 2022, https://bit.ly/3ftZZ8c.

390 „За општество без корупција и институции со силен интегритет, потребна е континуирана едукација и целосна посветеност на секој од нас", службена интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата и судирот на интересите, 22 август 2022, https://bit.ly/3h4n7e6.

391 „Склучен Меморандум за соработка помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијата и Народната банка на Република Северна Македонија", службена интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата и судирот на интересите, 18 јули 2022, https://bit.ly/3DUqVHL.

## Јавно обвинителство

Последниот извештај за работата на јавните обвинителства укажува на фактот дека недоволната екипираност на јавните обвинителства влијае на ажурноста и постапувањето на некои од јавните обвинителства, особено на работата на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Имено, во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, каде што во работа на крајот од годината останале кривични пријави против 247 лица, или 35,6%, состојбата се должи на недоволна екипираност од јавни обвинители и стручна служба, како и на недоволната техничка опременост, што се потребни за ефикасно и навремено извршување на функцијата на кривичен прогон, со оглед на структурата на кривичните дела што се во надлежност на ова јавно обвинителство, а кои се извршуваат во организирана група, за што неопходно е спроведување на обемни и сложени предистражни и истражни постапки, а во повеќе случаи и примена на посебни истражни мерки.[392]

Во Јавното обвинителство формирани се четири истражни центри досега, и тоа во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Основното јавно обвинителство Скопје, Основното јавно обвинителство Тетово и Основното јавно обвинителство Куманово, со што може да се заклучи дека нема напредок во воспоставувањето на истражните центри во јавните обвинителства од 2018 година досега.[393] Исто така, неопходно е да се истакне дека за зајакнување на капацитетите на веќе воспоставените истражни центри потребно е нивно доекипирање.[394]

Во извештајниот период, објавен е Правилникот за начинот на распределба на предметите во јавните обвинителства преку системот за електронска распределба на предметите.[395]

Три дена по објавувањето на документарниот филм „Швајцарски тајни“ од страна на Истражувачката репортерска лабораторија,[396] Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) отвори предистражна постапка за сметките на две деловни лица од Северна Македонија (еден од кој е поранешен заменик-претседател на Владата) и еден шведски инвеститор.

392 Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година“, јуни 2022, https://bit.ly/3E0kkM7.
393 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.
394 Исто.
395 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 31/2022.
396 https://www.youtube.com/watch?v=CHTwJ_I5RUw&t=17s

Конкретно, објавениот документарен филм содржи информации според кои двајцата македонски бизнисмени имаат приватни сметки во Швајцарија и со нив извршувале мултимилионски доларски трансакции.[397]

Во однос на случаите преземени од поранешното Специјално јавно обвинителство (СЈО) и ефикасноста на кривичните постапки, имаше пробив во случаите „Топлик“ и „Титаник“. Конкретно, спогодувањето за вина од страна на осум припадници на групата на која ѝ се судеше во случајот „Титаник“[398] беше проследено со пресуди.[399] Продолжува судската постапка против поранешниот Претседател на Владата, Никола Груевски и другите обвинети лица кои не се изјасниле како виновни.[400] Исто така, повторно се бара екстрадиција за него, односно да биде вратен во државата, каде што го чекаат три затворски казни, две правосилни и една првостепена, но и судски постапки што се во тек. Поранешниот премиер е правосилно осуден на затворска казна од една и пол година за случајот „Насилство во Центар“, затвор од две години за случајот „Тенк“ за набавката на луксузниот владин „мерцедес“ и првостепено осуден на девет години затвор во случајот „ТНТ“ за уривањето на „Космос“.[401]

Главната расправа во случај „Топлик“ се одржа на 16 февруари 2022 година, на која[402] обвинителот, согласно доказите изнесени во неговиот завршен збор на расправата, побара поранешниот министер за транспорт и комуникации и петте други поранешни членови на Комисијата за јавни набавки во истото министерство да бидат осудени на затворска казна.[403]

Во март 2022 година, јавниот обвинител на Република Северна Македонија и главниот државен ревизор потпишаа Меморандум за јакнење на институционалната комуникација.[404]

Во март 2022 година, повеќе од една година по донесувањето на првостепената пресуда, почна судењето во Апелациониот суд – Скопје за случајот со масовно прислушкување „Таргет-Тврдина“.[405]

397 „Обвинителството отвори предистражна постапка за сметките на Јорданов, Механџиски и Клинг“, nezavisen.mk, 23 февруари 2022, https://bit.ly/3K-m99xN.
398 „Кој ќе потоне со 'Титаник': Јанакиески, Јанкулоска и Протоѓер признаа вина за изборните злоупотреби“, Дојче веле, 11 февруари 2022, http://bitly.ws/vVWh.
399 „Пресуда 'Титаник': 'Јанакиески осуден на 4,5 години, Јанкулоска на 2,5 години затвор'“, Дојче веле, 28 февруари 2022, http://bitly.ws/vVWn.
400 Исто.
401 „Груевски го чекаат 12 и пол години затвор и уште едно барање за екстрадиција“, mkd.mk, 12 септември 2022, <https://www.mkd.mk/makedonija/sudstvo/gruevski-go-chekaat-12-i-pol-godini-zatvor-i-ushte-edno-baranje-za-ekstradicija>.
402 „Случајот 'Топлик' пред судска разрешница“, ТВ 24, 16 февруари 2022, https://bit.ly/3r8bSn3.
403 Исто.
404 Akademik.mk, „Зајакнување на институционалната комуникација меѓу Јавното обвинителство и Државниот завод за ревизија“, 10 март 2022, https://bit.ly/3NR1kSZ.
405 „Во Апелација тече јавна седница за пресудата за масовното прислушување“, 360 степени, март 2022, https://bit.ly/3DN7TBr.

Во извештајниот период се забележува напредок во ефикасноста на кривичната постапка на неколку предмети за корупција од висок профил и злоупотреба на службена должност од страна на високи државни функционери. Во март 2022 година, во следниве два високопрофилни случаи се презедоа следниве чекори: во случајот „Софтвер“[406] имаше воведни зборови,[407] додека во случајот „Меѓународен сојуз“[408] беа дадени завршните зборови.[409] ВСРСМ ја потврди затворската казна за првообвинетите во случајот „Рекет“, каде што поранешната специјална јавна обвинителка е осудена на седум години затвор, а телевизиската личност е осудена на девет години затвор.[410] Покрај тоа, поранешниот министер за транспорт и врски, како првообвинет во случајот „Топлик“, беше прогласен за виновен од Основниот кривичен суд Скопје и беше осуден на три и пол години затвор.[411] Во истиот предмет, претседателот на Комисијата за јавни набавки беше осуден на три години затвор, додека другите обвинети, членови на Комисијата, добија условни затворски казни од две години.[412] Дополнително, Основниот кривичен суд Скопје ги прогласи за виновни поранешниот премиер и поранешниот генерален секретар на Владата за злоупотреба на службената положба и овластување во предметот „Талир 2“, каде што првиот беше осуден на казна затвор во траење од шест години, а вториот доби условна пресуда.[413] Во извештајниот период продолжи и судењето за случајот „Софтвери“, каде што првообвинет е поранешниот генерален секретар на Владата. Односно, судскиот процес се наоѓа во доказна постапка, со што беа одржани низа сведочења за случаите во кои тој се товари – набавката на софтверот за сообраќајни прекршоци[414] и набавката на софтверот за биометриска идентификација.[415]

Во врска со аферата „Палермо“, која предизвика реакции во јавноста, во изјава за медиумите, министерот за правда призна дека платил само сместување и дека не платил карта или чартер-лет, ниту влезница за фудбалскиот натпревар Италија против Северна Македонија.[416] Јавното обвинителство наведе дека додека нема официјално писмо од Владата, нема да работи на предметот, бидејќи досега не

406 Слободен печат, „Воведни зборови во случајот 'Софтвери'", 14 март 2022, https://bit.ly/3ugI2i0.
407 Поранешниот генерален секретар на владата Рашковски нагласува дека не се чувствува за виновен, додека обвинителот Рускоска тврди дека таа ќе докаже дека ја злоупотребил должноста за лично богатење.
408 „Обвинетиот Бојан Јовановски нагласува дека не се чувствува виновен".
409 „Завршни зборови на Бојан Јовановски во случајот 'Меѓународен сојуз'", Телма ТВ, 18 март 2022, https://bit.ly/36UuO1S.
410 „Врховен им ги потврди затворските казни на Катица Јанева и Бојан Јовановски за 'Рекет'", А1 Оn, 1 јуни 2022, https://a1on.mk/macedonia/i-vrhoven-im-gi-potvrdi-zatvorskite-kazni-na-katica-janeva-i-bojan-jovanovski-za-reket/.
411 „Три и пол години затвор за Јанакиески во 'Топлик'", 360 степени, 5 април 2022, https://360stepeni.mk/tri-i-pol-godini-zatvor-za-janakieski-vo-toplik/.
412 Исто.
413 „6 години затвор за Груевски за изградбата на седиштето на ВМРО-ДПМНЕ, условна за Божиновски", МКД, 8 јуни 2022, https://www.mkd.mk/makedonija/sudstvo/presuda-za-talir-2.
414 „Судење за 'Софтвери': Вештак сведочеше дека софтверот на Рашковски не бил функционален", 360 степени, 21 септември 2022, https://360stepeni.mk/sudene-za-softveri-veshtak-svedocheshe-deka-softverot-na-rashkovski-ne-bil-funktsionalen/.
415 „ДЗЛП му пратила укажување на Рашковски пред да го набави софтверот за биометриска идентификација", 360 степени, 28 септември 2022, https://360stepeni.mk/dzlp-mu-pratila-ukazhuvane-na-rashkovski-pred-da-go-nabavi-softverot-za-biometriska-identifikatsija/.
416 „Тупанчески призна дека не го платил чартер-летот и картите за ВИП-трибината", А1 Оn, 5 април 2022, https://bit.ly/3GkRS97.

е изразено сомневање за сторено кривично дело, туку повеќе станува збор за прекршување на етичкиот кодекс на Владата, судиите и обвинителите.[417] ДКСК, исто така, наведе дека засега нема да поднесат иницијатива, но дека внимателно ќе го следат случајот.[418] Согласно наведеното, вицепремиерот за економски политики и добро владеење, врз основа на информациите и податоците доставени од министерот за правда, испрати писмено предупредување до министерот за правда за прекршување на член 12 и 17 од Етичкиот кодекс на членовите на Владата,[419] односно за судир на јавен и приватен интерес и добивање подарок – спротивно на кодексот.[420] Покрај тоа, Судскиот совет, кој испитуваше дали етичкиот кодекс[421] е прекршен од страна на претседателот на Основниот суд Кавадарци, утврди дека не постои судир на интереси.[422]

ОЈО повлече дел од обвинението за злоупотреба на службената положба и овластувањата за поранешниот министер за транспорт и врски во случајот „ТНТ", кое се однесува на незаконско уривање на објектот „Космос" во Гази Баба во 2011 година.[423] ОЈО истакна дека досега презентираните докази не покажуваат дека обвинетиот го сторил кривичното дело злоупотреба на тендерот за уривање на зградата.[424] Во првостепената пресуда обвинетиот е осуден на три години затвор.[425]

ОЈОГОКК издаде наредба за спроведување на истражна постапка против поранешниот генерален секретар во Владата за злоупотреба на службената положба и овластувањата на штета на буџетот на Северна Македонија. Истражната постапка е во тек.[426] Истрагата за поранешниот генерален секретар во Владата би можела да се прошири, бидејќи во текот на обезбедувањето докази е пронајдена писмена документација што укажува дека осомничениот сторил уште едно кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување, поради што Апелационот суд

417 „Обвинителството ја чека Антикорупциската комисија за случајот 'Палермо'", 24 Вести, 2 април 2022, https://24.mk/details/obvinitelstvoto-ja-cheka-antikorupciska-komisija-za-sluchajot-palermo.

418 Исто.

419 „Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата", Влада на Република Северна Македонија, 22 септември 2020, https://bit.ly/3gUeqTq.

420 „Писмена опомена за министерот Тупанчески, го прекршил владиниот етички кодекс", 24 Вести, 6 април 2022, https://24.mk/details/pismena-opomena-za-ministerot-tupanchevski-go-prekrshil-vladiniot-etichki-kodeks.

421 „Кодекс за етика на судиите и судските поротници", Врховен суд на Република Северна Македонија, септември 2019, http://bitly.ws/vVX4.

422 „Тупанчески призна дека не го платил чартер-летот и картите за ВИП-трибината", А1 Оn, 5 април 2022, https://bit.ly/3GkRS97.

423 „ТНТ: Обвинителот побара казни затвор за Груевски и другите обвинети, за Јанакиески повлече дел од обвинението", 360 степени, 27 април 2022, https://bit.ly/3sSK5Y8.

424 Исто.

425 „Останаа преостанатите обвиненија против поранешниот премиер Никола Груевски како првообвинет, поранешниот градоначалник на Гази Баба, Тони Трајковски, Елизабета Најдовска, тогаш вработена како градежен инспектор во општината, како и против тројца функционери од општина Гази Баба. За ова, првообвинетиот доби девет години затвор од скопскиот Кривичен суд, а преостанатите именувани обвинети добија четири години затвор. „Девет години затвор за Груевски и три за Јанакиески, пресудени во случајот ТНТ", Нова Македонија, 20 мај 2022, https://www.novamakedonija.com.mk/featured/devet-godini-zatvor-za-gruevski-za-tnt/.

426 „Зеќири останува во притвор – Апелација ја одби жалбата", 360 степени, 31 мај 2022, https://360stepeni.mk/zekiri-ostanuva-vo-pritvor-apelatsija-ja-odbi-zhalbata/.

– Скопје одлучи дека ќе биде потребно истрагата да се прошири и за тој кривично-правен настан.[427] Во август 2022 година, Обвинителството за организиран криминал ја прошири истрагата за друг кривично-правен настан – склучен договор со правно лице за консултантски услуги за реорганизација на едно јавно претпријатие, за кој постои сомнеж дека е склучен без спроведена тендерска постапка.[428]

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (ЈОРСМ), постапувајќи по претставка од Управата за финансиска полиција (УФП), изврши надзор и увид во предмет оформен во ОЈОГОКК. Во согласност со утврдената состојба, јавниот обвинител на Република Северна Македонија даде укажување до ОЈОГОКК во кое се наведуваат констатираните неправилности во постапувањето во конкретниот предмет.[429] Како одговор на тоа, шефицата на ОЈОГОКК ги повика надлежните институции во државата и меѓународните институции, како и амбасади, пред сè Амбасадата на САД и Канцеларијата на ЕУ, да ги проверат сите факти и да се расчисти кој во државата се бори против криминалот, а кој го сторил криминалот.[430] Здружението на јавните обвинители остро реагираше на ова отворено писмо, истакнувајќи дека тоа го нарушува угледот на јавнообвинителската функција и грубо го прекршува Етичкиот кодекс на јавните обвинители.[431] Потоа, УФП поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителство Скопје во врска со претресот што го изврши ОЈОГОКК во спорниот случај.[432] Една седмица подоцна, ЈОРСМ соопшти дека е поднесен предлог за дисциплинска постапка против три обвинителки (една од нив е шефицата на ОЈОГОКК, која е привремено суспендирана од нејзината функција), кои намерно сториле крупна професионална грешка.[433] Истовремено, директорот на УФП се повлече од функцијата, изјавувајќи дека ја донел таа одлука со цел да нема сомнеж во јавноста за интегритетот, непристрасноста и независноста на постапката што и понатаму се води во ОЈОГОКК.[434] Шефицата на ОЈОГОКК го обжали суспендирањето пред Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (СЈОРСМ),[435] но иако СЈОРСМ одлучува за нејзината привремена

427 „Нова истрага за Зеќири за слично кривично дело", vesti.mk, 8 јули 2022, https://www.vesti.mk/article/62c85602075b2192cacefb36.
428 „Проширена истрагата против поранешниот генерален секретар на владата Мухамед Зекири", Skopje 24, 8 август 2022, http://bitly.ws/vVXb.
429 „Соопштение од ЈО: 'Постапување по претставка од Управата за финансиска полиција'", Akademik, 1 август 2022, https://akademik.mk/soopshtenie-od-jo-postapuvane-po-pretstavka-od-upravata-za-finansiska-politsija/.
430 „Муареми до Русковска: 'Криминал се докажува во институциите'", Deutsche Welle, 4 август 2022, https://www.dw.com/mk/muaremi-do-ruskovska-kriminal-se-dokazuva-vo-instituciite/a-62704465.
431 „Здружение на јавни обвинители до Русковска: 'Ниту еден јавен обвинител не смее да се смета за семоќен'", Pravdiko, 4 август 2022, http://bitly.ws/vVXm.
432 „Финансиската полиција со кривични пријави за Русковска и обвинителките, директорот Муареми не открива за кое дело", Сакам да кажам, 8 август 2022, https://bit.ly/3UVufl8.
433 „Јовески ја суспендира Вилма Русковска, дисциплинска постапка против уште две обвинителки", Слободен печат, 16 август 2022, https://bit.ly/3X0GGo9.
434 „Муареми се повлекува од позицијата в.д. директор на Управата за финансиска полиција", Фокус, 16 август 2022, https://fokus.mk/muaremi-se-povlekuva-od-pozitsijata-v-d-direktor-na-upravata-za-finansiska-politsija.
435 „Русковска поднесе жалба за одлуката за нејзината суспензија до Советот на јавни обвинители", Канал 5, 19 август 2022, https://kanal5.com.mk/ruskovska-podnese-zhalba-za-odlukata-za-nejzinata-suspenzija-do-sovetot-na-javni-obviniteli/a543256.

суспензија, посебна дисциплинска комисија во рамките на ЈОРСМ ќе ја спроведува постапката и евентуално може да достави предлог за разрешување до СЈОРСМ, по што, тие ќе донесат конечна одлука.[436] СЈОРСМ едногласно ја одби жалбата како неоснована, при што претседателот на СЈОРСМ оцени дека тие донеле една од најтешките одлуки во нивната работа, бидејќи се работи за чувствителен случај, кој има голем одѕив во јавноста,[437] при што шефицата на ОЈОГОКК одговори дека таа никогаш не влијаела на ниеден случај.[438] По оваа одлука, нов обвинител беше избран на позицијата додека трае суспензијата и до крајот на сегашниот мандат во ноември 2022 година.[439] На 30 септември 2022 година, СЈОРСМ објави оглас за нов шеф на ОЈОГОКК пред истекот на мандатот и на седми ноември 2022 година, нов шеф ќе биде изгласан со гласање на сите обвинители во државата.[440]

Јавното обвинителство Струга поднесе пријава против обвинител од Охрид, за неодговорно работење – намерно застарување на повеќе од 14 предмети.[441] Во обвинителниот акт е наведено дека поранешниот обвинител ја злоупотребил службената должност со тоа што свесно дозволил да застарат 14 предмети поврзани со кражба на струја, лажно сведочење, кражба и тешка кражба.[442] Со своето дејство, обвинителот влијаел на скратување на правата на странките, со тоа што го оневозможил нивното право на жалба, а се смета дека овие дејства се одвивале во периодот 2013-2021 година.[443] Обвинетиот поранешен обвинител беше еден од опозициските кандидати за уставен судија, кој не доби поддршка од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.[444]

436 „Советот на јавни обвинители ќе решава за суспензијата на Русковска, но не и за разрешување", Фокус, 18 август 2022, https://fokus.mk/sovetot-na-javni-obviniteli-ke-reshava-za-suspenzijata-na-ruskovska-no-ne-i-za-razreshuvane/.

437 „Отфрлена жалбата на Русковска, суспензијата останува", Deutsche Welle, 24 август 2022, https://bit.ly/3Nrqo3h>.

438 „Русковска по потврдената суспензија: 'На ни еден предмет не сум влијаела, можете да прашате кој било обвинител'", А1 On, 24 август 2022, https://bit.ly/3Gl4jSb.

439 „Трајче Пеливанов назначен за привремен шеф на местото на суспендираната Русковска", 360 степени, 29 август 2022, https://360stepeni.mk/trajche-pelivanov-naznachen-za-privremen-shef-na-mestoto-na-suspendiranata-ruskovska/.

440 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 216/2022.

441 „Обвинител намерно застарил 14 судски предмети", Алсат М, 19 септември 2022, https://alsat.mk/mk/obvinitel-namerno-zastaril-14-sudski-predmeti/.

442 „Несудениот уставен судија Воислав Димовски доби обвинение за застарени предмети", Телма ТВ, 19 септември 2022, https://telma.com.mk/2022/09/19/nesudeniot-ustaven-sudija-voislav-dimovski-dobi-obvinenie-za-zastareni-predmeti.

443 „Обвинител намерно застарил 14 судски предмети", Алсат М, 19 септември 2022, https://alsat.mk/mk/obvinitel-namerno-zastaril-14-sudski-predmeti/.

444 „Воислав Димовски не доби поддршка за уставен судија од Комисијата за прашања на изборите и именувањата", Нова Македонија, 9 септември 2022, https://bit.ly/3UltKS3.

# ПРАВНА РАМКА

Измените на Кривичниот законик (КЗ), за кои во Собранието во декември 2021 година почна јавна дебата, предвидува целосна хармонизација со Истанбулската конвенција.[445] Особено значајно е тоа што со предлогот се врши имплементација на Истанбулската конвенција преку воспоставување нови кривични дела што опфаќаат родово базирано насилство, редефинирање на постојните, како и заострување на казнената политика во однос на овие дела, а се интервенира и во кривичните дела поврзани со безбедноста на новинарите, се менуваат одредени одредби во сферата на конфискацијата и тортурата и се врши усогласување на КЗ со Директивата (ЕУ) 2017/1371 за борба против измама во врска со финансиските интереси на Унијата со примена на кривичното право.

Покрај овие измени што се во собраниска постапка, работната група формирана во Министерството за правда паралелно работеше на подготовка на целосно нов кривичен законик. Новиот предлог-текст на КЗ беше објавен на ЕНЕР во јули 2022 година.[446] Подготовката на новиот кривичен законик има цел да обезбеди хармонизација со директивите на ЕУ на полето на казнување, редефинирање на кривичните дела поврзани со тероризам во согласност со меѓународните стандарди, а ќе се инкриминираат и нови дела поврзани со заштита на животната средина.[447] Причините за пристапување кон изготвување на нов КЗ се: рекодификација на сите казнени дела предвидени со други закони, редефинирање на постојната казнена политика во пропишување на казните, усогласување со меѓународни инструменти (Истанбулска конвенција, Директивата на ЕУ за финансиски измами и други), редефинирање на кривични дела поврзани со заштита на животната средина, редефинирање на одредбите за конфискација, подобрување на одредбите за безбедноста на лекарите и новинарите, но и надминување на другите утврдени недостатоци.[448]

Работната група за изготвување на Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка (ЗКП) сè уште работи на подготовката на текстот, со тоа што последниот одржан состанок на работната група беше во мај 2022 година, а таа ќе продолжи со работа и во следниот период, почнувајќи од септември 2022 година, па би требало да има изготвен нацрт-текст кон крајот на 2022 година.[449] Главните цели

445 Собрание на Република Северна Македонија, „Материјали – Предлог на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик", https://www.sobranie.mk/materijali-parlament.nspx.

446 Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, „Предлог на Кривичниот законик", 7 јули 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=74071.

447 Елена Георгиевска и други, „Спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2018-2022) во 2021 година: Извештај во сенка", март 2022, https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/Sproveduvanjeto-na-strategijata-za-reforma-na-pravosudniot-sektor-2018-2022-Izvestaj-vo-senka.pdf.

448 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

449 Исто.

што треба да се постигнат со овие измени се: хармонизирање со директивите на ЕУ поврзани со правото на толкување и преведување во кривичната постапка, правото на информирање во кривичната постапка, заштитата на личните податоци во рамките на соработката во казнените предмети, за стандардите за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривичните дела, надминување на неизедначеното толкување и неизедначена практична примена на некои одредби, прецизирање на одредбите во однос на определувањето, продолжувањето и укинувањето на мерката притвор и прецизирање на одредбите за спогодувањето за кривична санкција.

Законот за потекло на имот[450] сè уште се подготвува[451], а предвидено е да се испрати и на мислење на Венецијанската комисија. Заменик-претседателката на Владата задолжена за политики и добро владеење во мај 2022 година најави дека законот ќе се донесува внимателно затоа што областа е осетлива и треба да се слушнат мислења за различни аспекти. Притоа, таа не прецизираше кога може да се очекува донесувањето на законот, кој најави дека ќе оди на широки јавни расправи, а не само во Собранието.[452]

На почетокот на ноември 2021 година на ЕНЕР беше објавен предлог-законот за канцеларија за поврат на имот. Досега, во Република Северна Македонија материјата за Канцеларијата за поврат на имот не беше законски уредена. Имајќи ги предвид многубројните меѓународни стандарди во оваа област, се наметна потребата за законско уредување на оваа материја и вградување на сите меѓународни стандарди во законска рамка. Со овој закон е предвидено да се уреди основањето, надлежностите, овластувањата и организациската структура на Канцеларијата за поврат на имот, надлежна за преземање активности во врска со пронаоѓањето и идентификувањето приноси, друг имот или имотна корист што произлегле или се во врска со кривично дело што можат да бидат предмет на привремена забрана за располагање или конфискација размена на најдобри практики и водење статистички податоци.[453]

На 15 јули 2022 година на ЕНЕР беше објавен предлог-законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка. Примената на претходното законско решение покажа одредени слабости и правни празнини што преку неколку измени и дополнувања на законот се

450 Ива Цоневска Вангелова и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот од април 2020 до септември 2021", Скопје 2021, https://bit.ly/3DQ0hOx.

451 „Ивановска: 'Државата да ги заштити граѓаните на чие име политичарите бараат да префрлат имот'", Слободен печат, 11 февруари 2022, https://bit.ly/3LOo448.

452 „Грковска: 'Законот за потекло на имот ќе се донесува внимателно'", Фокус, 20 мај 2022, https://fokus.mk/grkovska-zakonot-za-poteklo-na-imot-ke-se-donesuva-vnimatelno/.

453 Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, „Предлог на Закон за канцеларија за поврат на имот", 1 ноември 2021, https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=68445.

надминуваа, но потребен е и нов законски текст за да се адресираат тие слабости и празнини. Како главни предложени измени во законот се наведуваат: терминолошко унапредување и изедначување на изразите од законот со предлозите за новите измени и дополнувања на КЗ и ЗКП, што се во фаза на подготовка, терминолошко унапредување на одредбите на законот во насока на негово хармонизирање со релевантната легислатива на ЕУ и унапредување на роковите и начинот на постапување во одделни постапки на Агенцијата за управување со одземен имот согласно подзаконските акти. Целта на овој предлог-закон е надминување на проблемите и предизвиците што се јавуваат во досегашната практика, а се однесуваат на управувањето на конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, како и овозможување на функционално работење на Агенцијата за управување со одземен имот.[454]

***Клучно е да се следат препораките на ЕК во годишниот извештај за државата во делот на борбата против корупцијата: да се зголеми поддршката на државните институции што ја спроведуваат Националната стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси и ефективно да се спроведат препораките на ГРЕКО, да се доделат доволно ресурси на ОЈОГОКК, вклучително и финансиски експерти, со цел да се обезбеди ефективна одговорност за случаите на корупција на високо ниво и да се продолжи со зголемување на бројот на правосилни пресуди во случаи на корупција на високо ниво.***

***Потребно е да се работи на процена на ризиците од клиентелизам и кронизам и, согласно таа процена, да се направат измени на соодветните закони од областа.***

***Последниот извештај за работата на јавните обвинителства укажува на фактот дека недоволната екипираност на јавните обвинителства влијае на ажурноста и постапувањето на некои од јавните обвинителства, поради што мора да се работи на овој проблем. Истовремено, потребен е напредок во воспоставувањето на нови истражни центри и доекипирање на постојните центри.***

***Во следниот период се очекува донесување на измените на КЗ, како и на новиот текст на КЗ и измените на ЗКП, предлог-законот за канцеларија за поврат на имот и предлог-законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка. Текстот на Законот за потекло на имот треба да се подготви.***

454 Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, „Предлог-законот за конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка", 15 јули 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=74776.

# 3. Фундаментални права



# СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во текот на 2021 година, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) одлучил по 368 апликации против Северна Македонија, од кои 362 биле прогласени за недопуштени или отфрлени. Судот донел шест пресуди (по шест апликации), од кои во пет од нив Судот утврдил барем една повреда на правото на правично судење заштитено со член 6 од ЕКЧП, според Известувањето за земјата на ЕСЧП.[455] Во првите седум месеци од 2022 година, ЕСЧП донел одлука по 194 апликации против Северна Македонија.[456]

На почетокот на мај 2022 година, Бирото за застапување на Северна Македонија пред ЕСЧП го објави својот Годишен извештај за својата работа во 2021 година,[457] во кој беше наведено дека постои тренд на зголемување на бројот на апликации поднесени пред ЕСЧП против Република Северна Македонија, па така во 2021 година бројот на поднесени апликации против државата е зголемен за 68 апликации. Извештајот покажува дека, како и претходните години, во 2021 година овој број е над европскиот просек според Индексот на поднесени апликации на 10.000 жители, кој во државата изнесува 1,90, а на европско ниво е 0,53.[458] Истовремено беше објавен и Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2021 година.[459]

Во извештајниот период, од забележителните пресуди може да се истакне случајот на Костова и Апостолов против Северна Македонија, во кој ЕСЧП утврдил повреда на слободата на изразување од член 10 од ЕКЧП. Имено, барателите, главен и одговорен уредник и новинар во неделен весник, на трети и четврти јануари 2013 година објавиле два текста за лице кое тогаш бил висок член на тогашната владејачка партија и директор на Управата за безбедност и контраразузнавање. Во граѓанската постапка за клевета подигната од тоа лице, и Основниот суд Скопје и Апелациониот суд утврдиле дека барателите му наштетиле на угледот, без претходно да се обидат да ја потврдат нивната веродостојност и дека објавените информации не му служеле на јавниот интерес. Сепак, ЕСЧП одлучил дека одлуките на домашните судови

455 Европски суд за човекови права – Краток преглед за земјата (2022), https://echr.coe.int/Documents/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG.pdf, пристапено на 19 февруари 2022.
456 Исто.
457 Министерство за правда, „Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП за 2021 година“, 5 мај 2022, http://bitly.ws/vVXA.
458 Исто.
459 Министерство за правда, „Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2021 година“, 5 мај 2022 година, http://bitly.ws/vVXA.

претставувале неоправдано вмешување во остварувањето на нивната слобода на изразување и ја задолжил државата да им исплати на барателите заеднички, 3.000 евра надоместок за нематеријална штета и 1.250 евра надоместок за трошоците.[460]

Во други две пресуди во извештајниот период, ЕСЧП утврдил повреда на член 6 став 1 од ЕКЧП – правото на правично судење. Во случајот Костовски против Северна Македонија, барателот се жалел дека на отсуство на усна расправа во прекршочна постапка против барателот и одбивањето на домашните власти да прифатат докази, како и дека мерките што биле преземени во врска со прекршочната постапка биле прекумерни. ЕСЧП одлучил дека домашните власти не успеале да дадат соодветни причини за одбивањето на барањата на барателот за одржување на усна расправа и за примање на видеозаписите како докази, со тоа потфрлајќи во исполнувањето на правото на правично судење, поради што ја задолжил државата да му исплати на барателот 3.600 евра надоместок за нематеријална штета и 850 евра надоместок за трошоците.[461]

Во случајот Талевска и Трпческа против Северна Македонија, барателките се жалеле дека биле лишени од можноста да бидат известени и да дадат коментар за поднесоците на тужениот во граѓанска постапка во којашто тие неуспешно тврделе дека нивниот работен однос (како судски службеници) е регистриран во органите за социјално осигурување. ЕСЧП утврдил дека тие биле лишени од остварување на правото на правична постапка според член 6 став 1 од ЕКЧП и ја задолжил државата да им исплати на барателките 1.500 евра (по барател) надоместок за нематеријална штета и 1.850 евра (заеднички) надоместок за трошоците.[462]

460 „ЕСЧП, случај Костова и Апостолов против Северна Македонија“ (А. бр. 38549/16), 5 април 2022 година, https://bit.ly/3G7MA0G.
461 „ЕСЧП, случај Костовски против Северна Македонија“ (А. бр. 23773/17), 7 јуни 2022, https://bit.ly/3X1305E.
462 „ЕСЧП, случај Талевска и Трпческа против Северна Македонија“ (А. бр. 11828/16), 28 јуни 2022, https://bit.ly/3tpFM6O.

# НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Според податоците во Годишниот извештај за 2021 година, Народниот правобранител во 2021 година постапувал/разгледувал вкупно 3.075 претставки, од кои 2.686 претставки се од 2021 година, додека другите 389 предмети беа пренесени од претходната година. Од вкупниот број претставки, Народниот правобранител почнал постапка во 2.108 случаи (или 67,80%). Во оваа извештајна година најголем број на констатирани повреди беа од областа за заштита на правата на децата (139 случаи), од областа на правосудството (83 случаи), социјалната заштита (67 случаи), потрошувачките права (63 случаи), финансиите и финансиското работење (47 случаи), заштита на правата од работните односи (41 случај), пензиско и инвалидско осигурување (39 случаи) и други.[463]

Во првите девет месеци од 2022 година, Народниот правобранител постапувал/разгледувал вкупно 2.632 претставки, од кои 2.359 претставки се од 2022 година, додека другите 279 предмети беа пренесени од претходната година и 2.108 од вкупниот број случаи се решени досега. Во овој период, најголем број на добиени претставки беа од областа на правосудството (411 случаи), од областа на потрошувачките права (259 случаи), заштита на правата од работните односи (195 случаи), заштита на правата на децата (185 случаи), казнено-поправни и воспитно-поправни домови (162 случаи), имотно-правни односи (158 случаи) и други.[464]

Во јануари 2022 година, Народниот правобранител[465] го претстави Извештајот за следење на состојбата со примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2020 година,[466] кој беше објавен во декември 2021 година. Според Извештајот, во периодот од 2007 до 2020 година имало вкупно подобрување во однос на почитување на уставната обврска;[467] сепак, сè уште постои трендот на незадоволителна застапеност на помалите заедници во министерствата, особено на раководните позиции.[468] Покрај тоа, примената на начелото на соодветна и правична застапеност не се почитува во судството и обвинителството.[469] Народниот

463 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021", март 2022, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2021/GI%20-2021.pdf.

464 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 19 октомври 2022.

465 „Прес-конференција на Народниот правобранител г. Насер Зибери за состојбата со степенот на почитување на начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците", службена интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 28 јануари 2022, http://bitly.ws/vVXH.

466 Народен правобранител на Република Северна Македонија „Извештај за следењето на состојбата со примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2020 година", декември 2021, https://bit.ly/3ra6jnZ.

467 Исто.

468 Исто.

469 Исто.

правобранител исто така ги претстави наодите од Посебниот извештај за половата застапеност во јавниот сектор за 2020 година, при што наодите укажуваат на подобрување на нивото на родова еднаквост, за разлика од претходните години, со исклучок на родовата еднаквост кога станува збор за раководните позиции.

По повод Европскиот ден на жртвите на криминал, Канцеларијата на Народниот правобранител ги изнесе последните официјални податоци за жртвите на трговија со луѓе во 2021 година. Конкретно, минатата година биле откриени 48 жртви на трговија со луѓе.[470]

470 „Како до подобра превенција и заштита при борбата против трговија со луѓе? Настан организиран во рамките на радарот за организиран криминал за Западен Балкан", службена интернет-страница на Институтот за демократија „Societas Civilis", Скопје, 22 февруари 2022, https://bit.ly/3LOdYQY.

# ТОРТУРА ИЛИ ДРУГ ВИД НА СУРОВО, НЕЧОВЕЧНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ

Во текот на 2021 година, Народниот правобранител постапувал по осум претставки во однос на тортура, нехумано и нечовечко постапување од страна на полициски службеници и припадници на затворската полиција.[471] Од поднесените претставки, шест се однесуваат на припадници на затворската полиција, а две на полициски службени лица.[472] При постапувањето, Народниот правобранител не констатирал повреда во шест предмети, по еден предмет поднесено е барање за утврдување на казнена одговорност за полициски службеник и тој е завршен со правосилна судска пресуда, со која се утврдува одговорност заради малтретирање во вршење служба, а по еден предмет постапката сѐ уште е во тек.

Во текот на 2021 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи (МВР) презеде мерки за испитување на вкупно 1.239 случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, од кои за три кривични дела малтретирање во вршење на службата се поднесени кривични пријави.[473] За споредба, во првите девет месеци од 2022 година, Одделот презеде мерки за испитување на вкупно 942 случаи на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во Министерството, од кои четири се однесуваат на малтретирање во вршење на службата.[474]

Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при ОЈОГОКК постапило против 73 лица за кривично дело малтретирање во вршење на службата, од кои за 44 лица е донесено решение за отфрлање на кривичната пријава, за 14 лица е поднесен обвинителен предлог, за 13 лица постапката е во тек, за едно лице пријавата е поднесена до друг орган, а за едно лице е поднесен предлог за издавање на казнен налог.[475]

471 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021", март 2022, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2021/GI%20-2021.pdf.

472 Исто.

473 Министерство за внатрешни работи, „Извештај за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за цела 2021 година", јануари 2022, https://bit.ly/3WrA8OU.

474 Министерство за внатрешни работи, „Извештај за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во првите девет месеци од 2022 година", 12 октомври 2022, https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Izvestaj-9meseci.pdf.

475 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за состојбата со човековите права во 2021 година", 20 јуни 2022, https://bit.ly/3OOSy5s.

Основниот кривичен суд Скопје во 2021 година постапувал по вкупно 28 предмети за кривичното дело малтретирање во вршење на службата, од кои за девет предмети се донесени осудителни пресуди, за три ослободителни пресуди, а за 14 предмети постапката е во тек. За кривичното дело мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, Судот не водел ниту една постапка.[476] На крајот на октомври 2021 година, Основниот кривичен суд Скопје донесе пресуда со која го прогласи обвинетиот униформиран полициски службеник вработен во Секторот за внатрешни работи (СВР) Битола, за виновен и го осуди на казна затвор од една година, што претставува позитивен пример, бидејќи оваа одлука е меѓу првите првостепени пресуди каде што се изрекува ефективна казна затвор за полициски службеник поради употреба на прекумерна сила кон оштетено лице за кривичното дело – малтретирање во вршење на службата, а досегашната судска практика е изрекување на условна осуда за полициски службеници, дури и кога е утврдена употреба на прекумерна сила при пречекорувањето на полициските овластувања.[477]

Како истакнат случај за нечовечно постапување, во април 2022 година на социјалните мрежи се рашири видеоснимка на која се гледа полициска бруталност врз член на група фудбалски навивачи, со што се потврдува дека прекумерната сила и понатаму е вообичаена полициска практика. На видеоснимката се гледа како полициските службеници употребуваат прекумерна сила врз лицето кое лежи на земја, без активно да се спротивставува, па поради тоа има индиција дека постапките на полицајците не биле ниту пропорционални, ниту законски.[478]

До Управата за извршување на санкциите веќе три години не е поднесена претставка за тортура и нехуман третман од страна на осудено лице.[479]

476 Исто.
477 Македонско здружение на млади правници, „Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија – 2021 година“, декември 2021, https://bit.ly/3TXsOsU.
478 „Итно да се истражи и санкционира полициската бруталност врз навивач“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 1 април 2022, https://bit.ly/3AfhMYa.
479 Македонско здружение на млади правници, „Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија – 2021 година“, декември 2021, https://bit.ly/3TXsOsU.

# ЗАТВОРИ И ПРИТВОРИ

На почетокот на ноември 2021 година беше промовирана Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025), која има цел да придонесе кон обезбедување на побезбеден и почовечки третман на притворените и осудените лица, како и почитување на нивните основни права, во согласност со европските вредности и стандарди.[480]

Како најгорливи проблеми во пенитенцијарниот систем и понатаму остануваат пристапот до здравствената заштита, образовниот процес и процесот на ресоцијализација на осудените лица, необучените раководни и стручните кадри во казнено-поправните установи и неефикасните внатрешни и надворешни механизми за пријавување и гонење случаи на тортура и нечовечко постапување кон осудените лица.[481] На таа линија, и Народниот правобранител истакнува дека проблемот со соодветна здравствена заштита на осудените и притворените лица сѐ уште не е решен. Речиси половина од затворските институции немаат лекар. Со цел да се надмине овој проблем, некои од затворите самите ангажираат лекари, за да не ги оставаат осудените и притворените лица без пристап до примарна здравствена заштита.[482] Покрај тоа, при разгледувањето на состојбата во затворите во земјата, Народниот правобранител заклучи дека затворениците во речиси сите затвори се жртви на нехуман и понижувачки третман, бидејќи просториите не ги задоволуваат минималните стандарди, нема доволно место за сите затвореници, хигиената е на ниско ниво, а посебен проблем се несоодветното однесување и деградирачкиот третман од вработените кон затворениците.[483]

Во април 2022 година, по повод сто дена од Владата, беше истакнато дека се обезбедени финансиски средства за капитални инвестиции во казнено-поправните установи за 2022 година во висина од приближно 250.000 евра и дека се спроведува планот за спречување на корупцијата во националниот затворски систем.[484]

Откако беше објавена сторија од страна на медиумските портали за различниот третман на момчињата и девојчињата кои издржуваат казна во казнено-поправните

480 „Промоција на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем", Civil Media, 21 ноември 2021, https://civilmedia.mk/promotsija-na-natsionalnata-strategija-za-razvoj-na-penitentsijarniot-sistem/.

481 Македонско здружение на млади правници, „Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија – 2021 година", декември 2021, https://bit.ly/3TXsOsU.

482 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021", март 2022, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2021/GI%20-2021.pdf.

483 „Народен правобранител: Затворениците спијат меѓу бубашваби и лебарки", Правдико, 24 јуни 2022, https://www.pravdiko.mk/makedonijanarodni-ot-pravobranitel-zatvorenitsite-spijat-megu-bubashvabi-i-lebarki/.

484 „Министерство за правда: 'Обезбедени се финансиски средства за реконструкција на казнено-поправните установи, реконструкцијата на зградата на Управниот суд е во завршна фаза'", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 30 април 2022, https://vlada.mk/node/28626.

установи, Народниот правобранител изврши посебна посета на казнено-поправната установа Идризово и издаде заклучок со изјави и препораки до Управата за спроведување санкции. Двете посети на установата беа во август 2021 и март 2022 година, при што тој констатирал дека малолетните девојчиња не биле испратени во посебен поправен дом, туку во посебна просторија во затворот Идризово, со што не биле вистински одвоени од возрасните затвореници. Дополнително, утврдено е дека девојчињата не добиле соодветна здравствена заштита или образование и не се вклучиле во никакви физички и спортски активности. Оттука, беше предложено девојчињата да бидат испратени во казнено-поправната установа Волковија, каде што момчињата ја издржуваат истата казна, но ќе бидат соодветно одвоени според законот и ќе имаат пристап до соодветни услуги согласно утврдените стандарди.[485]

Децата кои отслужуваат воспитно-образовни мерки во казнено-поправната установа Тетово, како и во женското одделение во затворот Идризово, не посетуваат настава од септември 2021 година.[486] Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) и Македонското здружение на млади правници (МЗМП) апелираа до државата итно и веднаш да ги преземе сите потребни мерки за да може образовниот процес во казнено-поправните установи да продолжи да се спроведува во најкус можен рок.[487]

Министерот за правда на 18 мај оствари средба со претставници од независните синдикати на затворската полиција и администрација и на судската администрација, при што беше информиран за нивните барања за подобрување на условите во кои се вршат работните задачи и должности и беше договорено во следниот период да се формираат работни групи кои ќе ги утврдат слабостите и ќе предложат мерки за подобрување на условите за работа на затворските чувари, администрацијата и судската администрација.[488]

Со извештајот за ревизија на КПУ „Затвор Скопје“ за 2020 година, Државниот завод за ревизија утврди дека секторот за ресоцијализација не е доволно екипиран со што се доведува во прашање процесот на успешна ресоцијализација на осудените лица, а нема ниту определено лице за проверување на квалитетот на храната

485 „За иста мерка, момчињата во воспитно-поправен дом, девојчињата во затвор“, 24 Вести, 2 април 2022, https://24.mk/details/za-ista-merka-momchinjata-vo-vospitno-popraven-dom-devojchinjata-vo-zatvor.

486 „Иако согласно Законот за извршување на санкциите, Министерството за образование и наука има законска обврска да организира, планира и финансира образовен процес во казнено-поправните установи, овој процес се спроведуваше со финансиска поддршка на УНДП до септември минатата година. По завршувањето на проектот, децата во овие институции останаа без образование“.

487 „Недостигот на образовен процес во воспитно-поправните установи ќе остави трајни и штетни последици врз штитениците“, Академик, 26 април 2022, https://bit.ly/3E4AXF5.

488 „На денешниот состанок со претставниците на самостојните синдикати на затворската полиција и администрација и на судската администрација, бев информиран за барањата на овие лица за подобрување на условите во извршувањето на работните обврски и должности“, официјална фејсбук-страница на министерот за правда Никола Тупанчески, 18 мај 2022, https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=140682398543161&id=100078042045641.

пред доделување на оброците. Истовремено, утврдено е дека не е воспоставена сметководствена евиденција за материјалните средства со кои располага затворот, па поради тоа, клучни препораки на Државниот завод за ревизија се дека е неопходно соодветно екипирање на секторот за ресоцијализација, како и одговорното лице да преземе мерки дека лицата кои се назначени да вршат проверка на храната да постапуваат согласно задолженијата.[489]

Во јули продолжија координираните полициски акции во затворските установи, при што беше извршен претрес во КПУ Прилеп, каде што беа најдени и конфискувани: ножеви, мобилни телефони и полначи, пари во готовина во износ повисок од законски дозволениот за осудени лица итн.[490]

489 „ДЗР: 'Секторот за ресоцијализација при КПУ Затвор Скопје не е доволно екипиран и нема лице за проверка на квалитетот на храната'", 24 инфо, 7 јули 2022, http://bitly.ws/vVXY.

490 „Претреси во КПД Прилеп: Кај осудените лица пронајдени ножеви и други забранети предмети", Правдико, 21 јули 2022, https://www.pravdiko.mk/pretresi-vo-kpd-prilep-kaj-osudenite-litsa-pronajdeni-nozhevi-i-drugi-zabraneti-predmeti/.

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Во август 2022 година измина една година откако стапи во сила новиот Закон за заштита на лични податоци[491], па во текот на извештајниот период на површина испливаа одредени недостатоци што беа коригирани со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на лични податоци[492] и измени и дополнувања на голем број правилници[493] со кои подетално се уредува овој закон. Покрај тоа, Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП) објави Водич за законитоста на обработката на личните податоци[494] и донесе Методологија за хармонизација на секторската легислатива со Законот за заштита на лични податоци.[495]

Во однос на бројот на претставки, во 2021 година биле поднесени вкупно 540 претставки, од кои 247 претставки (45%) се за злоупотреби на социјалните мрежи, а другите се за други основи во смисла на директен маркетинг, неможност за повлекување на дадена согласност, неовозможување услови за остварување на правата на субјектите на лични податоци и друго. Во однос на злоупотребите на социјалните мрежи, најчесто претставките се однесуваат на лажни профили, неовластен упад во профили, објавување на туѓи видео- и аудио-снимки и друго. Најзастапена социјална мрежа на која се однесуваат претставките е „Фејсбук" (126), потоа „Инстаграм" (103), а другите претставки се однесуваат на „Јутјуб", „Тик-ток", „Твитер", „Снепчет" и други.[496]

491 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 42/2020.

492 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 294/2021.

493 Правилник за дополнување на Правилникот за пренос на лични податоци, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 183/22; Правилник за дополнување на Правилникот за обука за заштита на личните податоци, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 183/22; Правилник за дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација и за начинот на нејзиното издавање и одземање, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 143/22; Правилник за дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за утврдување на прекршување на одредбите од Законот за заштита на личните податоци, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 183/22; Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 183/22; Правилник за дополнување на Правилникот за известување за обработка на лични податоци со висок ризик, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 183/22; Правилник за изменување на Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење видеонадзор, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 280/21; Правилник за дополнување на Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење видеонадзор, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 183/22; Правилник за дополнување на Правилникот за содржината на анализата на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 183/22.

494 Агенција за заштита на лични податоци, „Водич за законитоста на обработката на личните податоци", 28 јануари 2022, https://bit.ly/3uhp4I5.

495 Методологијата содржи насоки што ги регулираат активностите на министерствата во процесот на хармонизирање на секторското законодавство, што вклучува и процес на прегледување на постојните закони, како и процес на спроведување оценка на влијанието на законот во однос на заштитата на личните податоци, кои се во согласност со позитивните искуства од практиките во Европската унија и нејзините држави-членки, како и нејзиното законодавство. Методологија за хармонизација на секторската легислатива со Законот за заштита на личните податоци, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 38/22.

496 Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за 2021 година", 1 април 2022, https://dzlp.mk/sites/default/files/u4/2021-azlp-godisen_izvestaj_za_2021_-_pdf.pdf.

Главен фокус на АЗЛП во претстојниот период ќе биде донесување закон за транспонирање на Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година (Полициска директива); донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личите податоци од аспект на обезбедување целосна самостојност и независност на Агенцијата за заштита на личните податоци (финансирање и вработување), како и олеснување на процесот на пренесување на лични податоци во други држави според новите правила предвидени во Европската унија, како и обезбедување нови вработувања и предвидување на дополнителни буџетски средства за мотивирање, задржување и понатамошно професионално унапредување на човечките ресурси со цел да се спречи одливот на постојниот стручен и обучен кадар.[497]

АЗЛП издаде соопштение[498] во врска со информациите[499] за објавување решенија за лица кои треба да бидат во изолација заради позитивен тест на КОВИД-19 на интернет-страницата на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и во „Службен весник", со цел електронско објавување на одлуките. Конкретно, АЗЛП изјави дека објавувањето на одлуките не е соодветно на начелото на законитост, правичност и транспарентност.

Во извештајниот период, АЗЛП потпиша Меморандум за соработка со следните институции и организации: Министерството за економија[500], Агенцијата за млади и спорт[501], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)[502], Владата на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат[503], Бирото за развој на образованието[504], Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис"[505], Државниот инспекторат за труд[506], Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка[507], како и Државната изборна

497 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 1 ноември 2022.

498 „Соопштение по однос на информациите за објавување на решенијата за лицата кои треба да бидат во изолација", службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 3 февруари 2022, https://bit.ly/3NdTbbq.

499 „Решенијата за лицата кои треба да бидат во изолација ќе се објавуваат на интернет-страницата на ДСЗИ", МИА – Медиумска информативна агенција, 1 февруари 2022, https://bit.ly/3jecfZ2.

500 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Министерството за економија", службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 26 октомври 2021, https://bit.ly/3sPKZov.

501 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Агенцијата за млади и спорт", службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 23 ноември 2021, https://bit.ly/3FBjhTZ.

502 „Потпишани меморандуми за соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Владата на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат и Бирото за развој на образованието", службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 13 декември 2021, https://bit.ly/3sTmIOe.

503 Исто.

504 Исто.

505 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Фондацијата за интернет и општество 'Метаморфозис'", службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 23 декември 2021, https://bit.ly/3zBRQWk.

506 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Државниот инспекторат за труд", службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 16 февруари 2022, https://bit.ly/3WhEvvU.

507 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка", службена интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци, 24 февруари 2022, https://bit.ly/3NuKee3.

комисија, Министерството за здравство и Македонската банкарска асоцијација.[508] Меморандумите за соработка се потпишани со цел спроведување обуки за заштита на личните податоци за претставници на овие институции, во насока на целосно и правилно спроведување на прописите за заштита на личните податоци.

*Во Годишниот извештај за работата на Бирото за застапување на Северна Македонија пред ЕСЧП во 2021 година беше наведено дека постои тренд на зголемување на бројот на апликации поднесени пред ЕСЧП против Република Северна Македонија. Сепак, неопходно е државата да ги извршува конзистентно одлуките што ги носи ЕСЧП.*

*Иако се забележува подобрување во однос на почитување на уставната обврска за почитување на начелото на соодветна и правична застапеност, сепак треба да се подобри состојбата на незадоволителна застапеност на помалите заедници во министерствата, особено на раководните позиции, во судството и обвинителството, а покрај тоа, треба да се подобри нивото на родова еднаквост на раководните позиции.*

*Со оглед на тоа што се забележани случаи на употреба на прекумерна сила од страна на полициски службеници, неопходно е судовите да го следат позитивниот пример на Основниот кривичен суд за изрекување на ефективна казна затвор за полициски службеник поради употреба на прекумерна сила.*

*Потребно е конзистентна и соодветна примена на препораките на Европскиот комитет за превенција од тортура.*

*Неопходно е целосно спроведување на мерките предвидени во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025), а особено да се реши проблемот со пристап до здравствена заштита, спроведување на образовниот процес и процесот на ресоцијализација на осудените лица, необучените раководни и стручни кадри во казнено-поправните установи и неефикасните внатрешни и надворешни механизми за пријавување и гонење случаи на тортура и нечовечко постапување кон осудените лица. Покрај тоа, просториите мораат да ги задоволуваат минималните стандарди, да има доволно простор за сите затвореници и да се подобри нивото на хигиена.*

*На децата кои отслужуваат воспитно-образовни мерки треба да им биде овозможено вклучување во образовниот процес во казнено-поправните установи.*

508 Исто.

# СЛОБОДА НА МИСЛА, СОВЕСТ И РЕЛИГИЈА

Во Извештајот за верските слободи во Република Северна Македонија за 2021 година на Стејт департментот се нотира дека Основниот граѓански суд добил десет апликации во текот на годината за регистрирање цркви и религиозни заедници/групи, по девет од нив судот донел одлука, а по една апликација сè уште се постапува.[509] Исто така, во Извештајот се истакнува дека ХКЧП регистрирал 30 инциденти на говор на омраза со религиозна компонента во текот на годината, со што се бележи мало намалување во однос на претходната година.[510]

КСЗД поведе постапка по службена должност против јавен службеник, по повод неговите изјави во дебатна емисија на телевизиски канал, кои укажуваат на вознемирување врз основа на етничка припадност на припадници на турската етничка заедница во Република Северна Македонија.[511]

Согласно објавениот прв сет резултати од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија спроведен во 2021 година, најголемиот дел од населението во државата се изјаснило за одредена религиозна припадност (92,6%), додека многу мал процент се изјасниле како атеисти (0,02%) и агностици (0,11%).[512] Според религиската припадност, 46,14% се изјасниле како православни христијани, 32,17% како муслимани, 0,48% како протестантски христијани, 0,37% како католици,[513] а другото население припаѓа на следните цркви и религиозни заедници: протестанти, Јеховини сведоци, будисти, евангелисти-методисти, евангелисти, адвентисти, припадници на Харе Кришна, припадници на еврејската Мојсеева заедница, баптисти и реформисти.

509 Канцеларија за меѓународна религиска слобода при Стејт департмент на САД, „Извештај за меѓународна верска слобода: Северна Македонија 2021", 2022, <https://www.state.gov/reports/2021-report-on-international-religious-freedom/north-macedonia/>.

510 Исто.

511 „Подигната постапка по службена должност против Ваљон Бела", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 18 април 2022, https://bit.ly/3NfH0dY.

512 „Попис 2021: Будисти и Јеховини сведоци има повеќе од атеисти [инфографик]", Meta.mk, 30 март 2022, https://meta.mk/popis-2021-budisti-i-jehovi-ni-svedoci-ima-povekje-od-ateisti-infografik/.

513 Соопштение на Државниот завод за статистика – Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 – прв сет податоци, службена интернет-страница на Државниот завод за статистика, 30 март 2022, https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/2.1.22.10-mk.pdf.

# СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

По повод Светскиот ден на слободата на печатот (3 мај), министерот за правда најави измени на Законот за граѓанска одговорност за клевета, со што ќе се гарантира слободата на изразување. Амандманите вклучуваат драстично намалување на висината на казните за медиумските работници за штета предизвикана од навреда или клевета и тие во моментов се во собраниска постапка.[514]

Во врска со анонимниот предлог за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ), кој моментално се разгледува од страна на пратеничките групи, ЗНМ реагира дека е изработен во тајност, без спроведени консултации и вклученост на релевантни организации и без јавна дебата. Оваа измена ја брише активната забрана за владино рекламирање во приватните медиуми и истовремено се предвидуваат високи суми за радиодифузерите од буџетот на граѓаните на централно и на локално ниво, поради што ЗНМ смета дека Владата и политичките партии немаат искрени намери да креираат решенија со кои ќе се гарантира независноста на медиумите и слободата на изразување.[515]

Република Северна Македонија беше оценета како „делумно слободна" со оценка 67/100, односно за едно место повисока позиција отколку во 2021 година (66/100).[516] Северна Македонија беше рангирана на 57-то место од вкупно 180 земји според Индексот на слобода на медиумите на Репортери без граници за 2022 година, 33 позиции повисоко во споредба со минатата година, кога беше рангирана на 90-тото место. Во извештајот се наведува дека, иако новинарите не работат во непријателска атмосфера, широкораспространетите дезинформации и недостатокот на професионализам придонесуваат за намалување на довербата на општеството во медиумите, што ги изложува независните медиуми на закани и напади. Исто така, транспарентноста на институциите е особено слаба и поради политичката поларизација медиумите можат да бидат подложени на притисок.[517]

## Притисок врз новинари

Измените на КЗ, со кои беше најавено дека нападот врз новинар ќе се казнува како напад врз службено лице,[518] остануваат во собраниска постапка.

514 „Министерство за правда, Тупанчески: 'Слободни новинари, слободно општество'. Со измените на предлог-законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета се гарантира слобода на изразување", 3 мај 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6349.

515 „ЗНМ: 'Не смее да се повтори грешката со платените кампањи во приватни медиуми'", Радио МОФ, 13 јули 2022, https://www.radiomof.mk/znm-ne-smee-da-se-povtori-greshkata-so-platenite-kampanji-vo-privatni-mediumi/.

516 „Фридом хаус, Слобода во светот 2022 – Северна Македонија", 2022, <https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2022>.

517 „Северна Македонија на 57. место според Индексот на слобода на медиуми на Репортери без граници", Бизнис вести, 3 мај 2022, https://bit.ly/3zDsfvZ.

518 „Со измените на Кривичниот законик нападот на врз новинар ќе се казнува како напад врз службено лице", Академик, 14 јуни 2021, https://akademik.mk/so-izmenite-na-krivichniot-zakonik-napadot-na-vrz-novinar-ke-se-kaznuva-kako-napad-vrz-sluzhbeno-litse/.

Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) регистрирало вкупно пет напади и груби закани во текот на 2021 година, со што се забележува намалување во однос на 2020 година, кога биле забележани 14 вакви инциденти од страна на ЗНМ.[519] Покрај тоа, во извештајот на Стејт департментот за 2021 година е утврдено дека постои напредок во почитувањето на слободата на медиумите и слободата на изразување во земјава, но сѐ уште постојат проблеми што се провлекуваат од претходните години, како што е насилството и заплашувањето на новинари, како и дека одговорот од страна на институциите во поглед на заштитата на новинарите и медиумските работници е бавен и неефикасен.[520] Сепак, истражувањата покажуваат дека од новинарите кои добиле закани, 14,9% не ги пријавиле поради недоверба во судството, 14% поради недоверба во полицијата, а 13,7% поради недоверба во обвинителството.[521]

Новинарка[522] била повикана во полициска станица по пријава на раководителка на еден од секторите во Министерството за правда (МП), која, според полицискиот извештај, чувствувала вознемиреност во врска со сопственото здравје и репутација по објавување статија напишана од новинарката. Според полицискиот инспектор во полициската станица, ова е прв случај каде што МВР, иако не е надлежно, повикало новинар на интервју во врска со напишан текст во медиум[523]. Овој инцидент веднаш беше осуден и беше побарано разјаснување[524], по што, МП ја извести јавноста дека е формирана дисциплинска комисија, која ќе го испита случајот на раководителката и дека ќе стори сѐ за да ја заштити слободата на изразување и говор.[525]

На трети јуни 2022 година, ЗНМ објави документ со наслов „Напади врз новинари и медиумски работници 2017-2021 година: Трендови и препораки", кои опфаќаат некои од посериозните повреди на правата на медиумските работници кои се евидентирани и се забележани како трендови што се повторуваат, во форма на напади врз новинари во последните пет години.[526] Клучните наоди од овој документ

519 Здружение на новинари на Македонија, „Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2021", (2022) <https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/MK-MK-2021-finalen-izvestaj.pdf>.

520 „Извештајот на Стејт департментот со посебен фокус на безбедноста на новинарите", официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 14 април 2022, https://bit.ly/3fdBQ5M.

521 Билјана Бејкова Јошеска и Сеад Џигал, „Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници", јануари 2022, https://bit.ly/3O2kyWa.

522 По објавување напис за адвокат кој тврди дека му бил побаран поткуп од раководител на еден од секторите во МВР, проследен со уцена, новинар од национален онлајн-медиум бил повикан во полициска станица во Скопје на службено интервју во врска со пријава против наведениот напис.

523 „Новинарката на САКАМДАКАЖАМ.МК, Соња Делевска, повикана во полиција за објавен текст, вознемирила раководителка во Министерство за правда", Сакам да кажам, 16 мај 2022, https://bit.ly/3truvDb.

524 „Слободата на говор не смее да се замолчи со полициската строгост", Слободен печат, 17 мај 2022, https://www.slobodenpecat.mk/slobodata-na-govor-ne-smee-da-se-zamolchi-so-policiska-strogost/.

525 „Формирана е дисциплинска комисија која ќе го испитува случајот со раководителката во МП", Press 24, 17 мај 2022, https://press24.mk/formirana-e-disciplinska-komisija-koja-kje-go-ispituva-sluchajot-so-rakovoditelkata-vo-mp.

526 „ЗНМ објави публикација во која се рефлектираат тенденциите на напади врз новинари и медиумски работници во последните пет години", официјална интернет-страница на Здружение на новинари на Македонија, 3 јуни 2022, https://bit.ly/3sDsOIB.

покажуваат дека бројот на напади врз новинарки е поголем од нападите врз новинари мажи во последните две години; дека зачестеноста на нападите и заканите врз медиумските работници се зголемува во турбулентни политички ситуации; дека физичките напади врз новинарите се намалија за време на пандемијата, додека онлајн-заканите кон новинарите значително се зголемија и дека неказнивоста на нападите врз новинарите продолжува.[527] ЗНМ реагираше и на забелешките на претседателот на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, изнесени на јавниот собир, преку кои јавно беа означени новинарите кои известуваат за билатералниот спор со Бугарија, што негативно се одразува на слободата на медиумите и придонесува за цензура, автоцензура и говор на омраза кон медиумите.[528]

По честите напади и деградирањето на новинарите и медиумските екипи за време на протестите против францускиот предлог за пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) изјави дека е важно да се нагласи неопходноста тие да бидат почитувани и заштитени. Нивните очекувања се дека припадниците на МВР, институциите, политичките партии и учесниците на протестите ќе се воздржат од напади и ќе ги заштитат, бидејќи секој напад на новинарска екипа претставува напад на поширокатa јавност и јавниот интерес, напад врз слободата на изразување и демократија.[529] Истовремено, ЗНМ по повод протестите укажа на проблематичен однос кон медиумските работници од дел од припадниците на МВР, но и од страна на учесници во протестот, повикувајќи ги полициските службеници на кооперативен пристап и потсетувајќи ја јавноста дека новинарите се во функција на задоволување на правото на народот на информирање, па опструкцијата на нивната работа поттикнува цензура на медиумите.[530]

По повод друг инцидент во кој беше упатена смртна закана кон новинар, ЗНМ најави дека ќе поднесе пријава до МВР и ќе инсистира на брза и ефикасна истрага во интерес на пронаоѓање и санкционирање на сторителот. Истовремено, ЗНМ укажа дека заканите по живот се кривични дела опфатени во Кривичниот законик, за што е предвидена затворска казна за сторителите, а новинарите кои известуваат за прашања од јавен интерес мораат да бидат заштитени кога нивната безбедност е загрозена, бидејќи во спротивен случај се поттикнува цензура и дела од омраза кон медиумските работници.[531]

527 Исто.
528 „ЗНМ: 'Политичарите да не омаловажуваат новинари во своите јавни говори'", официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 20 јуни 2022, https://bit.ly/3AgcY4D.
529 „ССНМ: 'Имаме право да известуваме, но и да имаме став'", официјална интернет-страница на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници – ССНМ, 6 јули 2022, https://bit.ly/3AedMH8.
530 „ЗНМ: 'Скршена камера – безбедноста на новинарите и снимателите мора да биде гарантирана за време на протестите'", официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 6 јули 2022, https://bit.ly/3Eua4vH.
531 „ЗНМ бара итна реакција за смртната закана упатена кон новинарот Фуркан Салиу", Радио МОФ, 9 јули 2022, https://www.radiomof.mk/znm-bara-it-na-reakcija-za-smrtnata-zakana-upatena-kon-novinarot-furkan-saliu/.

ЗНМ и Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ) го осудија односот на пратеник во Собранието и лидер на политичка партија, поради јавните изјави дадени на социјална мрежа, кои, според нив, претставуваат стигматизирачки и дискриминаторен говор кон новинарите, преку кој тој изразува незадоволство за начинот на којшто тие известуваат од меѓувладината конференција во Брисел. Дополнително, апелираат дека со овој тип говор може да се поттикне насилство кон новинарите и негативно влијае на слободата на изразување и квалитетот на јавната дебата.[532]

По друг инцидент, ЗНМ побара итна реакција од Општина Сарај и конкретни мерки од страна на надлежните институции, откако новинарска екипа на била спречена да снима од страна на локални жители на почетокот на август. Телевизиската екипа пристигнала во село во општината, по добиена информација дека жителите немаат вода за пиење и по неколку минути снимање, цивил почнал да се однесува агресивно кон нив, забранувајќи им да снимаат и побарал да си одат.[533]

Покрај ова, имаше уште еден сличен инцидент во кој се спречува новинарската работа на почетокот на август. Имено, двајца новинари од една телевизиска станица закажале состанок со лица одговорни за односи со јавност по поднесена пријава поврзана со прашања на работнички права во едно јавно претпријатие, кога едно лице кое се претставило како одговорно за односи со јавност, по претходна расправа со новинарите, му го одзела телефонот на еден од нив и одбила да го врати. Истовремено, тројца членови на обезбедувањето ги задржале новинарите во просториите на претпријатие спротивно на нивната волја, сè до пристигнувањето на полициски службеници, повикани од страна на еден од новинарите.[534] ЗНМ ги осуди постапките на вработените во претпријатието и побара од МВР итно да го истражи случајот и да ја информира јавноста, а побара и од директорот на претпријатието да спроведе истрага и да иницира дисциплински мерки.[535] Потоа, од претпријатието најавија дека дисциплинска постапка е поведена против вработената која го предизвикала инцидентот и истакнаа дека претпријатието останува отворено и транспарентно за сите граѓани и за медиумите и дека во иднина нема да се дозволи несоодветно однесување од страна на вработените.[536] Конечно, Агенцијата за аудио

532 „ЗНМ и СЕММ: 'Го осудуваме стигматизирачкиот и омаловажувачки пристап на Апасиев кон новинарите'", Радио МОФ, 20 јули 2022, https://bit.ly/3Tzndrq.

533 „ЗНМ: 'Новинарска екипа на Алсат спречена да снима во Сарај'", Радио МОФ, 4 август 2022, https://www.radiomof.mk/znm-novinarska-ekipa-na-alsat-sprechena-da-snima-vo-saraj/.

534 „(Видео) Нападната екипата на ТВ 'Клан' во Комунална хигиена", 24 info, 8 август 2022, https://bit.ly/3OigK3v.

535 „ЗНМ: 'Малтретирани новинари од страна на службеници во Комунална хигиена – МВР итно да реагира'", MakPress, 8 август 2022, https://m.makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=494897.

536 „ЈП Комунална хигиена – Скопје: 'Почната е дисциплинска постапка за вработената која денес предизвика инцидент'", press24, 8 август 2022, https://bit.ly/3O1LZj5.

и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) исто така реагираше на овој инцидент, изјавувајќи дека сите треба да се однесуваат достоинствено, а особено при вршење на своите работни должности и дека јавните институции треба да бидат отворени и транспарентни и да се потрудат да им овозможат слободен пристап до информации на медиумските екипи кога известуваат за прашања од јавен интерес.[537]

Сепак, ова не е единствениот инцидент поврзан со вработените од ова јавно претпријатие. Имено, новинарка од друг медиум го фотографирала ѓубрето во паркот во близина на нејзиното живеалиште, кое требало да биде исчистено од страна на вработените во претпријатието. Тие ја нападнале вербално и се заканиле на нејзиното домашно милениче. ЗНМ ги осудува навредите и заканите и бара јавното претпријатие да иницира дисциплинска постапка против одговорните лица за овој напад, како и да направи план за активности за едукација на вработените по прашања од јавен интерес и однос кон граѓаните, бидејќи ова не е првпат нивните вработените да реагираат на овој начин.[538] Јавното претпријатие го осуди вербалниот напад од вработените и најави дисциплинска постапка против нив, а истовремено ги поттикна медиумите и јавноста да ја следат работата на претпријатието, додавајќи дека тоа е отворено и транспарентно по сите прашања.[539]

Пример за цензура на новинари може да се види кога полициски службеници од полициската станица Неготино дошле на домашна адреса на новинарка поради поплака од страна на возач, кој удрил 11-годишно дете со автомобил во Неготино, по што ЗНМ реагираше дека постапката на МВР да се предупредуваат новинари поради објавен текст е непримерна, несоодветна и непотребна, бидејќи на тој начин се врши притисок врз слободата на изразување на новинарите.[540]

537 „АВМУ за инцидентот во Комунална хигиена: 'Институциите треба да бидат отворени и транспарентни'", Makfax News Agency, 9 август 2022, https://bit.ly/3Uy0VYl.

538 „ЗНМ: 'Осуда за заканите и навредите кон новинарката Илинка Иљоска од Мета'", Радио МОФ, 16 август 2022, https://www.radiomof.mk/znm-osuda-za-zakanite-i-navredite-kon-novinarkata-ilinka-iljoska-od-meta/.

539 „КХС: 'Дисциплинска постапка против вработените за вербалниот напад врз новинарката Иљоска'", Радио МОФ, 18 август 2022, https://www.radiomof.mk/khs-disciplinska-postapka-protiv-vrabotenite-za-verbalniot-napad-vrz-novinarkata-iljoska/.

540 „ЗНМ бара одговорност за полицајците кои ја вознемирувале новинарката Вики Клинчарова", Радио МОФ, 12 август 2022, https://www.radiomof.mk/znm-bara-odgovornost-za-policajcite-koi-ja-voznemiruvale-novinarkata-viki-klincharova/.

*Потребно е да се изберат членовите на Советот на АВМУ, што ќе овозможи деблокада на реформите на работата на АВМУ.*

*Потребно е да се донесат измените на Кривичниот законик, со кои беше најавено дека нападот врз новинар ќе се казнува како напад врз службено лице, што ќе овозможи нивна поголема заштита. Дополнително, потребно е надлежните институции да постапуваат поефективно при пријава на загрозување на безбедноста на новинарите во земјата.*

*Потребно е сензибилизирање на политичките партии и јавните институции за работата на новинарите и за начелото на слобода на изразување, со цел овозможување на исполнување на јавниот интерес за информирање, но и избегнување на ширење на говор на омраза и напади против новинарските екипи.*

# РАНЛИВИ ГРУПИ И НАЧЕЛОТО НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

На 25 мај 2022 година, Владата ја разгледа и ја донесе Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година, која е основен стратегиски документ во националната политика за еднаквост и недискриминација, а неговата цел е да обезбеди континуиран развој во реализацијата на овие права без дискриминација по која било основа.[541]

Новото мислење на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства покажа дека Северна Македонија постигна значителен напредок во правната заштита на правата на лицата кои припаѓаат на националните малцинства, особено во полето на антидискриминација и употреба на албанскиот јазик. Покрај тоа, се истакнува дека стратегијата „Едно општество за сите" обезбедува вреден патоказ кон интегрирано мултиетничко општество и е во согласност со начелата на Рамковната конвенција, бидејќи промовира почитување на различностите преку меѓукултурен дијалог, иако сепак неопходно е подобрување на практичното спроведување на законодавството и политиките за националните малцинства.[542]

## Комисија за спречување и заштита од дискриминација

На средината на октомври 2021 година беше објавен Деловникот за работа на КСЗД,[543] донесен врз основа на актуелниот Закон за спречување и заштита од дискриминација[544], а на почетокот на 2022 година беше објавена и неговата измена.[545] Со Деловникот подетално се уредува организацијата, постапката, начинот на работење и одлучување на КСЗД.

Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година го поздрави изборот на КСЗД и го истакна фактот што во составот на Комисијата влегуваат искусни професионалци од граѓанскиот сектор, но истовремено посочи и на многубројните логистички и финансиски тешкотии со кои се соочи КСЗД во првите неколку месеци од нејзиното постоење и препорача овие предизвици да бидат адресирани и решени со цел да се обезбеди целосна функционалност на КСЗД.[546] И

541 „Од 48-та седница на Владата: Утврден текстот на новиот Закон за служба во Армијата со дополнителни погодности; Утврдени измените за повисоки плати во правосудниот и обвинителскиот сектор", службена интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 25 мај 2022, http://vlada.mk/node/28946.

542 „С. Македонија постигна значителен напредок во правната заштита на малцинствата", Радио МОФ, 21 септември 2022, https://www.radiomof.mk/s-makedonija-postigna-znachitelen-napredok-vo-pravnata-zashtita-na-malcinstvata/.

543 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 232/2021.

544 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020.

545 „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 2/2022.

546 „ЕК го поздрави изборот на КСЗД, но укажа на многубројните логистички и финансиски тешкотии со кои се соочува Комисијата", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 22 октомври 2021, https://bit.ly/3huVuLi.

Комисијата истакнува дека сè уште има проблеми во функционирањето во поглед на инфраструктурата и одржувањето на просториите, а за да биде целосно функционално независно тело како што е дефинирано со Законот, планира да иницира измена на матичниот закон. Покрај тоа, КСЗД предлага измена на Законот за прекршоци, со која, наместо овластување, да поднесе барање за прекршок до надлежните одделенија за прекршоци во основните судови, би можела сама да изрекува прекршочни налози, бидејќи така заштитата од дискриминација би била побрза и поефикасна.[547]

Уште еден горлив проблем претставува буџетот предвиден за КСЗД за 2022 година, кој се смета за манифестација на системската негрижа за најранливите групи граѓани, бидејќи тој не соодветствува на потребите и надлежностите на КСЗД, а најмногу се одразува на овие групи граѓани кои се најподложни на дискриминација.[548] Со ребалансот на буџетот за 2022 година, средствата предвидени за КСЗД се зголемија за четири милиони денари.[549]

Според годишниот извештај на КСЗД за 2021 година, КСЗД во 2021 година постапила по вкупно 167 поднесени претставки, од кои 77 претставки биле поднесени во периодот од 2016 до 2020 година, додека другите 90 претставки се поднесени во 2021 година. Постапувајќи по поднесените претставки, КСЗД утврдила дискриминација во 40 случаи, додека кај 39 се утврдило дека нема основа за дискриминација; за десет претставки е донесен заклучок за непостапување, неповедување или запирање на постапката, 41 претставка биле отфрлени поради утврдена ненадлежност, неуредност, застареност и недопуштеност, а за 37 претставки постапката е во тек. Оние случаи каде што е утврдена дискриминација се однесуваат на областите на работата и работните односи (15 случаи) и пристапот до добра и услуги (11 случаи), областите јавно информирање, медиуми и социјални мрежи (седум случаи), правосудство, управа и избирачки права (четири случаи), образование (два случаи) и спорт (еден случај). Најчеста основа за дискриминација бил личното својство и општествениот статус, што е потврден во 11 случаи, потоа основите национална или етничка припадност (осум случаи), припадност на маргинализирана група (осум случаи) и родов идентитет (осум случаи), сексуална ориентација (седум случаи), дискриминација врз основа на пол (пет случаи), како и образованието (пет случаи) и бојата на кожа (пет случаи).[550]

547 Теофил Блажевски, „Следење на процесот на евроинтеграции: основни права – рамка има, имплементацијата варира, секаде се потребни повеќе пари“, Фондација „Метаморфозис“, 1 јули 2022, https://bit.ly/3g4dYC8.

548 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за состојбата со човековите права во 2021 година“, 20 јуни 2022, https://bit.ly/30OSy5s.

549 „Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја освои довербата од јавноста“, Вистиномер.мк, 23 јуни 2022, https://vistinomer.mk/komisijata-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija-ja-osvoi-doverbata-od-javnosta/.

550 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Годишен извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) за 2021 година“, 2022, <https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/03/Godisen-izvestaj-2021.pdf> пристапено на 7 октомври 2022.

КЗСД дала свој придонес кон консултациите на Европската комисија за развој на стандарди за телата за еднаквост.[551]

КСЗД доби позитивна оценка за својата работа во последниот извештај од Стејт департментот.[552] Според извештајот, во 2021 година Комисијата работела на заштита на граѓаните од кршење на нивните права од страна на јавните институции, намалување на дискриминацијата на малцинските заедници и лицата со попреченост, промовирање на фер застапеност во јавниот живот и спречување на злоупотреба на правата на децата.[553]

Дополнително, Комисијата учествуваше во подготовката на Четвртиот периодичен извештај за Република Северна Македонија, согласно Меѓународниот пакт на ОН за граѓански и политички права, кој доаѓа по учеството на Комисијата во изработката на извештајот што се подготвува согласно Конвенцијата за елиминирање на расната дискриминација.[554]

Во извештајниот период, КСЗД потпиша Меморандум за соработка со следните институции и организации: Советот за етика во медиумите,[555] МВР,[556] Субверзивниот фронт и Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи[557] и Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија.[558]

## Лица со попреченост

На 12 април се одржа првиот состанок за изработка на новата Национална стратегија за лица со попреченост на Северна Македонија; Министерството за труд и социјална политика (МТСП) е носител на активностите за подготовка на стратегијата што ќе опфати период од седум години, додека националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост ќе биде задолжено за координација и олеснување на целиот процес.[559]

551 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Важноста, улогата и предизвиците за телата за еднаквост во унапредувањето на еднаквоста и борбата против дискриминацијата, Придонес кон процесот на јавни консултации 'Тела за еднаквост – обврзувачки стандарди'", 16 март 2022, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/03/CPPD-Contribution-EC.pdf.

552 Стејт департмент на САД, Биро за демократија, човекови права и труд „Извештај за човековите права на Северна Македонија за 2021 година (North Macedonia 2021 Human Rights Report)", 27 април 2022 година, https://bit.ly/3TEFK5H.

553 „Позитивна оценка за работата на КСЗД во извештајот на Стејт департментот за 2021 година", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 27 април 2022, https://bit.ly/3UXXWsl.

554 „КСЗД вклучени во изработка на Државниот извештај по меѓународен пакт на ООН", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 27 април 2022, https://bit.ly/3E4RjxA.

555 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу КСЗД и Советот за етика во медиумите", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 22 март 2022, https://bit.ly/3UAP0sT.

556 „Потпишан меморандум за соработка меѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Министерството за внатрешни работи", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 9 март 2022, https://bit.ly/3KhG46x.

557 „КСЗД потпиша Меморандум за соработка со Субверзивен фронт и ИДУЕП", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 15 јуни 2022, https://bit.ly/3tq9HMk.

558 „КСЗД и Кабинетот на претседателот на РС Македонија потпишаа Меморандум за соработка", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 25 јули 2022, https://bit.ly/3Es4PwA.

559 „Почнува процесот за креирање на нова Национална стратегија на лицата со попреченост", службена интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 12 април 2022, https://vlada.mk/node/28424.

Кон крајот на април, министерката за труд и социјална политика одржа состанок со претставници на националните организации на лицата со попреченост, на кој се дискутираше за барањата што овие организации ги доставија до МТСП преку Националниот совет на инвалидски организации.[560]

МТСП најави дека планира да спроведе многу мерки за подобрување на правата на лицата со попреченост, согласно барањата доставени од здруженијата на граѓани и родителите на деца со попреченост, меѓу кои е и донесување на нова Национална стратегија за лица со попреченост, измени и дополнувања на подзаконските акти и воспоставување регистар за лица со попреченост.[561]

По повод одбележувањето на 3 декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, КСЗД објави четири општи препораки до институциите за отстранување на системска дискриминација кон лицата со попреченост, со цел унапредување и заштита на правата обезбедени со ратификацијата на конвенцијата на ОН за права на лицата со попреченост. Овие препораки се однесуваат на:

- ***унапредување на правото на здравствена заштита и пристапот до вакциналните пунктови на лицата со попреченост во услови на пандемија,***
- ***унапредување и заштита на човековите права и достоинство на осудените лица со попреченост и почитување на нивниот физички и ментален интегритет за време на издржувањето на казните во казнено-поправни установи и казнено-поправните домови,***
- ***обезбедување пристапност и соодветно приспособување на гласачките места и во нив, со што ќе се овозможи еднаков пристап на лицата со физичка попреченост до гласачките места ширум земјата и во нив, и***
- ***имплементација на одредбите содржани во Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во соодветното домашно законодавство со цел да се обезбеди и да се промовира остварувањето на човековите права и слободи на сите лица со попреченост без каква било дискриминација врз основа на попреченост.***[562]

Поттикната од случај на затвореник со попреченост, КСЗД објави Општа препорака за унапредување и заштита на човековите права и достоинство на осудените лица со попреченост и почитување на нивниот физички и ментален интегритет за време на издржувањето на казните во казнено-поправни установи и казнено-поправните домови.[563]

560 „Тренчевска: 'Заеднички креираме и спроведеме политики кои ќе го унапредат квалитетот на живот на сите лица со попреченост'", службена интернет-страница на Министерството за труд и социјална политика, 29 април 2022 година, https://bit.ly/3UTO6Yp.

561 „МТСП најавува мерки за децата и лицата со попреченост", Радио МОФ, 20 април 2022, https://www.radiomof.mk/mtsp-najavuva-merki-za-decata-i-lica-ta-so-poprechenost/.

562 „КСЗД: 'Четири општи препораки до институциите за отстранување на системска дискриминација кон лицата со попреченост'", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 3 декември 2021, https://bit.ly/3USbZzp.

563 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Општа препорака за унапредување и заштита на човековите права и достоинство на осудените лица со попреченост и почитување на нивниот физички и ментален интегритет за време на издржувањето на казните во казнено-поправни установи и казнено-поправните домови", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 3 декември 2021, https://bit.ly/3WXzOYC.

Владата донесе Уредба за правото на лицата со попреченост да бидат изземени од плаќање партиципација за студирање.[564] Конкретно, Владата им овозможи на сите лица со попреченост кои се запишуваат во прв, втор или трет циклус студии на јавните високообразовни институции да бидат изземени од партиципација. Покрај тоа, лицата со статус на деца без родители и родителска грижа, невработените родители на деца и лица со статус на воени инвалиди исто така се изземени од плаќање партиципација.[565]

Клубот за младински прашања и политики при Собранието одржа средба со млади лица со попреченост, на која присуствуваа млади активисти, претставници на повеќе граѓански организации и средношколци, каде што се дискутираше за обезбедување на подостапна инфраструктура, пристап до јавни услуги и образование, признавање на знаковниот јазик, достапна литература за ученици со оштетен вид, достапност на ортопедски помагала и здравствени услуги.[566]

На 12 мај, претставништвото на УНИЦЕФ и организацијата „Отворете ги прозорците" во Северна Македонија ја промовираа имплементацијата на дигиталната апликација и алатката за асистивна технологија, „Сиборд" (Cboard),[567] создадена за да им помогне на децата со тешкотии во комуникацијата и нарушувања во говорот за да можат да комуницираат и да ги изразат своите потреби, чувства и мисли.[568]

Во јуни, ОН ја почнаа заедничката програма „Од знаење и инклузија – до зајакнување и учество" за подобрување на капацитетот на организациите на лицата со попреченост, Владата, на давателите на услуги и на агенциите на ОН, со што заеднички придонесоа за успешно спроведување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.[569] Целта на програмата е да посредува за поголема инклузивност на лицата со попреченост во националните развојни и хуманитарни планови, буџети, јавни политики и процеси на следење.

Коалицијата „Менуваме" најави дека планира да поднесе барања до Делегацијата на ЕУ, УНИЦЕФ, ОБСЕ, ОН и до дипломатскиот кор во државата за поддршка

564 Уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 61/2022.

565 Исто.

566 „Средба на млади лица со попреченост со Клубот за младински прашања", Јанаки знае, 20 април 2022, https://bit.ly/3hG02Pa.

567 Бесплатна апликација со отворен код, која може да се користи онлајн или преку андроид мобилен уред или таблет за да им помогне на децата и возрасните со низа говорни и јазични нарушувања и да ја олесни нивната комуникација користејќи симболи, слики и пренос на текст во говор. Во оваа пригода, министерката за труд и социјална политика ја потврди континуираната посветеност на МТСП за унапредување на системот за заштита на децата, со цел да им се овозможи на сите деца, без разлика на нивните способности, средина од која доаѓаат, како и нивното образование и семејство, да добијат сеопфатна поддршка за развој на нивниот целосен потенцијал.

568 „Промовирана апликацијата 'Сиборд' за унапредување на инклузивноста на децата со попреченост", Meta.mk, 12 мај 2022, https://meta.mk/promovirana-apliakcijata-sibord-za-unapreduvanje-na-inkluzivnosta-na-decata-so-poprechenost/.

569 „ОН почнаа заедничка програма за надминување на нееднаквоста и исклучувањето на лицата со попреченост", Радио МОФ, 22 јуни 2022, https://bit.ly/3EuSLur.

и медијација во остварувањето на правата за еднаквост, достоинствен живот и инклузивност на лицата со попреченост во јавниот живот. Овој чекор го преземаат со цел запознавање на ЕУ со непочитувањето на основните права на лицата со попреченост, бидејќи преговорите со Владата во врска со нивните барања не дале резултат. Коалицијата бара покачување на додатокот на попреченост од 7.100 денари и на детскиот додаток од 5.100 денари за 35 проценти, согласно просечната нето-плата во државата, потоа бараат намалување на границата од 26 на 18 години, бараат да се направи регистар на лица со попреченост, а помагалата за деца и лица со оштетен вид, мерачите за шеќер и притисок и топломерите да бидат ставени на товар на Фондот.[570] Како одговор на овие изјави, МТСП ја информира јавноста дека предвидено е зголемување на правото на посебен додаток за 15% за сите три категории корисници на ова право, а измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата се во собраниска постапка и обезбедени се средства за ова покачување со ребалансот на буџетот. Покрај тоа, доставена е измена и дополнување на Законот за социјална заштита, со која се дополнуваат критериумите за користење на личната асистенција, односно дополнување со комбинираната попреченост, како и намалување на возрасната граница кај правото за траен надоместок за родители кои до 26-тата година се грижеле за дете со попреченост без да биде згрижено во институција, односно намалувањето е од 62 на 60 години за жени и од 64 на 62 години за мажи. Дополнително, почна подготовката на новата Национална стратегија за лицата со попреченост 2022-2027 година и МТСП останува во постојана комуникација со здруженијата на граѓани за заштита на правата на лицата со попреченост, со националните инвалидски организации, со родителските организации, со цел, во рамките на можностите на Буџетот, да одговори на потребите и барања на децата и лицата со попреченост.[571]

На крајот на јули, премиерот најави дека по зголемувањето на социјалната помош, во просек за 300% и воведувањето на нови додатоци за лицата со попреченост, во ребалансот на Буџетот предвидени се средства за унапредување на правата на лицата со попреченост. Тој истакна дека оваа влада има направено реформи како никоја досега и ги има зголемено буџетите во однос на социјалната сфера, има воведено програми и активности што даваат поддршка на лицата со попреченост, на старите лица и на сите оние што им е потребна поголема поддршка од државата.[572]

570 „'Државата една година ги лаже и не ги остварува правата на лицата со попреченост', велат од Коалицијата 'Менуваме' и бараат помош од ЕУ", Сакам да кажам, 27 јули 2022, https://bit.ly/3tu065i.
571 „МТСП: 'Градиме систем кој е праведен и прилагоден на лицата со попреченост'", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 28 јули 2022, https://vlada.mk/node/29717.
572 „Ковачевски: 'Обезбедуваме еднакви можности за лицата со попреченост и во социјален ризик, со повеќе средства, грижа и квалитетни услуги'", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 28 јули 2022, https://vlada.mk/node/29725.

Петицијата од родители против 11-годишно дете со Даунов синдром да биде одвоено од одделението, каде што дотогаш учело со објаснување дека е „агресивна“, случај за кој по првпат беше известено на социјалните мрежи, првично од таткото на девојчето, јавноста ја дочека со бурни реакции. КЗСД веднаш реагираше во случајот, отворајќи по службена должност случај на сегрегација и подвлече дека ќе изврши надзор во училиштето, како и дека веќе е во контакт со градоначалникот на Гостивар и директорот на училиштето.[573] Случајот исто така го испитува и Народниот правобранител, кој отвори случај по сопствена инцијатива.[574] По одредени остри реакции, министерот за труд и социјална политика и министерот за образование и наука имаа средба со родителите, на која присуствуваа и директорот на Центарот за социјална работа – Гостивар и директорот на училиштето. По состанокот, министерот истакна дека проблемите се надминати и дека девојчето е вратено на училиште.[575] Истиот ден, Државниот просветен инспекторат, по инспекциски надзор во училиштето, објави соопштение дека сите лица вклучени во образовниот процес добиле упатство да донесат соодветни мерки и да преземат соодветни активности, односно да донесат посебно изготвени програми за инклузија во образовниот процес.[576]

Директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас сторена од страна на Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија, беше утврдена со пресуда на Основниот граѓански суд во Скопје на почетокот на септември. Судот утврди дека двете институции со пропуштање да преземат дејства за приспособување на инфраструктурата и просторот до дел од избирачките места и во нив и со повреда на начелото на соодветно приспособување, оневозможиле лицата со попреченост да го остварат нивното право на глас, а со тоа го попречиле и нивното активно учество во политичкиот живот на државата. Поради тоа, Судот ги задолжи овие институции до распишување на следните избори да ги обезбедат следните услови:

- ***пристапност, рамни патишта, паркинг-места соодветно обележани со боја со висок контраст, поставување знаци и бројки на видно место во поголем формат со висок контраст или звучна сигнализација до избирачките места;***
- ***пристапност до просторијата за гласање преку поставување гелендери покрај скалите и ѕидовите, инсталирање на пристапни рампи, рачни шини, пошироки влезови, пристапен лифт или платформи што се на нивоа и со скали;***

573 „Отворена постапка по службена должност за сегрегација на четвртоодделенката Ембла од Гостивар“, службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 3 февруари 2022, https://bit.ly/3E5XtgP.

574 „Случајот за ученичката Ембла од Гостивар ќе го испитува Народниот правобранител“, 360 степени, 3 февруари 2022, https://bit.ly/3KhLKO0.

575 „Тренчевска: 'Инклузијата им дава шанса на децата со попреченост во иднина да придонесуваат во општеството'“, службена интернет-страница на Министерството за труд и социјална политика, 3 февруари 2022, https://bit.ly/38DvIAl.

576 „Утврдени пропусти во случајот со Ембла од Гостивар“, Фокус, 7 февруари 2022, https://bit.ly/3v4btD4.

- ***пристапност во просторијата за гласање, нејзино еднакво осветлување, прераспределба на мебелот поради поголема можност за движење; поставување на соодветно приспособени паравани за гласање и поставување на кутијата за гласање на соодветна висина за лица со физичка попреченост.***[577]

На почетокот на новата учебна година, ХКЧП констатираше дека инклузивноста на децата со попреченост во образовниот систем е запоставен процес, со што е нанесена огромна штета на децата и на нивните родители. Иако средното образование е задолжително, и оваа учебна година исто така почна без образовни асистенти во средните училишта. Релевантните законски измени не се донесени, а МОН нема информација за бројот на средношколци кои би имале потреба од образовни асистенти, од што станува евидентно дека инклузијата на децата со попреченост во образовниот систем, како најранлива група во општеството, не е меѓу приоритетите на надлежните институции.[578]

Народниот правобранител го наведе недостатокот на образовни асистенти за децата со попреченост како една од причините за реакциите што родителите и учениците ги доставија до него на почетокот на учебната 2022-2023 година, поради што тој заклучи дека Министерството за образование стана едно од најдисфункционалните министерства во државата.[579]

По изјава дадена од директорот на Центарот за управување со кризи, КСЗД утврди вознемирување врз основа на попреченост кон лицата со попреченост. Имајќи предвид дека изјавата е дадена од именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, на телевизија што се емитува на целата територија на Републиката, со неа е опфатен поголем број лица, а емисијата сè уште е достапна и во континуитет може да предизвика продолжено вознемирување врз основа на попреченост кај лицата со попреченост, КСЗД поведе постапка за заштита од дискриминација за потенцијално сторено вознемирување врз основа на попреченост врз лицата со попреченост во областа на медиумите. До директорот беше доставена препорака да даде јавно извинување до лицата со попреченост за дадената изјава, најдоцна 30 дена од денот на приемот на мислењето и за тоа да ја извести КСЗД, на што директорот одговори дека постапил по препораката во дадениот рок и упатил јавно извинување до лицата со попреченост.[580]

577 „Владата и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас", службена интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 1 септември 2022, https://bit.ly/3hHEqSk.

578 „Неодговорноста на надлежните ја минира инклузијата на децата со попреченост", службена интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 6 септември 2022, https://mhc.org.mk/news/neodgovornosta-na-nadlezhnite-ja-minira-inkluzija-ta-na-decata-so-poprechenost/.

579 „Министерството за образование станува најпроблематичен и најнефункционален ресор, омбудсманот Зибери ги објави сите поплаки на родители и ученици", Сакам да кажам, 30 септември 2022, https://bit.ly/3NstqUK.

580 „Утврдено вознемирување врз лицата со попреченост од страна на директорот на Центарот за управување со кризи", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 14 септември 2022, https://bit.ly/3E4yXwl.

# РОД

На 20 септември, предлог-законот за родова еднаквост беше објавен на ЕНЕР. Целта на законот, според МТСП, е да се обезбеди остварување на потполна родова еднаквост во сите сфери на јавниот и на приватниот живот со зајакнување на положбата и статусот на жената во општеството и овозможување на еднакви можности за остварување на сите права преку унапредување на родовата еднаквост.[581]

Со донесување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, се утврдија надлежностите на локалната самоуправа на ова поле.[582] Во овој контекст, се најави отворањето на Регионалниот советодавен центар за помош и поддршка на жените и децата жртви на родово базирано и семејно насилство во пелагонискиот регион.[583]

Родовото буџетирање директно влијае на унапредувањето на родовата еднаквост во државата, но иако родовото буџетирање во Северна Македонија е предвидено во Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање постои како национален документ од 2012 година, сепак тоа сè уште не е регулирано во Законот за буџетите. Конечниот извештај од ревизијата на успешност на тема „Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи“, изготвен од Државниот завод за ревизија, покажа дека благодарение на недефинирањето на поимите „родово буџетска изјава/иницијатива“, „родови индикатори“ и „родови цели“ во Законот за буџетите, невозможно е да се направи родова анализа на буџетските програми и потпрограми. Мерките и активностите преземени од надлежните институции не се доволни за да се обезбеди ефективно воспоставување на концептот на еднакви можности на жените и мажите во процесот на креирање и спроведување на политиките, следење на исполнувањето на целите на родово одговорното буџетирање во сите фази од циклусот на креирање политики: откривање и процена на проблемот, буџетирање, спроведување, следење и евалуација и исполнувањето на целите на Агендата за одржлив развој 2020-2030.[584]

581 „Еднаквост и елиминирање на стереотипите – во подготовка нов Закон за родова еднаквост“, Академик, 20 септември 2022, https://akademik.mk/ednakvost-i-eliminirane-na-stereotipite-vo-podgotovka-nov-zakon-za-rodova-ednakvost/.

582 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 24/2021, член 21.

583 „Битола добива Регионален советодавен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство“, службена интернет-страница на Општина Битола, 7 март 2022, https://bit.ly/3DQgun5.

584 Државен завод за ревизија, „Конечен извештај за извршена ревизија на успешност 'Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи'“, јуни 2022, https://dzr.mk/sites/default/files/2022-07/RU_Efektivnost_merki_Vlada_rodova_ednakvost_11_07_2022_F.pdf.

Сепак, беше направен чекор во добра насока на крајот на јули, кога Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година беше донесена, со што се воспостави сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на унапредување на родовата еднаквост и поддршка на жените. Со донесување на оваа стратегија, Република Северна Македонија се стреми кон унапредување на состојбата на родовата еднаквост во согласност со меѓународните стандарди, препораки и обврски, препознавајќи дека родовата еднаквост е еден од клучните аспекти за просперитет на целото општество. Дополнително, со прифаќањето на амандманите на предлог-законот за буџетите, ќе се овозможи вклучување на родовата перспектива во буџетите на органите на државната управа, со што тие ќе одговорат на потребите на сите граѓани.[585]

Балканскиот барометар за јавно мислење за 2022 година покажа дека насилството кон жените останува главна причина за загриженост во земјите на Балканот, по што следуваат предрасудите кон родовите

улоги во општеството и нееднаквоста на платите помеѓу мажите и жените. Меѓутоа, единствено во Република Северна Македонија помалку од половина од испитаниците (39%) одговориле дека насилството кон жените е итно прашање. Од друга страна, испитаниците од Албанија (36%) и Северна Македонија (31%) најмногу ги акцентирале предрасудите кон улогата на жените во општеството.[586]

Иако во полошкиот регион во декември минатата година беше отворен специјализиран центар за психолошко советување на жени жртви на семејно и родово базирано насилство во рамките на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, сепак овој регион останува единствен во Северна Македонија што нема ниту еден центар за згрижување или барем интервентен центар за жени жртви на семејно насилство.[587]

На почетокот на јули, организацијата „Хера“ најави дека четири нови гинеколошки ординации беа отворени во здравствените установи во четири македонски градови: Македонски Брод, Ресен, Радовиш и Делчево. Ординациите се резултат на соработката помеѓу „Хера“ и Центарот за семејна медицина со поддршка на јавното здравство и нудат бесплатни услуги за репродуктивното здравје за жените од овие региони, а особено за жените со попреченост, жените Ромки и жените од руралните средини.[588]

585 „МТСП: 'Изгласана Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година'“, службена интернет-страница на Министерството за труд и социјална политика, 27 јули 2022, https://bit.ly/3hvxlnQ.

586 АЦИТ Центар и ЕПИК Институт, „Балкански барометар – Аналитички извештај за јавното мислење 2022 година (BALKAN BAROMETER – 2022 Public Opinion Analytical report)“, јуни 2022, https://www.rcc.int/balkanbarometer/publications.

587 „Во полошкиот регион нема ниту еден шелтер-центар, жените – жртви на насилство се згрижуваат во другите градови“, Радио МОФ, 25 април 2022, https://bit.ly/3trwlhN.

588 „ХЕРА: Отворени четири нови гинеколошки ординации во Македонски Брод, Ресен, Радовиш и Делчево“, Радио МОФ, 4 јули 2022, https://bit.ly/3Uy-SWu9.

На 28 мај година, Денот на менструалната хигиена, активистите на Регионалната мрежа за родово одговорно буџетирање, Платформата за родова еднаквост и „Движење за менструален циклус од Скопје“ протестираа пред Министерството за финансии и поднесоа барања за намалување на ДДВ од 18 на 5% за менструалните производи со цел намалување на продажната цена и поттикнување на користењето на менструалните чаши преку субвенционирање на цената.[589]

На средината на јуни, Народниот правобранител ја поддржа кампањата на организацијата „Диверзиум“ за борба против онлајн-насилството врз жените, чија цел е да ги поддржи жените жртви на овој вид насилство и да ја подигне свеста кај жртвите дека не се обврзани да трпат насилство и дека треба да го пријават. Конечната цел на кампањата е да се поднесе иницијатива до Собранието, во која се предлага онлајн-насилството да се третира како посебен вид насилство во Кривичниот законик и да се предвиди кривична одговорност за сторителите.[590]

На панел-дискусија организирана од ХКЧП на средината на јули беше истакнато дека во текот на 2021 година, од 33 случаи на родово-базирано насилство, 26 биле жртви на семејно, две на сексуално насилство, три на силување и две на сексуално вознемирување. Анализата на овие случаи покажа непрофесионалност, контрадикторност и неизедначеност во постапувањето на дел од центрите за социјална работа, како и институционално непостапување во случаите на насилство извршено од поранешен партнер, непостапување на јавното обвинителство по кривична пријава за сторено родово базирано насилство и непостапување на МВР по добиени пријави за семејно насилство.[591]

Слична статистика покажува и Годишниот извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија за 2021 година, објавена од Македонското здружение на млади правници: дневните билтени на МВР покажаа дека во текот на претходната година регистрирани се вкупно 29 кривични дела против половата слобода и половиот морал, а од вкупниот број, 11 пријави се однесуваат на жени жртви.[592]

589 „Менструалната хигиена не е привилегија! – Протест пред Министерството за финансии“, службена интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 30 мај 2022, https://mhc.org.mk/news/rodova-ednakvost/menstrualnata-higiena-ne-e-privilegi-ja-protest-pred-ministerstvoto-za-finansii/.

590 „Народниот правобранител ја поддржа кампањата за борба против онлајн-насилството врз жените“, службена интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 13 јуни 2022, https://bit.ly/3TAxeok.

591 „Хелсиншки: Непрофесионално постапување по 33 случаи на родово-базирано насилство во 2021“, Радио МОФ, 13 јули 2022, https://www.radiomof.mk/helsinshki-neprofesionalno-postapuvanje-po-33-sluchai-na-rodovo-bazirano-nasilstvo-vo-2021/.

592 Македонско здружение на млади правници, „Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија – 2021 година“, декември 2021, https://bit.ly/3TXsOsU.

Постапувајќи по поднесена претставка против авторите и рецензентите на учебникот по Социологија за трета година реформирано гимназиско образование и против Министерството за образование и наука (МОН), КСЗД утврди продолжено и повеќекратно вознемирување врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана група и му препорача на МОН најдоцна во рок од шест месеци да го повлече од употреба спорниот учебник и во иднина да не одобрува употреба на учебници чијашто содржина врши вознемирување врз која било дискриминаторска основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација и ратификуваните меѓународни договори.[593] МОН формираше комисија за повлекување на спорниот учебник.[594]

Во март 2022 година, случајот „Јавна соба"[595] во беше решен во прв степен, при што сторителите добија четиригодишна затворска казна.[596] Граѓанските организации изразија длабоко незадоволство со начинот на решавање на случајот од страна на судот, кој определи затворска казна двапати помала од законски утврдената минимална казна.[597] Во јуни, во врска со предметот „Јавна соба", донесена е нова пресуда со која е санкционирано лице кое споделувало експлицитни фотографии од жртвата. Иако оваа пресуда е позитивен сигнал од страна на судовите, сепак измените на КЗ што беа најавени како решение за овој вид предмети сè уште се заглавени во Собранието.[598]

По пријавеното тепање и силување жена од Велес и запирање на постапката од страна на ОЈО Велес, бидејќи немало докази дека обвинетиот го извршил силувањето, ХКЧП и МЗМП реагираа на начинот на постапување по предметот од страна на надлежните органи.[599] Двете организации истакнаа дека целата истражна постапка и предистражна постапка била придружена со многу недоследности: жртвата не била третирана со посебно внимание и грижа од страна на органите кои учествуваат во постапката, морала повеќепати да ја прераскажува ситуацијата во која била нападната, а кога било направено полиграфското тестирање таа била под дејство на лекови. Сето ова во целина предизвикува двојна виктимизација за жртвата според овие организации.[600]

593 „КСЗД утврди продолжено и повеќекратно вознемирување во учебникот по социологија за трета година", службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 28 декември 2021, https://bit.ly/3E7C9r7>.

594 „МОН го повлекува спорниот учебник по социологија за втора година", Сител ТВ, 9 август 2022, https://sitel.com.mk/mon-go-povlekuva-sporniot-ucheb-nik-po-sociologija-za-vtora-godina.

595 Приватната група на апликацијата „Телеграм", во која се објавувани фотографии и лични податоци од жени со порнографски конотации, беше откриена на почетокот на 2021 година. Во јавноста случајот стана познат како „Јавна соба", кога жртвите на злоупотреба на социјалните мрежи алармираа за злоупотребата од следачи на социјалните мрежи, понижувачкото искуство за нив и недејствувањето на полицијата.

596 „Обвинетите за 'Јавна соба' добија по четири години затвор", Радио МОФ, 11 март 2022, https://www.radiomof.mk/obvinetite-za-javna-soba-dobi-ja-po-chetiri-godini-zatvor/.

597 Кривичен законик, „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 37/1996, член 193.

598 „Трнлив пат до правда за жртвите од 'Јавна соба'", Радио Слободна Европа, 9 јуни 2022, https://bit.ly/3WZmVx0.

599 „Реконструкција на постапувањето на органите на прогонот во случај со силување", 360 степени, 5 април 2022, https://bit.ly/3hlaA0h.

600 Исто.

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство имаше реакција во август, по повод случаите на семејно насилство во Гостивар, [601, 602] Неготино[603, 604] и Струмица[605, 606], кои го отворија прашањето како државата ги заштитува жените кои секојдневно трпат семејно и родово базирано насилство. Имено, граѓанските организации што се дел од Мрежата реагираа на непостапувањето од страна на надлежните институции во однос на жртвите, и покрај фактот дека Република Северна Македонија ја ратификуваше Истанбулската конвенција и донесе нов Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство на почетокот на 2021 година. Фемицидот на 46-годишната жена од Неготино ја дополнува поразителната статистика, според која повеќе од 80% од жртвите во земјата претходно не пријавиле насилство во надлежните институции.[607] Непријавувањето на насилството и несоодветното постапување на институциите во случаи со семејно и родово базирано насилство директно ја зголемуваат веројатноста насилството да кулминира со убиство, а од друга страна, високиот степен на недоверба во постапувањето на надлежните институции, вклучително и полицијата, центрите за социјална работа и правосудството, значително влијае граѓаните да бидат демотивирани да го пријават насилството. Според Мрежата, целокупниот систем за превенција и спречување на насилството не функционира и сериозно ја доведува во прашање целта на Истанбулската конвенција и Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство. Оваа реакција беше предизвикана од уште еден случај на институционално непостапување, овој пат од страна на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на Град Скопје во конкретен случај, каде што и по изминати четири месеци од пријавата поднесена од жртвата, не беа преземени никакви мерки на заштита од психолошкото семејно насилство што го врши нејзиниот сопруг, во форма на закани по живот, вознемирувачки пораки, демнење, стрес и секојдневни притисоци.[608]

---

601 27-годишна жена од Гостивар, мајка на малолетно дете, трпи семејно насилство од нејзиниот поранешен партнер пет години, и покрај тоа што уредно го пријавува во надлежните институции. Против сторителот, кој е полициски службеник, има шест активни кривични постапки, но патот до правдата за жртвата беше неуспешен, поради свесната одлука на судот да го заштити сторителот. Иако Основниот суд Гостивар изрекол ниски казни, несоодветни за стореното дело, друг проблем е што тие одлуки се постојано укинати од Апелациониот суд Гостивар, па сторителот останува неказнет, што придонесува за секундарна виктимизација за лицата кои пријавуваат семејно насилство.

602 „Апелациониот суд Гостивар итно да донесе судска пресуда со која ќе ја заштити Елена Јовицоска и ќе го осуди сторителот на семејно насилство", службена интернет-страница на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 5 август 2022, https://bit.ly/3GnCubU.

603 По расправија, мажот кој живеел во вонбрачна заедница со жена од Неготино, извршил семејно насилство врз неа, удирајќи ја повеќепати по главата и потоа ја турнал кон бањата, по што жртвата паднала и претрпела сериозни повреди, од кои паднала во кома и подоцна починала.

604 „Почина жената претепана од неготинецот со кој била во вонбрачна заедница, тој ќе се гони за потешко кривично дело", Слободен печат, 7 август 2022, https://bit.ly/3hDyeLe.

605 35-годишен маж од Струмица беше уапсен за семејно насилство откако ја нападнал неговата сопруга со остар предмет и го повредил нивниот малолетен син. „Уште еден случај на семејно насилство во Струмица", МКД, 7 август 2022, https://www.mkd.mk/crna-hronika/ushte-eden-sluchaj-na-semejno-nasilstvo-vo-strumica.

606 „Струмичанец ја нападнал сопругата со остар предмет, го повредил и малолетното дете", Фактор, 7 август 2022, https://faktor.mk/strumichanec-ja-napadnal-soprugata-so-ostar-predmet-go-povredil-i-maloletnoto-dete.

607 „Фемицидите се производ на молкот на општеството и недовербата во институциите", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 8 август 2022, https://bit.ly/3hCdTWG.

608 „Национална мрежа против насилство: Дали државата навистина ги штити жените жртви на семејно и родово базирано насилство", 24 Вести, 15 август 2022, https://bit.ly/3UGaFjx.

ХКЧП, во име на девојка која побарала правна помош, поднесе претставка до КСЗД против телевизиски водител за сексуално вознемирување врз основа пол и род од областа на јавното информирање и медиумите. Постапувајќи по оваа претставка, КСЗД донесе мислење со кое се утврдува сексуално вознемирување во епизода од неговата емисија, преку сексуална објективизација на изгледот на девојката, со што се нарушува нејзиното достоинство и се создава заканувачка, непријателска и понижувачка средина. Потоа, КСЗД даде препорака да ја отстрани конкретната епизода со горенаведената содржина и јавно да се извини во неговата емисија во рок од 30 дена по добивањето на мислењето и препораката, како и да се воздржи од прикажување содржини што предизвикуваат вознемирување во иднина.[609]

609 „Хелсиншкиот комитет за човекови права во јуни 2022 година, во име на девојка која побара правна помош, поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација против Сергеј Варошлија за сторено сексуално вознемирување врз основа на пол и род во областа на јавно информирање и медиуми", службена фејсбук-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 22 септември 2022, https://bit.ly/3GcX7aV.

# ГОВОР НА ОМРАЗА

Очекуваните измени на КЗ во делата од омраза го предвидуваат и делото омраза „врз основа на закон или ратификуван меѓународен договор“, поради борбата против говорот на омраза што спаѓа меѓу главните сегменти на билатералниот протокол што неодамна го потпишаа Бугарија и Северна Македонија. Со овие измени, говорот на омраза нема да премине во надлежност на дипломатијата, туку само надлежните институции ќе оценуваат што е говор на омраза и во таков случај, ќе постапат според законот и ова дело не треба да се поврзува единствено со Бугарија, како што објасни министерот за надворешни работи и министерот за правда.[610]

ХКЧП во 2021 година забележа висок број случаи со говор на омраза на социјалните медиуми – 877 пријави на порталот www.govornaomraza.mk, од кои 34% се случаи на говорот на омраза врз основа на етничка припадност, 33% се пријави врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, а петтина од пријавите се однесуваа на говорот на омраза поврзан со политичката припадност.[611]

Со извештај од следењето на онлајн-говорот на омраза против Ромите, спроведен од Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“ и Регионалното младинско здружение за образование на Ромите,[612] утврдено е дека најчесто онлајн-говорот на омраза против Ромите се јавува на „Фејсбук“. Дадена е препорака институциите да се запознаат со терминот „антициганизам“, како специфична форма на расизам против Ромите. Овој термин и официјално е прифатен од Владата во новата Стратегија за Ромите.[613]

Привремениот престој на припадниците на еврејската верска група „Лев Тахор“, кои во Северна Македонија пристигнаа од Босна и Херцеговина во февруари 2022 година, предизвика серија инциденти и го зголеми говорот на омраза. Иако МВР, односно Агенцијата за национална безбедност, објасни дека оваа група има регулиран привремен претстој во земјата[614] и дека не претставува никаква опасност за безбедноста на граѓаните во земјата, тоа не го спречи избивањето на омраза, која ја загрози безбедноста на припадниците на оваа група. Притисокот со кој се соочија

610 „Говорот на омраза ќе се суди само при најтешките форми“, Слободен печат, 26 јули 2022, https://www.slobodenpecat.mk/govorot-na-omraza-kje-se-sudi-samo-pri-najteshkite-formi/.

611 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за состојбата со човековите права во 2021 година“, 20 јуни 2022, https://bit.ly/3OOSy5s.

612 Регионално младинско здружение за едукација на Ромите – РРОМА и Институтот за истражување и анализа на политиките „Ромалитико“, „Македонски извештај од мониторинг на онлајн-говорот на омраза кон Ромите“, декември 2021, https://bit.ly/3DMSMb4.

613 „Одржана конференцијата 'Говор на омраза кон ромската заедница во онлајн-сферата како дел од антициганизмот'“, службена интернет-страница на Институтот за истражување и анализа на политиките „Ромалитико“, 18 февруари 2022, https://romalitico.org/index.php/en/vesti/93-news/press-releases/471-konferencija-govor-omraza-kon-romi-mediumi.

614 „Членовите на 'Лев Тахор' имаат привремен престој – власта повика на толеранција“, Радио Слободна Европа, 16 февруари 2022, https://bit.ly/3U13i5m.

припадниците на оваа верска група во Куманово, продолжи во Скопје,[615] каде што неколку хотели одбија да ѝ дадат сместување на групата,[616] а припадниците на групата јавно се пожалија дека полицијата повеќе била пречка отколку помош.[617]

На почетокот на април се одржа дводневен стручен состанок на телата за еднаквост на Албанија, Црна Гора и Северна Македонија во врска со борбата против говорот на омраза. Членовите на КСЗД ја претставуваа Северна Македонија, разговараа за предизвиците со кои се соочуваат земјите од Западен Балкан во борбата против говорот на омраза и разменија позитивни практики со другите земји за спроведување на европските стандарди. Така, беше нагласена важноста на формирање на широки сојузи во борбата против говорот на омраза и подигнување на свеста на населението на национално ниво, како и потребата од зајакнување на соработката со судовите на тема дискриминација со акцент на говорот на омраза како глобален проблем и закана за човековите права.[618]

На средината на јули, шарена клупа во училиштен двор, обоена во бои што личат на боите на виножитото, поттикна онлајн-говор на омраза и барања таа итно да биде обоена во друга боја, по што лицето именувано како „претседател на ЛГБТ-заедницата од Стојаково“ беше обвинето за боење на клупата, со што тоа стана мета на онлајн-говор на омраза и повикувања за физички напад. Директорката на училиштето потврди дека ова лице не е на ниеден начин поврзано со училишната клупа, а таа била обоена во рамките на реновирање на училиштето во декември 2021 година и боите воопшто не биле наменети да ја провоцираат пошироката јавност.[619]

## Дела од омраза

Во текот на 2021 година од страна на ХКЧП забележани се околу 80 настани поврзани со криминал од омраза, што е за 20% помалку во однос на претходната година. Најголемиот број од нив се поврзани со кривичното дело уништување имот и туѓи предмети и предизвикување омраза, раздор и нетрпеливост, а дополнително забележани се и делата насилство, загрозување на сигурноста, разбојништво и телесна повреда, сериозна закана и уништување симболи. Најголем дел од кривичните дела се мотивирани од политичката и етничката припадност на жртвата,

615 „Еврејската група од Куманово е префрлена во Скопје, МВР апелира на толеранција“, Телма ТВ, 15 февруари 2022, https://bit.ly/3zrCCD3.
616 „Неколку хотели во Скопје одбиле да ја примат еврејската група“, Фактор, 15 февруари 2022, https://bit.ly/3LHkwk4.
617 „Ксенофобијата не е инцидентна појава во нашето општество“, службена интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 16 февруари 2022, https://bit.ly/35MN38C.
618 „С. Македонија, Ц. Гора и Албанија заеднички против говорот на омраза“, службена интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 7 април 2022, https://bit.ly/3Ecpbse.
619 „Училишна шарена клупа во Стојаково предизвика навреди кон ЛГБТИ+ активист“, Радио МОФ, 13 јули 2022, https://www.radiomof.mk/uchilish-na-sharena-klupa-vo-stojakovo-predizvika-navredi-kon-lgbti-aktivist/.

а како други мотиви се нотираат и верската и религиозната определба, мигрантскиот статус и сексуалната ориентација.[620]

На седми мај, на градските гробишта во Тетово бил физички нападнат претседателот на „ЛГБТИ Јунајтед"[621]. Националната мрежа против хомофобија и трансфобија инсистираше на итно и темелно дејствување на органите за спроведување на законот и целосно решавање на овој случај.[622] Нападите врз претседателот на „ЛГБТИ Јунајтед" продолжија во текот на годината, со следен напад на почетокот на август во Струмица, каде што тој бил со волонтери од „ЛГБТИ Јунајтед" на јавен настан за промоција на нивната организација. Имено, возрасно машко лице почнало директно да му се заканува и да го навредува, а потоа му нанел телесни повреди, додека волонтерите избегале од страв. Националната мрежа против хомофобија и трансфобија го осуди нападот и побара од надлежните институции итно да го потврдат идентитетот и да го санкционираат сторителот на ова, според нив, дело од омраза.[623] По повторените напади против него, претседателот на „ЛГБТИ Јунајтед" одржа прес-конференција пред Владата, повикувајќи ги институциите итно да ги идентификуваат одговорните лица за физичките напади против него, а доколку не се случи тоа, тој изјави дека ќе кампува во зградата на Владата, бидејќи не се чувствува безбедно секој пат кога излегува надвор од дома.[624]

620 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за состојбата со човековите права во 2021 година", 20 јуни 2022, https://bit.ly/3OOSy5s.

621 „Вербално и физички нападнат активистот Беким Асани пред очите на неговата мајка", официјална интернет-страница на здружението „ЛГБТИ Јунајтед" – Тетово, 8 мај 2022, https://bit.ly/3ExJX7b.

622 „НМХТ: 'Итно да се пронајдат напаѓачите на Асани, институциите да не ги игнорираат делата од омраза'", службена интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 9 мај 2022, https://mhc.org.mk/news/nmht-itno-da-se-pronajdat-napagachite-na-asani-instituci-ite-da-ne-gignorira-delata-od-omraza/.

623 „Активистите бараат итна реакција за нападот на Асани од 'ЛГБТИ Јунајтед'", Радио МОФ, 10 август 2022, https://www.radiomof.mk/aktivistite-baraat-it-na-reakcija-za-napadot-na-asani-od-lgbti-junajted/.

624 „'Ако не се казнат луѓето кои ме нападнаа ќе поставам шатор во Владата за да бидам безбеден', вели ЛГБТИ-активистот Асани", Радио МОФ, 12 септември 2022, https://bit.ly/3AiwMUZ.

# ЛГБТИ+

Предлогот за измени и дополнувања на Законот за матична евиденција, со кој се предвидува процес за правно признавање на родот е наведен како клучен настан од 2021 година во Извештајот за основните права на Европската агенција за основни права за 2022 година.[625] Сепак, Владата го повлече предлог-законот за измена на Законот за матична евиденција,[626] еден ден пред да биде разгледан од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците. Веќе една година, пратениците и од позицијата и од опозицијата го држат нацрт-законот блокиран во собраниска постапка. Причината што Владата ја даде за повлекувањето на законот е дека тој треба да се финализира.[627] Национална мрежа за борба против хомофобија и трансфобија силно ја осуди одлуката на Владата да го повлече законот. Според Мрежата, Владата не ја исполнува нејзината обврска, која произлегува од пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Х против Северна Македонија за промена на родовиот маркери во матичната евиденција.[628]

На 20 април година, европратениците се обратија до Владата на Северна Македонија со писмо во врска со потребата од заштита на правото на транс и небинарните лица за правно признавање на родот во Законот за матична евиденција. Тие ја изразија својата загриженост во врска со повлекувањето на предлог-законот за матична евиденција и ја повикаа Владата да продолжи со напорите за решавање на проблемите истакнати од граѓанските организации што се заложуваат за правата на ЛГБТИК-лицата, како и да ги спроведе своите обврски согласно Европската конвенција за човекови права.[629]

Во ноември 2021 година интерпартиската група на ЛГБТИ-лица во собранието организираше тркалезна маса за законско признавање на родот, при што по првпат транс-лица зборуваа во собранието, споделувајќи ги нивните животни приказни.[630] Во дискусијата се вклучија пратениците, претставници на институциите, граѓански организации и транс-заедницата и едногласно заклучија дека е потребно донесување

625 Агенција на Европската унија за фундаментални права, „Национален придонес кон Извештајот на ФР за основните права за 2022 – Северна Македонија (Franet National contribution to the Fundamental Rights Report 2022 NORTH MACEDONIA)", 8 јуни 2022, https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fundamental_rights_report_2022-_north_macedonia_.pdf.

626 Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, „Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција", 19 ноември 2021, https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=71555.

627 „Повлечен владиниот предлог-закон за промена на полот со нотарска изјава", ТВ 24, 22 март 2022, https://bit.ly/3ra8FTQ.

628 „Мрежата за борба против хомофобија и трансфобија ја осудува Одлуката за повлекување на предлогот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција", 22 март 2022, https://bit.ly/3TPa5Pq.

629 „Писмо: Европратениците се обратија до владата на Северна Македонија во врска со правното признавање на родот и Закон за матична евиденција", службена интернет-страница на Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" – „Маргини", Скопје, 21 април 2022, http://coalition.org.mk/archives/12152.

630 Агенција на Европската унија за фундаментални права, „Национален придонес кон Извештајот на ФР за основните права за 2022 – Северна Македонија (Franet National contribution to the Fundamental Rights Report 2022 NORTH MACEDONIA)", 8 јуни 2022, https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fundamental_rights_report_2022-_north_macedonia_.pdf.

на предлог-законот за измена и дополнување на Законот за матичната евиденција во формата во која е предложен, а потоа да се работи на негова доследна имплементација.[631]

Платформата за истражувачко новинарство и анализи (ПИНА) спроведе неформално, анонимно истражување на 45 лица, од кои повеќето беа трансродови лица, како и поддржувачи на оваа заедница и заклучи дека мнозинството (78%) од транс-лицата сметаат дека нацрт-законот за правно признавање на полот значително ќе го подобри нивниот живот.[632]

Годинешната мапа и индекс на виножитото на ИЛГА-Европа, која ја рангира правната и политичката ситуација на ЛГБТИ-луѓето во 49 европски земји, открива дека во изминатите 12 месеци се забележани нови случувања во решавањето на недостатоците во однос на правата на ЛГБТИ-лицата, како и менување на стандардите, со што на државите им се дава основа врз која ќе можат да постигнат напредок. Во споредба со извештајот и мапата од претходната година, Северна Македонија останува на многу ниското 31 место (од вкупно 49), поради неприфаќањето на измените на Законот за матична евиденција, како и на Националниот акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ+ луѓето.[633]

Годинешната „Парада на гордоста Скопје", во организација на Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, се одржа на 25 јуни, под мотото „Излезете за љубов! Достоинство. Еднаквост. Правда".[634] Вториот дел од Викендот на гордоста Скопје се одржа од 15 до 17 септември, со цел да се создаде простор за презентирање и промовирање на ненормативните форми на светообразување, а под темата екстатични тела, која ги третира односите, афектите, идентитетските позиции, телесните стилови и сензибилитети обележани од хетеронормативниот, националистички и неолиберален капиталистички контекст, како квир, ексцентрични и неуспешни.[635]

631 „Тркалезна маса за правно признавање на родот во Собранието на Република Северна Македонија", службена интернет-страница на Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" – „Маргини", Скопје, 18 ноември 2021, http://coalition.org.mk/archives/11963.

632 „Законот за матична евиденција би ги подобрил животите на трансродовите луѓе", ПИНА, 11 мај 2022, https://bit.ly/3GiOI5Y.

633 „Се појави нова динамика во ЛГБТИ-правата низ Европа, открива виножитната мапа", службена интернет-страница на Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" – „Маргини", Скопје, 12 мај 2022, http://coalition.org.mk/archives/12162.

634 „Скопје Парада на гордоста 2022: На 25 јуни, Излезете за љубов! Shkupi Prajd 2022: Më 25 Qershor Dil Për Dashurinë!", службена интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 11 јуни 2022, https://bit.ly/3E8qmcc.

